# И З В Е Ш Т А Ј
## за работата на
## Собранието на Република Македонија
## за периодот
## 01.01/2013 - 31.12/2013

*Почитувани,*

*Пред вас е Извештајот за работата на Собранието на Република Македонија кој го опфаќа периодот од 1 јануари 2013 година до 31 декември 2013 година. Во овој извештај како и досега е користена стандардната методологија за сублимирање на информациите и е претставена позитивната тенденција во работата на Собранието на Република Македонија и натамошниот развој на парламентарната демократија. Извештајот е составен од синтетизирани детални информации за пленарните седници, за активностите на работните тела, за интензивната меѓународна соработка. Исто така, во извештајот се опфатени и информациите за работата на парламентарните групи и делегации на Собранието на Република Македонија и заедничките активности со меѓународните организации. Во него е вклучен и прегледот на активностите за обука и зајакнување на професионалниот капацитет на собраниската административна служба и информации поврзани со проектните и програмските активности на пратениците и службениците на планот на усогласувањето на домашната со европската легислатива.*

*Сакам да потсетам дека во периодот кој е опфатен со извештајот, Собранието на Република Македонија беше домаќин и ја организираше 10. Конференција на претседатели на парламенти на ПСЈИЕ, на која се направи значаен чекор за новата фаза во меѓусебна соработка на членките на ПСЈИЕ. На оваа конференција покрај документите и актите кои беа донесени, беше истакната и подготвеноста за формирање на Парламентарно собрание на ПСЈИЕ.*

*Во овој период, исто така го завршивме процесот на екипирање на Парламентарниот институт со вработување на сите 25 државни службеници, кои ќе бидат во функција на јакнење на парламентарната демократија во сите нејзини аспекти. Нивната работа и придонес ќе бидат особено значајни за сите пратеници во Собранието на Република Македонија и ќе бидат насочени кон развојот на Парламентарниот институт како посебна организациона единица која ќе обезбеди стручни и непристрасни истражувачки услуги.*

*Би сакал да истакнам дека, во периодот опфатен во овој извештај по петти пат од Европската комисија добивме препорака за добивање на датум за започнување на преговорите со Европската унија. Улогата и работата на Собранието на Република Македонија беше позитивно оценета, а зад овој успех стојат сите пратеници кои ја даваат поддршката до нашата заедничка цел - членство во НАТО и ЕУ.*

*На крај би сакал да го искажам моето задоволство дека од приложеното во извештајот може да видиме дека зад нас имаме една успешна година и би сакал тоа да е поттик за уште поголеми успеси во периодот што следи.*

***Претседател на Собранието***
***на Република Македонија***
***Трајко Вељаноски***

# СОДРЖИНА


**1. Вовед 2**
**2. Пратенички состав 4**
2.1. Промени во пратеничкиот состав 5
2.2. Промени во структурата на пратеничкиот состав 8
2.2.1 Етничка структура на пратениците по пратенички групи 8
2.2.2 Полова структура на пратениците по пратенички групи 8
2.2.3 Старосна структура на пратениците по пратенички групи 8
2.2.4 Образовна структура на пратениците по пратенички групи 8
**3. Пленарни седници на Собранието на Република Македонија 9**
3.1. Пленарни седници 10
3.1.1. Посебни седници 11
3.1.2 Присуство и учество на седниците 12
3.1.3. Одлучување и гласање 14
3.2 Разгледувани акти 15
3.2.1. Поставени акти на седница 15
3.2.2. Разгледани акти на седница 16
3.3. Закони 17
3.3.1. Донесени закони 22
3.3.2. Закони кои произлегуваат од НПАА и значат усогласување со право на ЕУ 37
3.3.3. Закони по редовна постапка 39
3.3.4. Донесени ратификации 49
3.3.5. Неприфатливи предлог закони 51
3.3.6. Повлечени закони 52
3.4. Одлуки 53
3.5. Други акти 60
3.5.1. Усвоени акти 60
3.5.2. Акти за усвојување 63
3.5.3. Неусвоени и повлечени акти 64
3.5.4 Само разгледани акти 66
3.6. Амандмани 67
3.7. Пратенички прашања 76
**4. Работни тела на Собранието на Република Македонија 78**
4.1. Постојани работни тела 79
4.2. Посебни работни тела 156
4.2.1. Комитет за односи меѓу заедниците 156
4.3. Совети 158
4.3.1. Совет на Собранискиот канал 158
4.3.2. Буџетски совет на Собранието 160
4.3.3. Национален совет за евроинтеграции 163
**5. Претседател и потпретседатели** 170
5.1. Претседател 171
5.2. Потпретседатели 180
**6. Меѓународна соработка 186**
6.1. Мултилатерална соработка 189
6.2. Билатерална соработка 198
6.3. Други меѓународни активности 199
**7. Одбележување на значајни настани во Собранието на РМ 202**
7.1. Меѓународна активност и протоколарни средби 203
7.2. Меѓународни конференции, манифестации, годишнини, свечености и семинари 203
7.3.Доделување на државни награди 204
7.4. Свечени изјави 205
**8. Јавност во работата на Собранието 206**
8.1. Собраниски ТВ канал 207
8.2. Електронска комуникација 209
8.3. Средства за јавно информирање 213
**9. Клуб на жени пратеници 216**
**10. Активности на невладини организации во Собранието на РМ 219**
10.1. Вестминстер фондација за демократија 220
10.2. Национален демократски институт НДИ 223
**11. Служба на Собранието на Република Македонија 228**
11.1. Внатрешна организација 229
11.1.1. Одделение за внатрешна ревизија 233
11.1.2. Одделение за управување со човечки ресурси 236
11.1.3. Парламентарен институт 241
11.2. Програма за волонтери 243
11.3. Податоци од стручно-административен карактер 244
**12. Прилози 248**
Прилог 1 Одржани седници 249
Прилог 2 Дневни редови на седници 251
Прилог 3 Меѓународни активности 281

# 2. ПРАТЕНИЧКИ СОСТАВ

# 2.ПРАТЕНИЧКИ СОСТАВ

## 2.1. ПРОМЕНИ ВО ПРАТЕНИЧКИОТ СОСТАВ

| реден број | име и презиме | пратеничка група | промени |
|---|---|---|---|
| 1. | Авировиќ Владанка | СПМ | |
| 2. | Адеми Џеват | ДУИ | |
| 3. | Алиу Имер | ДПА | |
| 4. | Алији Газменд | ДПА | |
| 5. | Анастасова Станка | СДСМ | |
| 6. | Ангелов Голупчо | СДСМ | |
| 7. | Андонов Миле | СДСМ | |
| 8. | Анова Сузана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 9. | Апостолов Ванчо | ВМРО-ДПМНЕ | 10.04.2013, избран за градоначалник, заменет со Дамески Панче |
| 10. | Ацевски Николче | НСДП | |
| 11. | Ахмети Али | ДУИ | |
| 12. | Бајрам Амди | Сојуз на Роми | |
| 13. | Бендевска Весна | СДСМ | |
| 14. | Бишевац Сафет | независен | |
| 15. | Бонева Силвана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 16. | Величковски Ивон | ЛП | |
| 17. | Вељаноски Трајко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 18. | Велјановски Митре | СДСМ | |
| 19. | Гошев Славе | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 20. | Георгиев Гордан | СДСМ | |
| 21. | Димитриевски Дарко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 22. | Димков Трајчо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 23. | Диневски Менде | СДСМ | |
| 24. | Деари Ирфан | ДУИ | |
| 25. | Дурмиши Рејхан | ПЕИ | |
| 26. | Додевски Милорад | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 27. | Демири Креци Фламуре | НДП | |
| 28. | Димовски Илија | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 29. | Дулиќ Благородна | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 30. | Ѓорѓиевски Веле | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 31. | Ѓорчев Владимир | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 32. | Затуроска Лилјана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 33. | Зекири Изет | НДП | 13.05.2013, оставка, заменет со Џелили Наџи |
| 34. | Ивановски Игор | СДСМ | |
| 35. | Исмаиљи Реџаил | ДУИ | |
| 36. | Ибраимовски Самка | ПЦЕР | |
| 37. | Ибраими Орхан | ДПА | |
| 38. | Иванова Цветанка | СДСМ | |
| 39. | Имери Дешира | ДУИ | |
| 40. | Илјази Садије | ДПА | |
| 41. | Јакимовска Светлана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 42. | Јовковска Ефтимова Дивна | СДСМ | |
| 43. | Јакупи Неџати | ДУИ | |
| 44. | Казанџиска Билјана | СДСМ | |
| 45. | Китаноски Илија | ВМРО-ДПМНЕ | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 46. | Кузмановска Лилјана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 47. | Карапетрова Светлана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 48. | Кузмановска Бети | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 49. | Коџобашиев Ѓорѓи | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 50. | Лашкоска Ане | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 51. | Љабеништа Арбен | ДУИ | 31.01.2013, оставка заменет со Рамизи Недим |
| 52. | Макрадули Јани | СДСМ | |
| 53. | Маџовски Диме | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 54. | Мехмети Ермира | ДУИ | |
| 55. | Мехмети Нуредини Вјолца | ДУИ | |
| 56. | Милошоски Антонио | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 57. | Матевска Дуза Цена | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 58. | Мисини Хајрула | ДУИ | |
| 59. | Мираковска Соња | НСДП | |
| 60. | Минчев Горан | СДСМ | |
| 61. | Мисовски Горан | НСДП | |
| 62. | Мисими Хајрије | ДУИ | |
| 63. | Муминовиќ Рафет | ДЛБМ | |
| 64. | Марачков Саве | СДСМ | |
| 65. | Мазгалоска Вучетиќ Светлана | СДСМ | |
| 66. | Мицевски Васко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 67. | Манчев Ристо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 68. | Милетиќ Драгиша | СНС | |
| 69. | Настевски Драган | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 70. | Николиќ Мазнева Косана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 71. | Николов Маријанчо | СДСМ | |
| 72. | Николовска Ленче | независен | |
| 73. | Николовски Александар | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 74. | Орцев Панче | СДСМ | |
| 75. | Поповска Лилјана | ДОМ | |
| 76. | Петковски Тито | НСДП | |
| 77. | Пачков Јордан | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 78. | Пепиќ Авдија | СДА | |
| 79. | Павловска Данева Ана | СДСМ | |
| 80. | Пашовски Васко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 81. | Пачемски Миле | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 82. | Павлова Елена | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 83. | Пемова Весна | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 84. | Пауновски Стојко | СДСМ | |
| 85. | Петров Андреј | СДСМ | |
| 86. | Пишев Васил | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 87. | Рашковска Марија | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 88. | Спасеновски Александар | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 89. | Станчевска Нада | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 90. | Стојменов Борислав | ВМРО-Мак. | |
| 91. | Салиу Сузана | ДУИ | |
| 92. | Савова Салковска Наташа | СДСМ | |
| 93. | Стоилковиќ Иван | ДПСМ | |
| 94. | Спасовски Оливер | СДСМ | |
| 95. | Стојановски Благоја | СДСМ | |
| 96. | Станковиќ Емилијан | СДСМ | |
| 97. | Стеванаџија Димитар | ВМРО-ДПМНЕ | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 98. | Ставров Борче | СДСМ | |
| 99. | Сугаревски Горан | СДСМ | |
| 100. | Села Зијадин | ДПА | 13.05.2013, избран за градоначалник, заменет со Ќоку Беким |
| 101. | Сарач Ердоган | ДНЕТ | |
| 102. | Саздов Павле | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 103. | Станковиќ Малиша | СПМ | |
| 104. | Трајанов Павле | ДС | |
| 105. | Трајановски Тони | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 106. | Трпковски Стефче | ВМРО-ДПМНЕ | 10.04.2013, избран за градоначалник, заменет со Рунчева Христина |
| 107. | Танчева Тулиева Надица | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 108. | Тачи Мендух | ДПА | |
| 109. | Тушева Маринела | СДСМ | |
| 110. | Томиќ Тања | СДСМ | |
| 111. | Тренов Ромео | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 112. | Узеири Ферати Мерал | ДПА | |
| 113. | Фазлиу Беким | ДПА | |
| 114. | Хасипи Кенан | ДПТМ | |
| 115. | Цаноски Фијат | ПЕИ | |
| 116. | Цуклев Драган | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 117. | Ципушева Нада | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 118. | Џолонга Михајло | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 119. | Џемајловски Мевмет | ПЕИ | |
| 120. | Џафери Талат | ДУИ | 18.02.2013 - избран за министер, заменет со Марку Јулијета |
| 121. | Шеќеринска Радмила | СДСМ | |
| 122. | Шокаровски Харалампие | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 123. | Шехаби Бехиџудин | ДУИ | |
| 124. | Рамизи Недим | ДУИ | 11.02.2013, наместо Љабеништа Арбен |
| 125. | Марку Јулијета | ДУИ | 10.04.2013, наместо Џафери Талат |
| 126. | Рунчева Христина | ВМРО-ДПМНЕ | 18.04.2013, наместо Трпковски Стефче |
| 127. | Дамески Панче | ВМРО-ДПМНЕ | 18.04.2013, наместо Апостолов Ванчо |
| 128. | Ќоку Беким | ДПА | 28.05.2013, наместо Села Зијадин |
| 129. | Џелили Наџи | НДП | 29.05.2013, наместо Зеќири Изет |

# 2.2. ПРОМЕНИ ВО СТРУКТУРАТА НА ПРАТЕНИЧКИОТ СОСТАВ

## 2.2.1. Етничка структура на пратеници

| година | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Срби | | Бошњаци | | Власи | | други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % |
| 2012 | 84 | 68% | 25 | 20% | 2 | 1,6% | 2 | 1,6% | 4 | 3,2% | 2 | 1,6% | 1 | 0,8% | 3 | 2,4% |
| 2013 | 84 | 68% | 25 | 20% | 2 | 1,6% | 2 | 1,6% | 4 | 3,2% | 2 | 1,6% | 1 | 0,8% | 3 | 2,4% |

## 2.2.2. Полова структура на пратеници

| година | мажи | | жени | |
|---|---|---|---|---|
| | бр. | % | бр. | % |
| 2012 | 83 | 67% | 40 | 33% |
| 2013 | 81 | 66% | 42 | 34% |

## 2.2.3. Старосна структура на пратеници

| пратеници | под 30 | | 30-39 | | 40-49 | | 50-59 | | 60-69 | | Над 70 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % |
| 2012 | 6 | 4,8% | 37 | 30% | 39 | 31,7% | 35 | 28,4% | 4 | 3,2% | 2 | 1,6% |
| 2013 | 3 | 2,4% | 31 | 25,2% | 46 | 37,5% | 37 | 30% | 4 | 3,2% | 2 | 1,6% |

## 2.2.4. Образовна структура на пратеници

| образование | средно | | вишо | | високо | | постдипломско | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр. | % | бр. | % | бр. | % | д-р | м-р | спец |
| 2012 | 6 | 5% | - | - | 117 | 95% | 14 | 3 | 13 |
| 2013 | 4 | 3,2% | 1 | 0,8% | 118 | 96% | 19 | 2 | 11 |

# 3. ПЛЕНАРНИ СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕТО

# 3.1. ПЛЕНАРНИ СЕДНИЦИ

Во овој период се одржани 30 седници од кои една остана незавршена со 13 преостанати точки (9 закони, една одлука, еден финансиски план, една програма и една национална стратегија). Исто така, во овој период е завршена и 47-та седница и се одржа едно продолжение од 45-та седница од 2012 година со 10 точки (4 закони, една информација и 5 автентични толкувања).




вкупно седници - 30

завршени - 29

незавршени - 1



## 3.1.1.ПОСЕБНИ СЕДНИЦИ

## Посебни седници во периодот 01.01.2013 – 31.12.2013

**Пратенички прашања - 8**

- 53 седница одржана на 31.01.2013 година;
- 61 седница одржана на 30.05.2013 година;
- 64 седница одржана на 28.06.2013 година;
- 68 седница одржана на 25.07.2013 година;
- 71 седница одржана на 19.09.2013 година;
- 76 седница одржана на 31.10.2013 година;
- 78 седница одржана на 28.11.2013 година и
- 81 седница одржана на 26.12.2013 година.

**Обраќања - 4**

- Претседателот на Парламентарното Собрание на Советот на Европа, господинот Жан Клод Мињон (63 седница, 11.06.2013 година);
- Спикерот на Сенатот на Канада, господинот Ноел Кинсела (70 седница, 04.09.2013 година);
- Лорд Спикерот на Горниот дом на Парламентот на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, Баронеса Д΄Соуза (73 седница, 25.09.2013 година) и
- Претседателот на Република Македонија, господинот Ѓорѓе Иванов (79 седница, 23.12.2013 година).

**Времетраење на седниците**

- Според бројот на работните денови најдолга седница на Собранието на Република Македонија е 74-та седница со десет работни дена (56 часа и 30 минути).
- Според вкупниот број на работни часови најдолга седница на Собранието на Република Македонија е 72-та седница со 65 часа и 15 минути.
- Според континуитетот најдолга седница на Собранието на Република Македонија е петтото продолжение на 77-та седница, која траела од 11,20 часот до 23,10 часот, или во континуитет 11 часа и 50 минути.
- Според вкупниот број на работни часови најкратка седница на Собранието на Република Македонија е 73-та седница која траела 10 минути.

## 3.1.2. ПРИСУСТВО И УЧЕСТВО НА СЕДНИЦИТЕ

| СЕДНИЦА | РАБОТНИ ДЕНОВИ | ВКУПНО ВРЕМЕТРАЕЊЕ |
|---|---|---|
| 45 седница | 1 | 20 минути |
| 47 седница | 1 | 25 минути |
| 52 седница | 6 | 23 часа и 20 минути |
| 53 седница | 1 | 5 часа и 40 минути |
| 54 седница | 3 | 16 часа и 10 минути |
| 55 седница | 5 | 12 часа и 20 минути |
| 56 седница | 1 | 3 часа и 40 минути |
| 57 седница | 1 | 2 часа и 30 минути |
| 58 седница | 1 | 2 часа и 15 минути |
| 59 седница | 1 | 15 минути |
| 60 седница | 3 | 12 часа и 05 минути |
| 61 седница | 1 | 5 часа и 45 минути |
| 62 седница | 3 | 13 часа и 35 минути |
| 63 седница | 1 | 40 минути |
| 64 седница | 1 | 6 часа |
| 65 седница | 2 | 5 часа и 35 минути |
| 66 седница | 2 | 11 часа и 30 минути |
| 67 седница | 1 | 2 часа и 10 минути |
| 68 седница | 1 | 5 часа и 55 минути |
| 69 седница | 3 | 14 часа и 35 минути |
| 70 седница | 1 | 30 минути |
| 71 седница | 1 | 6 часа |
| 72 седница | 9 | 65 часа и 15 минути |
| 73 седница | 1 | 10 минути |
| 74 седница | 10 | 56 часа и 30 минути |
| 75 седница | 5 | 36 часа и 05 минути |
| 76 седница | 1 | 6 часа и 50 минути |
| 77 седница | 7 | 47 часа и 20 минути |
| 78 седница | 1 | 3 часа и 50 минути |
| 79 седница | 1 | 35 минути |
| 80 седница | 9 | 63 часа и 45 минути |
| 81 седница | 1 | 6 часа и 25 минути |
| **вкупно: 32 седници** | **77 дена** | **480 часа** |

*Вкупниот број на денови на седници на Собранието изнесува 77.*
*Во текот на тие работни денови остварени се :*
*вкупно присуства: 7.790*
*вкупно отсуства: 1.674 од кои:*
*- оправдани 944*
*- неоправдани 730*

***Присуство на пратеници во денови кога Собранието одржувало седници***




****забелешка** Во табелата не влегуваат шесте пратеника на кои им престана мандатот и шесте нови пратеника поради непотполн број на присуства.*

***Двајца пратеници не присуствувале ниту на една седница на Собранието, додека осумнаесет пратеници присуствувале на сите седумдесет и седум дена кога заседавало Собранието.***

*Согласно со членот 26 ставови 2 и 4 од Законот за пратеници, Комисијата за прашања на изборите и именувањата донесе 44 решенија со кои на пратениците кои ја бојкотираа работата на Собранието на Република Македонија, им се утврди плата во висина од една третина од исплатената плата за декември 2012 година.*

# 3.1.3. ОДЛУЧУВАЊЕ И ГЛАСАЊЕ



# 3.2. РАЗГЛЕДУВАНИ АКТИ

## 3.2.1. ПОСТАВЕНИ АКТИ НА СЕДНИЦА

| седница | број на точки | закони | одлуки | уставни измени | информации | програми | извештаи | планови | автентични толкувања | завршни сметки | стратегии | деловник |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 45 | 7 | 1 | | | 1 | | | | 5 | | | |
| 47 | 3 | 3 | | | | | | | | | | |
| 52 | 60 | 47 | 7 | | | 1 | | | 4 | | 1 | |
| 54 | 49 | 42 | 6 | | | | | | | | | 1 |
| 55 | 34 | 16 | 13 | | | | 1 | 3 | | | 1 | |
| 56 | 1 | 1 | | | | | | | | | | |
| 57 | 1 | 1 | | | | | | | | | | |
| 58 | 33 | 23 | 8 | | | | | | 2 | | | |
| 59 | 2 | | 2 | | | | | | | | | |
| 60 | 51 | 36 | 2 | | | | 12 | 1 | | | | |
| 62 | 46 | 28 | 13 | | | 1 | 1 | | 3 | | | |
| 65 | 26 | 16 | 1 | | | | 3 | 1 | 5 | | | |
| 66 | 38 | 27 | 5 | | | | 6 | | | | | |
| 67 | 1 | 1 | | | | | | | | | | |
| 69 | 38 | 25 | 9 | | | | | | 4 | | | |
| 72 | 40 | 36 | 1 | 1 | | 1 | | | 1 | | | |
| 74 | 41 | 36 | 1 | | | | 1 | | 2 | 1 | | |
| 75 | 73 | 72 | 1 | | | | | | | | | |
| 77 | 128 | 119 | 9 | | | | | | | | | |
| 80 | 79 | 67 | 8 | | 1 | 1 | | 1 | | | 1 | |
| ВКУПНО | 751 | 597 | 86 | 1 | 2 | 4 | 24 | 6 | 26 | 1 | 3 | 1 |

## 3.2.2. РАЗГЛЕДАНИ АКТИ НА СЕДНИЦА




| реден број | А К Т | вкупно по дневен ред | донесени | неприфатливи | прво читање | второ читање | усвоени | неусвоени | неосновани | повлечени | само разгледани | неразгледани |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | закони | **597** | 349 | 7 | 217 | 2 | | | | 13 | | 9 |
| **2.** | одлуки | **86** | 83 | | | | | | | 2 | | 1 |
| **3.** | уставни измени | **1** | | | | | | 1 | | | | |
| **4.** | информации | **2** | | | | | | 1 | | 1 | | |
| **5.** | програми | **4** | 3 | | | | | | | | | 1 |
| **6.** | извештаи | **24** | | | | | 22 | | | | 2 | |
| **7.** | планови | **6** | 5 | | | | | | | | | 1 |
| **8.** | автентични толкувања | **26** | | | | | | | 26 | | | |
| **9.** | завршни сметки | **1** | 1 | | | | | | | | | |
| **10.** | стратегии | **3** | 2 | | | | | | | | | 1 |
| **11.** | деловник | **1** | 1 | | | | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | **751** | **444** | **7** | **217** | **2** | **22** | **2** | **26** | **16** | **2** | **13** |

# 3.3. ЗАКОНИ

## ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНИ

*Со донесувањето на новиот Деловник за работа на Собранието на Република Македонија на 18 јули 2008 година се усвои нова процедура во носењето на законите, односно сосема нова постапка, усогласена со правото на Европската унија, а пред се, усогласена со постапката на носење на законите во земјите членки на ЕУ.*

*Право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието, Владата и најмалку 10.000 избирачи (овластен предлагач на закон). Ако предлагач не е Владата, предлогот на законот се доставува до Владата на Република Македонија, заради давање на мислење. Но, тоа не значи дека без мислење на Владата не се разгледува предлогот на законот.*

*Иницијатива за донесување на закон до овластените предлагачи може да даде секој граѓанин, група граѓани, институции и здруженија.*

*Иницијативата упатена до Собранието се доставува до пратениците и за тоа се известува подносителот на иницијативата.*

*Предлогот на законот мора да биде подготвен во согласност со одредбите на Деловникот на Собранието на Република Македонија (член 135). Ако предлогот на законот не е подготвен согласно со одредбите на Деловникот на Собранието претседателот на Собранието пред да го достави до пратениците, ќе побара од предлагачот да го усогласи во рок од 15 дена. Ако предлагачот не го усогласи во наведениот рок се смета дека предлогот на законот не е поднесен.*

*Согласно со одредбите на Деловникот на Собранието на Република Македонија законите по правило се донесуваат во редовна постапка, но предлагачот може на Собранието да му предложи предлогот на законот да се донесе во скратена постапка. По исклучок, во Деловникот на Собранието е предвидена и можноста предлогот на законот да се донесе по итна постапка.*

### А) ПО РЕДОВНА ПОСТАПКА

Законодавната постапка на донесување на законот започнува со доставување на предлогот на законот до претседателот на Собранието на Република Македонија кој веднаш, а најдоцна во рок од три работни дена од денот на поднесувањето го доставува до пратениците (во писмена или електронска форма).

Откако предлогот на законот ќе се достави до пратениците во Собранието, најмалку 15 пратеници имаат право да поднесат барање, Собранието да одржи општ претрес. Ако вакво барање не се поднесе завршува првото читање.

**Прво читање**

Пред предлогот на законот да се претресе на седницата на Собранието го разгледува матичното работно тело (од гледна точка на потребата за донесување на законот, начелата врз кои се заснова законот, основните односи што се уредуваат со законот и начинот на кој се предлага нивното уредување) и Законодавно-правната комисија (од гледна точка на потребата од донесување на законот и неговата усогласеност со Уставот), во рок од три дена пред денот определен за одржување на седницата на Собранието.

Ако предлогот на законот содржи одредби со кои се ангажираат финансиски средства, предлогот на законот го разгледува и надлежното работно тело во чиј делокруг на работа спаѓаат прашањата на буџетот и финансиите (Комисијата за финансирање и буџет). Оваа Комисија го разгледува предлогот на законот од гледна точка на влијанието на овие одредби врз средствата со кои располага и можните извори за финансирање на предложените решенија.

Матичното работно тело и Законодавно-правната комисија подготвуваат извештаи во кои е содржано мислење дали предлогот на законот е прифатлив и дали треба да се даде на натамошно читање.

Потоа, предлогот на законот се разгледува на седница на Собранието каде што се одржува општа расправа. Собранието по општата расправа одлучува дали предлогот на законот е прифатлив и дали може да се даде на натамошно читање. Ако Собранието одлучи дека предлогот на законот е прифатлив и дека може да се даде на натамошно читање, односно на

второ читање, Собранието донесува заклучок со што започнува второто читање. Ако Собранието одлучи дека предлогот на законот не е прифатлив и дека не може да се даде на натамошно читање, законодавната постапка се прекинува и истиот предлог не може повторно да се поднесе во рок од три месеци.

**Второ читање**

Второто читање започнува со разгледување на предлогот на законот најпрвин во матичното работно тело и Законодавно-правната комисија во рок од седум работни дена по одржаната седница на Собранието. Матичното работно тело и Законодавно-правната комисија ги претресуваат одредбите од предлогот на законот поединечно и поднесените амандмани и гласаат по нив. Кога предлогот на законот се разгледува во второ читање можат да се поднесуваат амандмани.

Амандмани можат да поднесуваат пратениците, но и работните тела можат да поднесат свои амандмани. Амандманите до комисиите пратениците можат да ги поднесуваат најдоцна два дена пред денот определен за одржување на седниците на комисиите. За секој амандман се води претрес и се гласа одделно. Во случај кога со предлогот на законот се врши изменување или дополнување, амандмани можат да се поднесуваат само на членови кои со предлогот на законот се менуваат или дополнуваат.

Ако на седниците на матичното работно тело и на Законодавно-правната комисија се усвои амандман, тогаш матичното работно тело и Законодавно-правната комисија по завршување на претресот, а најдоцна во рок од пет дена подготвуваат дополнет предлог на закон (текст на предлогот на законот во кој се вградуваат усвоените амандмани) и образложение.

Второто читање на седница на Собранието се води само по оние членови од предлогот на законот што се изменети со амандмани на работните тела на и само на тие членови може да се поднесуваат амандмани. Амандмани можат да поднесуваат пратениците и предлагачот најдоцна во рок од три дена пред денот определен за одржување на седницата на Собранието. На седница на Собранието образложение на амандманот може да даде само подносителот на амандманот, односно еден од подносителите во времетраење од 3 минути.

Ако на седницата на Собранието се усвојат повеќе од 1/3 амандмани од членовите на дополнетиот предлог на закон, по завршување на второто читање се подготвува и правно-технички се уредува текстот на законот за трето читање. Ако пак се усвојат помалку од 1/3 од членовите на изменетиот предлог на закон, Собранието може да одлучи третото читање на предлогот на законот да се одржи на истата седница. Претседавачот на Собранието тогаш одлучува дали третото читање ќе се одржи веднаш по усвојувањето на одлуката. Но, ако на седницата на Собранието во текот на второто читање не се усвои ниту еден амандман се преминува на гласање по предлогот на законот во целина.

**Трето читање**

Третото читање на предлогот на законот по правило се одржува по завршување на второто читање на првата наредна седница на Собранието. Во оваа фаза работните тела на Собранието не расправаат.

Во текот на третото читање Собранието расправа и одлучува само по членовите на дополнетиот предлог на закон за кои се поднесени амандмани и одлучува за предлогот на законот во целина.

Амандмани може да поднесат предлагачот и пратеник најдоцна во рок од два работни дена пред денот определен за одржување на седницата на Собранието и тоа само на оние членови на кои биле усвоени амандманите во текот на второто читање на седницата на Собранието.

**Б) СКРАТЕНА ПОСТАПКА**

Предлагачот на предлогот на законот може да поднесе и на Собранието да му предложи, Собранието да расправа по предлогот на законот по скратена постапка во случај кога не е во прашање сложен и обемен закон кога со предлогот на законот се предлага престанок на важноста на некој закон или одделни одредби од некој закон и кога не се во прашање сложени или обемни усогласувања на законот со правото на Европската унија.

Собранието одлучува дали предлогот на законот треба да се рагледа по скратена постапка и ако одлучи да расправа, претседателот на Собранието веднаш го задолжува матичното работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по предлогот на законот.

Кога предлогот на законот се разгледува по скратена постапка не се одржува општ претрес. Второто и третото читање се одржуваат на иста седница. Во тој случај второто читање започнува со разгледување на предлогот на законот најпрвин во матичното работно тело и Законодавно-правната комисија, па потоа на седницата на Собранието. Амандмани до комисиите и до седницата на Собранието се поднесуваат до почетокот на седницата за второ читање на предлогот на законот. Додека амандмани на предлогот на законот за трето читање можат да се поднесуваат до почетокот на третото читање на предлогот на законот на седница на Собранието.

**В) ИТНА ПОСТАПКА**

По исклучок предлогот на законот може да се донесе и по итна постапка кога тоа е неопходно заради спречување и отстранување на поголеми нарушувања во стопанството или кога тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на Републиката или во случаи на поголеми природни непогоди, епидемии или други вонредни и неодложни потреби.

Предлогот на законот да се донесе по итна постапка, предлагачот е должен да го образложи. За оправданоста на предлогот, законот да се донесе по итна постапка одлучува Собранието без претрес. Ако Собранието одлучи да расправа по предлогот, законот да се донесе по итна постапка, се задолжуваат матичното работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по предлогот на законот.

Кога предлогот на законот се разгледува по итна постапка не се одржува општ претрес. Второто и третото читање се одржуваат на иста седница. Во тој случај второто читање започнува со разгледување на предлогот на законот најпрвин во матичното работно тело и Законодавно-правната комисија, па потоа на седница на Собранието. Амандмани до комисиите и до седницата на Собранието се поднесуваат до завршување на претресот по предлогот на законот на седниците на комисиите и на седницата на Собранието.

**Г) ПОСТАПКА ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ**

Предлог на закон за ратификација на меѓународни договори поднесува Владата со поднесување на предлог на закон за ратификација.

Предлогот на законот за ратификација го содржи текстот на меѓународниот договор чија ратификација се предлага. На текстот на меѓународниот договор не се вршат изменувања и дополнувања.

Одредбите од Деловникот на Собранието што се однесуваат на постапката за претресување на предлогот на законот по итна постапка, соодветно се применуваат и во постапката за претресување на предлогот на законот за ратификација на меѓународниот договор.

Законите за ратификација на меѓународните договори и изворниот текст на меѓународните договори се објавуваат во посебен дел на "Службен весник на Република Македонија"- меѓународни договори.

**Д) ПРИМЕНА НА ЧЛЕНОТ 157 ОД ДЕЛОВНИКОТ НА СОБРАНИЕТО**

Ако по предлогот на законот не е одржан општ претрес, претставниците на пратеничките групи на седницата на Собранието имаат право да го изнесат мислењето на својата пратеничка група во врска со предлогот на законот во траење од 10 минути.

**Ѓ) ПОТПИШУВАЊЕ И ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКОНИТЕ**

Претседателот на Собранието, веднаш по донесувањето, законот го доставува до претседателот на Републиката заради потпишување на указот за прогласување на законот. Ако претседателот на Републиката одлучи да не го потпише указот за прогласување на законот, Собранието повторно го разгледува законот во фаза на трето читање, во рок од 30 дена од денот на донесувањето на законот. При повторното разгледување на законот, амандмани можат да се поднесуваат само во врска со укажувањата на претседателот на Републиката.

Законите пред да влезат во сила се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија".

## РАЗГЛЕДУВАНИ ЗАКОНИ ПО СЕДНИЦА



## ВКУПЕН БРОЈ НА РАЗГЛЕДУВАНИ ТОЧКИ ПО ЗАКОНИ 597




## ДОНЕСЕНИ ЗАКОНИ 349



## 3.3.1. Донесени закони

По постапка




По предлагачи



ЛЕГЕНДА:

Закони донесени со двојно мнозинство (Бадентеров принцип)

| Реден број | АКТ | ПРЕДЛАГАЧ | ПОСТАПКА | СЕДНИЦА |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на природата | Влада | редовна | 52<br>21.01.2013 |
| 2. | Закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност | Влада | редовна | 52<br>21.01.2013 |
| 3. | Закон за изменување и дополнување на Законот за странците | Влада | редовна | 52<br>21.01.2013 |
| 4. | Закон за дополнување на Законот за матичната евиденција | Влада | редовна | 52<br>21.01.2013 |
| 5. | Закон за изменување на Законот за постапување по претставки и предлози | Влада | редовна | 52<br>21.01.2013 |
| 6. | Закон за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија | Влада | редовна | 52<br>21.01.2013 |
| 7. | Закон за изменување и дополнување на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај | Влада | редовна | 52<br>21.01.2013 |
| 8. | Закон за автокампови | Влада | редовна | 52<br>21.01.2013 |
| 9. | Закон за изменување и дополнување на Законот за агенциите за привремени вработувања | Влада | редовна | 52<br>21.01.2013 |
| 10. | Закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи | Влада | редовна | 52<br>21.01.2013 |
| 11. | Закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување | Влада | редовна | 52<br>21.01.2013 |
| 12. | Закон за изменување и дополнување на Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување | Влада | редовна | 52<br>21.01.2013 |
| 13. | Закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој | Влада | скратена | 52<br>23.01.2013 |
| 14. | Закон за изменување на Законот за јавните набавки | Влада | скратена | 52<br>23.01.2013 |
| 15. | Закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување | Влада | скратена | 52<br>23.01.2013 |
| 16. | Закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование | Влада | скратена | 52<br>23.01.2013 |
| 17. | Закон за студентскиот стандард | Влада | скратена | 52<br>23.01.2013 |
| 18. | Закон за изменување и дополнување на Законот за ученичкиот стандард | Влада | скратена | 52<br>23.01.2013 |
| 19. | Закон за изменување и дополнување на Законот за државните службеници | Влада | скратена | 52<br>23.01.2013 |
| 20. | Закон за изменување и дополнување на Законот за јавните службеници | Влада | скратена | 52<br>23.01.2013 |
| 21. | Закон за изменување на Законот за социјалната заштита | Влада | скратена | 52<br>23.01.2013 |
| 22. | Закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување | Влада | скратена | 52<br>23.01.2013 |
| 23. | Закон за дополнување на Законот за внатрешната пловидба | Влада | скратена | 52<br>23.01.2013 |
| 24. | Закон за дополнување на Законот за Владата на Република Македонија | Александар Николовски Илија Китановски | скратена | 52<br>23.01.2013 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **25.** | Закон за медицинските студии и континуираното стручно усовршување на докторите на медицината | Влада | скратена | 52<br>24.01.2013 |
| **26.** | Закон за изменување на Законот за здравственото осигурување | Влада | скратена | 52<br>24.01.2013 |
| **27.** | Закон за договорите за превоз во патниот сообраќај | Влада | редовна | 54<br>12.02.2013 |
| **28.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај | Влада | редовна | 54<br>12.02.2013 |
| **29.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации | Влада | редовна | 54<br>12.02.2013 |
| **30.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за водите | Влада | редовна | 54<br>12.02.2013 |
| **31.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за виното | Влада | редовна | 54<br>12.02.2013 |
| **32.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за сточарството | Влада | редовна | 54<br>12.02.2013 |
| **33.** | Закон за земјоделски задруги | Влада | редовна | 54<br>12.02.2013 |
| **34.** | Закон за изменување на Законот за културата | Влада | редовна | 54<br>12.02.2013 |
| **35.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство | Влада | редовна | 54<br>12.02.2013 |
| **36.** | Закон за заштита на децата | Влада | редовна | 54<br>12.02.2013 |
| **37.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност и здравје при работа | Влада | редовна | 54<br>12.02.2013 |
| **38.** | Закон за изменување на Законот за инвалидски организации | Влада | редовна | 54<br>12.02.2013 |
| **39.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за стандардизација | Влада | редовна | 54<br>12.02.2013 |
| **40.** | Закон за партиски истражувачко-аналитички центри | Позиција | редовна | 54<br>12.02.2013 |
| **41.** | Закон за дополнување на Законот за политичките партии | Позиција | редовна | 54<br>12.02.2013 |
| **42.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии | Позиција | редовна | 54<br>12.02.2013 |
| **43.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за субвенционирање на стамбен кредит | Влада | скратена | 54<br>12.02.2013 |
| **44.** | Закон за дополнување на Законот за експропријација | Влада | скратена | 54<br>12.02.2013 |
| **45.** | Закон за мирување и отпишување на обврски по основ на придонеси за задолжително здравствено осигурување кои настанале до крајот на 2008 година | Влада | скратена | 54<br>12.02.2013 |
| **46.** | Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за Проектот за подобрување на постоечката регионална и општинска патна мрежа, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта | Влада | скратена | 54<br>12.02.2013 |
| **47.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование | Влада | скратена | 54<br>12.02.2013 |
| **48.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование | Влада | скратена | 54<br>12.02.2013 |
| **49.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование | Влада | скратена | 54<br>12.02.2013 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **50.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за учебници за основното и средното образование | Влада | скратена | 54<br>12.02.2013 |
| **51.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за стручно образование и обука | Влада | скратена | 54<br>12.02.2013 |
| **52.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за научно-истражувачката дејност | Влада | скратена | 54<br>12.02.2013 |
| **53.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност | Влада | скратена | 54<br>12.02.2013 |
| **54.** | Закон за дополнување на Законот за просветната инспекција | Влада | скратена | 54<br>12.02.2013 |
| **55.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи | Влада | скратена | 54<br>13.02.2013 |
| **56.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност и здравје при работа | Влада | скратена | 54<br>13.02.2013 |
| **57.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште | Влада | скратена | 54<br>13.02.2013 |
| **58.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за градење | Влада | скратена | 54<br>13.02.2013 |
| **59.** | Закон за дополнување на Законот за шумите | Влада | скратена | 54<br>13.02.2013 |
| **60.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини | Влада | скратена | 54<br>13.02.2013 |
| **61.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за банките | Влада | редовна | 55<br>18.02.2013 |
| **62.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за надворешни работи | Влада | редовна | 55<br>18.02.2013 |
| **63.** | Закон за изменување на Законот за судии и јавни обвинители | И. Димовски<br>Б.Дулиќ | редовна | 55<br>18.02.2013 |
| **64.** | Закон за отпишување на камати на доспеани обврски по основ на придонеси од задолжително социјално осигурување | Влада | скратена | 55<br>19.02.2013 |
| **65.** | Закон за дополнување на Изборниот законик | Влада | итна | 56<br>26.02.2012 |
| **66.** | Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик | С. Бонева<br>В. Бендевска<br>Г. Мисовски<br>Н. Јакупи | итна | 57<br>02.03.2012 |
| **67.** | Закон за изменување на Законот за санација и реконструирање на дел од банките во Република Македонија | Влада | редовна | 58<br>10.04.2013 |
| **68.** | Закон за дополнување на Законот за денационализација | Влада | редовна | 58<br>10.04.2013 |
| **69.** | Закон за регулирање на дел од долгот кон Обединетата банка на Швајцарија | Влада | редовна | 58<br>10.04.2013 |
| **70.** | Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик | Влада | редовна | 58<br>10.04.2013 |
| **71.** | Закон за катастар на недвижности | Влада | редовна | 58<br>10.04.2013 |
| **72.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за пожарникарство | Влада | редовна | 58<br>10.04.2013 |
| **73.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање | Влада | редовна | 58<br>10.04.2013 |
| **74.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за домување | Влада | редовна | 58<br>10.04.2013 |
| **75.** | Закон за преземање на акционерските друштва | Влада | редовна | 60<br>13.05.2013 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **76.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост | Влада | редовна | 60<br>13.05.2013 |
| **77.** | Закон за изменување на Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија | Влада | редовна | 60<br>13.05.2013 |
| **78.** | Закон за воведување на систем на управување со квалитет и заедничка рамка за проценка на работењето и давањето услуги во државната служба | Влада | редовна | 60<br>13.05.2013 |
| **79.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за Бирото за развој на образованието | Влада | редовна | 60<br>13.05.2013 |
| **80.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за ѓубрива | Влада | редовна | 60<br>13.05.2013 |
| **81.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за производи за заштита на растенијата | Влада | редовна | 60<br>13.05.2013 |
| **82.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија | Влада | редовна | 60<br>13.05.2013 |
| **83.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за здравјето на растенијата | Влада | редовна | 60<br>13.05.2013 |
| **84.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за ловството | Влада | редовна | 60<br>13.05.2013 |
| **85.** | Закон за дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој | Влада | редовна | 60<br>13.05.2013 |
| **86.** | Закон за дополнување на Законот за основање на Државниот универзитет "Гоце Делчев" во Штип | Влада | скратена | 60<br>14.05.2013 |
| **87.** | Закон за изменување на Законот за основање на Универзитетот за информатички науки и технологии "Свети Апостол Павле" | Влада | скратена | 60<br>14.05.2013 |
| **88.** | Закон за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за Проектот за изградба на автопатот на Коридорот X, на делницата Демир Капија - Смоквица | Влада | скратена | 60<br>14.05.2013 |
| **89.** | Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за Проектот за изградба и инсталација на електронски систем за наплата на патарини долж Коридорот X, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта | Влада | скратена | 60<br>14.05.2013 |
| **90.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за возила | Влада | скратена | 60<br>14.05.2013 |
| **91.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерски систем и водење на трговски регистар и регистар на други правни лица | Влада | скратена | 60<br>14.05.2013 |
| **92.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва | Влада | скратена | 60<br>14.05.2013 |
| **93.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за радиодифузната дејност | Влада | скратена | 60<br>16.05.2013 |
| **94.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти | Влада | скратена | 60<br>16.05.2013 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **95.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања | Влада | редовна | 62<br>29.05.2013 |
| **96.** | Закон за дополнување на Законот за данокот на добивка | Влада | редовна | 62<br>29.05.2013 |
| **97.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште | Влада | редовна | 62<br>29.05.2013 |
| **98.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за шумите | Влада | редовна | 62<br>29.05.2013 |
| **99.** | Закон за иновациската дејност | Влада | редовна | 62<br>29.05.2013 |
| **100.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за градење | Влада | редовна | 62<br>29.05.2013 |
| **101.** | Закон за прибавување и размена на докази и податоци по службена должност | Влада | редовна | 62<br>29.05.2013 |
| **102.** | Закон за дополнување на Законот за прогласување на Преспанското Езеро за споменик на природата | Влада | редовна | 62<br>29.05.2013 |
| **103.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за надзор на пазарот | Влада | редовна | 62<br>29.05.2013 |
| **104.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за стечај | Влада | редовна | 62<br>29.05.2013 |
| **105.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика | Влада | редовна | 62<br>29.05.2013 |
| **106.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита | Влада | редовна | 62<br>29.05.2013 |
| **107.** | Закон за заштита од вознемирување на работно место | Влада | редовна | 62<br>29.05.2013 |
| **108.** | Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик | Влада | скратена | 62<br>31.05.2013 |
| **109.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за државните службеници | Влада | скратена | 62<br>31.05.2013 |
| **110.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за јавните службеници | Влада | скратена | 62<br>31.05.2013 |
| **111.** | Закон за престанување на важењето на Законот за адвокатски маркички | Влада | скратена | 62<br>31.05.2013 |
| **112.** | Закон за финансиска инспекција во јавниот сектор | Влада | скратена | 62<br>31.05.2013 |
| **113.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите | Влада | скратена | 62<br>31.05.2013 |
| **114.** | Закон за филмската дејност | Влада | скратена | 62<br>31.05.2013 |
| **115.** | Закон за изменување на Законот за земјоделското земјиште | Влада | скратена | 62<br>10.06.2013 |
| **116.** | Закон за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост | Влада | скратена | 62<br>10.06.2013 |
| **117.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита | Влада | скратена | 62<br>10.06.2013 |
| **118.** | Закон за прекинување на бременоста | Влада | скратена | 62<br>10.06.2013 |
| **119.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување | Влада | редовна | 65<br>26.06.2013 |
| **120.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за земање и пресадување на делови од човековото тело заради лекување | Влада | редовна | 65<br>26.06.2013 |
| **121.** | Закон за претворање на побарувањата на Република Македонија по основ на данок на додадена вредност, персонален данок на доход, данок на добивка и придонеси за пензиско и инвалидско осигурување во траен влог во Друштвото Фабрика за шински возила "Велес" ДООЕЛ - Велес | Влада | редовна | 65<br>26.06.2013 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **122.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување | Влада | редовна | 65<br>26.06.2013 |
| **123.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за Царинска тарифа | Влада | скратена | 65<br>01.07.2013 |
| **124.** | Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Преземен и изменет договор за заем за Проектот за подобрување на постојаната регионална и локална мрежа, кој ќе се склучи меѓу Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка и Јавното претпријатие за државни патишта | Влада | скратена | 65<br>01.07.2013 |
| **125.** | Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем наменет за дополнително финансирање на проектот "Ветерен парк Богданци" кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова - КфВ и АД ЕЛЕМ | Влада | скратена | 65<br>01.07.2013 |
| **126.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина | Влада | скратена | 65<br>01.07.2013 |
| **127.** | Закон за изменување на Законот за тутун и тутунски производи | Влада | скратена | 65<br>01.07.2013 |
| **128.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини | Влада | скратена | 65<br>01.07.2013 |
| **129.** | Закон за изменување на Законот за тутун и тутунски производи | Влада | итна | 67<br>10.07.2013 |
| **130.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка | Влада | редовна | 66<br>22.07.2013 |
| **131.** | Закон за изменување на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација | Влада | редовна | 66<br>22.07.2013 |
| **132.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за државната статистика | Влада | редовна | 66<br>22.07.2013 |
| **133.** | Закон за изменување на Законот за државните службеници | Влада | скратена | 66<br>23.07.2013 |
| **134.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за јавните службеници | Влада | скратена | 66<br>23.07.2013 |
| **135.** | Закон за изменување на Законот за земјоделското земјиште | Влада | скратена | 66<br>23.07.2013 |
| **136.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за квалитетот на земјоделските производи | Влада | скратена | 66<br>23.07.2013 |
| **137.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој | Влада | скратена | 66<br>23.07.2013 |
| **138.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за виното | Влада | скратена | 66<br>23.07.2013 |
| **139.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за судски такси | Влада | скратена | 66<br>23.07.2013 |
| **140.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост | М.Станковиќ<br>Р. Тренов<br>Е. Павлова<br>Н. Јакупи<br>С.Бонева<br>И. Димовски<br>П.Дамевски<br>Р. Исмаили<br>М.Рашковска<br>В. Авировиќ | скратена | 66<br>23.07.2013 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
-соработување со соодветни странски и меѓународни тела од областа на заштитата на слободите и правата на граѓаните и

-други прашања што се однесуваат на заштитата на слободите и правата на граѓанинот.

Комисијата не може да врши истражни или други судски функции.

Наодите на Комисијата се основа за поведување постапка за утврдување на одговорност на носителите на јавните функции.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **БЕКИМ ФАЗЛИУ,** претседател | |
| | **САДИЈЕ ИЛЈАЗИ ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Илија Димовски | |
| 2. | Лилјана Кузмановска | |
| 3. | Амди Бајрам | |
| 4. | Тони Трајановски | |
| 5. | Весна Бендевска | |
| 6. | Гордан Георгиев | |
| 7. | Ивон Величковски | |
| 8. | Сузана Салиу | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Сузана Анова | |
| 2. | Елена Павлова | |
| 3. | Васко Мицевски | |
| 4. | Јордан Пачков | |
| 5. | Сафет Бишевац | |
| 6. | Ана Павловска Данева | |
| 7. | Наташа Савова Салковска | |
| 8. | Хајрула Мисини | |

Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2013 година Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот не одржала седница

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | - |
| Вкупно разгледани точки | | - |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| **надзорни расправи** | | - |

# Комисија за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-почитување на правата и слободите, утврдени со Уставот и законите од страна на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање на граѓаните, претпријатијата и други правни лица,
-законитоста во спроведување на овластувањата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање од аспект на пречекорување на овластувањата преземање неовластени постапки, злоупотреба и други негативности во работењето, спротивно на нивните права утврдени со закон,
-методите и средствата што ги користат Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање од аспект на законитоста и почитувањето на правата на граѓанинот и други субјекти,
-материјалната, кадровската и техничката опременост на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање и
-други прашања што се однесуваат на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ГОРАН МИНЧЕВ,** претседател | |
| | **ИВОН ВЕЛИЧКОВСКИ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Илија Китановски | |
| 2. | Сузана Анова | |
| 3. | Трајчо Димков | |
| 4. | Славе Гошев | |
| 5. | Емилијан Станковиќ | |
| 6. | Фијат Цаноски | |
| 7. | Хајрула Мисини | |
| 8. | Имер Алиу | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Васко Пашовски | |
| 2. | Тони Трајановски | |
| 3. | Цена Матевска Дуза | |
| 4. | Дарко Димитриевски | |
| 5. | Неџати Јакупи | |
| 6. | Јани Макрадули | |
| 7. | Мевмет Џемајловски | |
| 8. | Орхан Ибраими | |

Во извештајниот период Комисијата за надзор над работата на Управата за базбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање одржа една седници на која беа разгледани вкупно шест точки на дневниот ред.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 1 |
| Вкупно разгледани точки | | 6 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 5 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | 1 |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за финансирање и буџет

**НАДЛЕЖНОСТИ:**
-системот на финансирање,
-Буџетот на Републиката,
-даноците, таксите, придонесите и други јавни давачки на граѓаните и правните лица,
-царинскиот систем,
-монетарно-кредитниот, банкарскиот и девизниот систем,
-платниот промет и ревизијата,
-заемите и кредитите,
-јавните набавки,
-системот на осигурување,
-сопственоста и други имотно-правни односи;
-стоковните резерви,
-игрите на среќа и
-други прашања што се однесуваат на финансирањето.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **МАРЈАНЧО НИКОЛОВ,** претседател | |
| | **ГОРАН МИСОВСКИ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Лилјана Кузмановска | |
| 2. | Нада Станчевска | |
| 3. | Владанка Авировиќ | |
| 4. | Ѓорѓи Коџобашиев | |
| 5. | Борислав Стојменов | |
| 6. | Светлана Карапетрова | |
| 7. | Миле Андонов | |
| 8. | Стојко Пауновски | |
| 9. | Ленче Николовска | |
| 10. | Недим Рамизи | |
| 11. | Јулијета Марку | |
| 12. | Имер Алиу | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Драган Цуклев | |
| 2. | Васил Пишев | |
| 3. | Илија Китановски | |
| 4. | Драган Настески | |
| 5. | Ромео Тренов | |
| 6. | Неџати Јакупи | |
| 7. | Реџаиљ Исмаили | |
| 8. | Самка Ибраимовски | |
| 9. | Панче Орцев | |
| 10. | Борче Ставров | |
| 11. | Беким Фазлиу | |
| 12. | Наџи Џелили | |

Комисијата за финансирање и буџет е постојано работно тело на Собранието на Република Македонија која е основана со Одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија (Службен весник на Република Македонија" број 91/11).

Комисијата за финансирање и буџет во периодот од 1 јануари до 31 декември 2013 година одржа 41 седница со вкупно 113 точки на дневен ред и тоа: 39 предлози на закони во прво читање, 32 предлози на закони во второ читање, 30 предлози на закони во скратена постапка, еден Предлог на Буџет на Република Македонија за 2014 година, еден Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2013 година, една Завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за 2012 година, 8 извештаи и еден Финансиски план на Агенцијата за супервизија на осигурување на Република Македонија за 2013 година.

Комисијата посебно внимание посвети при разгледувањето на предлозите на законите од областа на задолжувањето кај меѓународни финансиски институции, односно за давање на гаранции за задолжување. Во оваа насока посебно треба да се нагласат:

-Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за Проектот за подобрување на постоечката регионална и општинска патна мрежа, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта. Основната цел на Проектот е подобрување на квалитетот на патната инфраструктура во Република Македонија и намалување на

трошокот за пристап на општините во Република Македонија до пазарите и услугите. Средствата од овој проект се поделени подеднакво за регионални патишта и за општински патишта;

-Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за Проектот за изградба и инсталација на електронски систем за наплата на патарини долж Коридорот X, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта. Со реализација на Проектот за изградба и инсталација на електронски систем за наплата на патарини долж Коридорот X ќе се модернизира системот за наплата на патарини преку инсталација на електронски систем за наплата на патарини на пет постоечки станици за наплата на патарина долж Коридорот X (Романовце, Петровец, Сопот, Отовица и Градско) и изградба и опремување на четири нови станици за наплата на патарина. Со тоа, ќе се подобри наплатата на патарините во функција на зголемување на обемот на приходи на ЈП за државни патишта и нивно користење за подобрување на нивото на одржување на патната мрежа во државата;

-Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем, наменет за дополнително финансирање на проектот "Ветерен парк Богданци", кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова - КфВ и АД ЕЛЕМ. Со реализација на Проектот "Ветерен парк Богданци" ќе се обезбеди искористување на ветрот како обновлив извор на енергија преку изградба на ветерни електрани со кои ќе се постигне годишно производство на 100 GWh природно одржлива енергија. Со тоа ќе се прошират изворите за снабдување со енергија и ќе се овозможи вклопување на обновливите извори на енергија во националната мрежа;

-Законот за задолжување на М-НАВ АД Скопје со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем по Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација-втора фаза без државна гаранција. Со реализација на овој Проект се очекува зголемување на капацитетот на летови на годишно ниво во воздухопловно информативниот регион Скопје, зголемување на капацитетот на дневни летови, генерирање зголемени приходи, автоматизирање на дел од АТМ процесите и намалување на трошоците со редуцирање на потребата од човечки ресурси, намалување на загадувањето на животната средина од емисија на штетните гасови од воздушниот сообраќај, оптимизација на текот на сообраќајот, намалување на временските загуби и времето на патување, како и подобрување на имиџот на компанијата како модерен европски центар за давање на услуги во воздушната пловидба;

-Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за "Проект за изградба на автопат - делница Миладиновци-Штип", кој ќе се склучи меѓу Експорт- импорт банката на Кина и ЈП за државни патишта. Со реализација на овој Проект значително ќе се подобрат транспортните врски со источниот дел на државата. Автопатската врска ќе обезбеди високо ниво на услуги, вклучувајќи сигурен, брз и безбеден сообраќај. Проектот ќе има директно влијание на зголемување на вработеноста и економскиот раст и ќе влијае на намалување на трошоците за

пристап до пазарите и услугите на сите оние кои го користат овој магистрален пат;

-Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за "Проект за изградба на автопат - делница Кичево - Охрид", кој ќе се склучи меѓу Експорт- импорт банката на Кина и ЈП за државни патишта;

-Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за проектот "Модернизација на блок 1 во ТЕ Битола", кој ќе се склучи меѓу Дојче банка и АД ЕЛЕМ. Основна цел на овој Проект е ревитализација на ТЕ Битола, која е главниот енергетски извор на земјата. Со ревитализација и модернизација на електраната ќе се намали емисијата на штетни гасови, ќе се продолжи работниот век и ќе се зголеми ефикасноста на постројката. Реализација на Проектот ќе влијае на намалување на увозот на електрична енергија, со што на подолг рок ќе се обезбеди стабилност на националниот електроенергетски систем;

-Законот за задолжување на АД МЕПСО со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем по Проектот "Ревитализација и модернизација на преносната мрежа и управување со електроенергетскиот систем" без државна гаранција. Реализацијата на овој Проект го сочинуваат неколку компоненти и тоа: ревитализација на далекуводи постари од 40 години, далечинско следење, видео надзор, управување и прилагодување на трафостаници, функционално затворање на оптичката мрежа во рамките на преносната мрежа и изработка на модел за максимално искористување и ревитализација на трафостаници;

-Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Финансискиот договор за обезбедување на заем, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти - IV фаза, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Македонската банка за поддршка на развојот. Целта на Проектот е обезбедување на свеж капитал за малите и средни претпријатија и ублажување на последиците од кризата врз овој сегмент од реалниот сектор, поддршка на нови проекти, нови вработувања, зголемена ликвидност на стопанството и зголемен извоз;

-Законот за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договорот за заем за Проектот за развој на вештини и иновации. Проектот за развој на вештини и иновации е во функција на подобрување на транспарентноста и квалитетот на образованието и зголемување на капацитетот за иновации во Република Македонија.

Комисијата, исто така, го разгледа Предлогот на законот за мирување и отпишување на обврски по основ на придонеси за задолжително здравствено осигурување кои настанале до крајот на 2008 година. Основна цел на Законот е да се овозможат услови за мирување и отпишување на на обврските по основ на придонеси за задолжително здравствено осигурување кои настанале до крајот на 2008 година кои се акумулирани во изминатиот период и кои претставуваат значително оптоварување во работењето на деловните субјекти. Предложеното законско решение е во функција на закрепнување на стопанството во услови на економска криза.

На една од своите седници, Комисијата го разгледа Предлогот на законот за отпишување на камати на доспеани обврски по основ на придонеси од задолжително социјално осигурување. Основна цел на предложеното законско решение е ублажување на последиците од економската криза врз стопанството и постигнување на позитивни ефекти во функција на редовно намирување на обврските по основа на придонеси од задолжително социјално осигурување.

Комисијата разгледа и предлози на закони со кои се претвораат побарувањата по основ на јавни давачки на јавните претпријатија во траен влог на државата и тоа:

-Законот за претворање на побарувањата на Република Македонија по основ на данок на додадена вредност, персонален данок на доход, данок на добивка и придонеси за пензиско и инвалидско осигурување во траен влог во Друштвото Фабрика за шински возила "Велес" ДООЕЛ - Велес. Со предложеното законско решение ќе се овозможи финансиска консолидација на Друштвото, ќе се зголеми капиталот и ќе се обезбеди ефикасност во неговото работење;

-Законот за претворање на побарувањата на Република Македонија по основ на данок на додадена вредност, данок од добивка, персонален данок на доход, придонеси за пензиско и инвалидско осигурување како и камати и споредни даночни давачки и обврски по основ на денарски кредити во траен влог во Јавно претпријатие за стопанисување со шуми "Македонски шуми". Предложеното законско решение е во функција на обезбедување на стабилно финансирање на претпријатието и истото ќе овозможи финансиска консолидација на Јавното претпријатие по пат на конверзија на побарувањата на Република Македонија во траен влог и

-Законот за претворање на побарувањето на Република Македонија по основ на јавни давачки во траен влог во друштвото Тутунски Комбинат АД Прилеп. Целта на преложеното законско решение е да се обезбеди непречено вршење на дејноста и финансиска стабилност на Тутунски комбинат АД Прилеп.

Комисијата го разгледа Предлогот на законот за преземање на акционерските друштва. Основна цел на овој закон е усогласување на постојната законска регулатива со Директивата 2004/25/ЕЗ на Европската унија, а со цел за воспоставување на јасни и транспарентни правила при преземање на акционерските друштва.

На една од своите седници, Комисијата го разгледа и Предлогот на законот за финансиската инспекција во јавниот сектор. Основна цел на законското решение е да се уреди работењето на финансиската инспекција во јавниот сектор, како централизираната еџ пост финансиска контрола, да се допрецизира регулативата за јавни финансии во делот на заштита на јавните финансиски интереси и преземање на мерки против сторителите на прекршоци и издвојување на функцијата на внатрешната ревизија од функцијата на финансиската инспекција. Изградбата на сеопфатен систем на внатрешни финансиски контроли во јавниот сектор, ќе овозможи воведување на стабилно финансиско управување со јавните средства.

Комисијата го разгледа и Законот за финансиска дисциплина. Целта на законското решение е да се уреди навременото исполнување на паричните обврски кои произлегуваат од реализација на деловните договори меѓу економските оператори од приватниот сектор и меѓу субјектите од јавниот сектор и економските оператори од приватниот сектор. Предлогот на законот ќе се применува во деловните трансакции меѓу економските оператори од приватниот сектор, односно меѓу субјектите од јавниот сектор и економските оператори од приватниот сектор, согласно кои едната страна се обврзува да обезбеди стоки или услуги, а другата страна се обврзува да ги исполни паричните обврски кои произлегуваат од деловната трансакција.

Комисијата, исто така, го разгледа и Законот за финансиската полиција. Со овој закон нормативно правно се уредуваат полициските работи, организацијата на финансиската полиција, полициските овластувања и правата и обврските што произлегуваат од работниот однос на финансиските полицајци и другите вработени во Финансиската полиција.

Имајќи ја в предвид својата надлежност Комисијата посебно внимание посвети на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2013 година и Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2014 година. При нивното разгледување беа искажани многубројни мислења, ставови, констатации, забелешки и предлози во однос на вкупниот обем на Буџетот, изворите на приходите, распределбата на средствата, односно структурата на расходите.

Комисијата ја разгледа Завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2012 година. При нејзиното разгледување беа изнесени бројни предлози, мислења, забелешки, коишто треба да се имаат в предвид при изготвување на наредните буџети.

Согласно со Законот за државната ревизија, Собранието го разгледува Годишниот извештај за работата на Државниот завод за ревизија. Имајќи ја в предвид оваа законска одредба Комисијата го разгледа Годишниот извештај за работењето и извршените ревизии на Државниот завод за ревизија за 2012 година и му предложи на Собранието на Република Македонија да усвои заклучоци по истиот.

Комисијата за хартии од вредност е регулаторно тело со специфичен домен на овластување кое го регулира и контролира пазарот на хартии од вредност. Согласно со Законот за хартии од вредност Комисијата го доставува Годишниот извештај за своето работење до Собранието на усвојување. Имајќи ја предвид оваа законска одредба Комисијата за финансирање и буџет го разгледа Извештајот на Комисијата за хартии од вредност за 2012 година и му предложи на Собранието истиот да го усвои. При неговото разгледување се изнесоа предлози во функција на поттикнување на акционерските друштва што е можно повеќе да ја користат берзата како место за пласирање и обезбедување на капитал.

Комисијата ги разгледа и Финансискиот план на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2013 година, Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување во 2012 година, Финансиските извештаи на

Агенцијата за супервизија на осигурување за 2012 година и Годишниот извештај на Агенцијата за супервизија на осигурувањето за состојбата и движењета на пазарот на осигурување во Република Македонија во 2012 година.

На една од своите седници, Комисијата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2012 година. Комисијата има надлежност за решавање на жалби во посталките за доделување на договори за јавни набавки и одлучува за законитоста на дејствијата, како и на одлуките како поединечни правни акти донесени во постапките за јавните набавки.

Комисијата го разгледа Годишниот извештај за работењето на Народната банка на Република Македонија во 2012 година и Извештајот на Народната банка на Република Македонија за банкарскиот систем во Република Македонија во 2012 година. На седница на Комисијата присуствуваше гувернерот кој ги презентираше годишните извештаи и ја информираше Комисијата во врска со работењето на Народната банка.

На барање на Европската комисија Комисијата за финансирање и буџет оствари средба со претставник на мисијата СИГМА/ОЕЦД. Целта на средбата беше проценка на напредокот во реформите и состојбата во областа на јавните финансии која ќе се користи за подготовка на Годишниот извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија.

Во изминатиов период Комисијата разгледуваше и други предлози на закони кои се во нејзина надлежност.

**Меѓународна активност**

Делегација на Собранието на Република Македонија во состав г. Марјанчо Николов, претседател на Комисијата за финансирање и буџет, г-ѓа Владанка Авировиќ, претседател на Комисијата на економски прашања и г. Хајрула Мисини, претседател на Комисијата за европски прашања на 1 и 2 јуни 2013 година учествуваше на Регионалната конференција за Западен Балкан на тема "Политиката на конкурентност" која се одржа во Црна Гора. Конференцијата беше организирана од страна на Вестминстер фондацијата за демократија. На конференцијата беа претставени регионалните прегледи на политиката за конкуренција во земјите од Западен Балкан од страна на регионални експерти, при што беше укажано на потребата од развивање на мрежата на парламентарните комисии за економија и финансии и комисиите за европски прашања во насока на зајакнување на улогата на Парламентите и Владите во промовирањето на конкуренцијата и економскиот раст во земјите од регионот.

Во дискусијата Македонската делегација истакна дека не може да се зборува за конкуренција во државите од Западен Балкан изолирано од процесот на државната помош, бидејќи овие два процеса се поврзани и заемно се дополнуваат. Овој предлог беше поддржан и од останатите учесници на конференцијата со заклучок на една од следните конференции во рамките на овие состаноци да се расправа и за државната помош во државите опфатени во оваа мрежа.

Во рамките на Регионалната конференција, која се одржа од 11 до 13 октомври 2013 година во Охрид, Република Македонија, во организација на Вестминстер фондацијата, свое учество имаше Делегација на Собранието на Република Македонија во состав г. Марјанчо Николов, претседател на Комисијата за финансирање и буџет, г-ѓа Владанка Авировиќ, претседател на Комисијата за економски прашања, г. Хајрула Мисини, претседател на Комисијата за европски прашања и пратениците г. Гордан Георгиев и г-ѓа Христина Рунчева, членови на Комисијата за европски прашања. Конференцијата беше дел од активностите на Регионалната парламентарна мрежа на Комисиите за финансирање и буџет, економски прашања и европски интеграции на која се дискутираше за парламентарниот надзор за ИПА фондовите.

Претседателот на Комисијата за финансирање и буџет г. Марјанчо Николов и претседателот на Комисијата за економски прашања г-ѓа Владанка Авировиќ учествуваа на Конференција на тема "Односите помеѓу Врховните ревизорски институции и Парламентите на земјите кандидати и потенцијални кандидати за членство во ЕУ" што се одржа на 18 и 19 ноември 2013 година во Пржно, Црна Гора. На Конференцијата се дискутираше за улогите и одговорностите на парламентите, владите и врховните ревизорски институции во надзорот и контролата на трошењето на јавните финансиски средства и се изнесоа искуствата во градењето на конструктивни и одржливи односи меѓу парламентите и ревизорските институци.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 41 |
| Вкупно разгледани точки | | 113 |
| **Поднесени амандмани** | | **16** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 101 |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 39 |
| | 2 читање | 32 |
| | скратена и итна | 30 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 3 |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 9 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **надзорни расправи** | | - |

# Комисија за економски прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**
-производство и трговија,
-минерални суровини и енергетика,
-туризам, угостителство и занаетчиство,
-надворешно-трговско работење,
-странски вложувања,
-сопственичка трансформација,
-мерки против монополска положба и монополско однесување на пазарот,
-заштита на потрошувачите,
-јавни претпријатија,
-концесии,
-побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја,
-статистика и
-други прашања што се однесуваат на економскиот систем.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ВЛАДАНКА АВИРОВИЌ,** претседател | |
| | **МАЛИША СТАНКОВИЌ** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Васил Пишев | |
| 2. | Нада Станчевска | |
| 3. | Борислав Стојменов | |
| 4. | Драган Цуклев | |
| 5. | Миле Андонов | |
| 6. | Стојко Пауновски | |
| 7. | Марјанчо Николов | |
| 8. | Николче Ацевски | |
| 9. | Јулијета Марку | |
| 10. | Газменд Алији | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Панче Дамески | |
| 2. | Милорад Додевски | |
| 3. | Авдија Пепиќ | |
| 4. | Ристо Манчев | |
| 5. | Ленче Николовска | |
| 6. | Горан Минчев | |
| 7. | Ердоган Сарач | |
| 8. | Реџаиљ Исмаили | |
| 9. | Беким Ќоку | |
| 10. | Наџи Целили | |

Комисијата за економски прашања е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија донесена на 26 јуни 2008 година ("Службен весник на РМ" број 77/2008, 144/2008 и 147/2008) со која е определен претседателот, десет члена на Комисијата, нивни заменици, како и надлежностите на Комисијата.

Во извештајниот период Комисијата за економски прашања одржа дваесет и една седница. На седниците беа разгледани вкупно 67 точки на дневен ред од областа на економскиот систем.

Комисијата за економски прашања во периодот од 1 јануари до 31 декември 2013 година разгледа 31 предлози на закони во прво читање, 26 предлози на закони во второ читање, шест предлози на закони по скратена постапка, два годишни извештаи, еден предлог на финансиски план и една предлог на одлука.

Комисијата за економски прашања на своите седници ги разгледа следните закони од економскиот систем:

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за стандардизација;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за минералните суровини;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за надзор на пазарот;
- Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за стечај;
- Предлог на закон за заклучување на стечајните постапки отворени согласно Законот за присилно порамнување стечај и ликвидација и Законот за стечај;
- Предлог на Закон за вонсудско порамнување;
- Предлог на закон за изменување и дополнуање на Законот за едношалтерскиот систем и водење на трговскиот регистер на други правни лица;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државната статистика;
- Предлог на закон за индустриски - зелени зони;
- Предлог на закон за изменување на Законот за јавните претпријатија;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Државниот пазарен инспекторат;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за туристичката дејност;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија;
- Предлог на закон за изменување на Законот за заштита на потрошувачите;
- Предлог на закон за изменување на Законот за угостителска дејност;
- Предлог на закон за изменување на Законот за градежните производи;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на производите;
- Предлог на закон за изменување на Законот за вршење на занаетчиска дејност;
- Предлог на закон за изменување на Законот за возила;
- Предлог на Закон за изменување на Законот за контрола на предметите од скапоцени метали и
- Предлог на закон за изменување на Законот за метрологијата.

Во извештајниот период Комисијата за економски прашања поднесе седум амандмани.

Комисијата за економски прашања на триесет и деветтата седница одржана на 29 ноември 2013 година ги разгледа и му предложи на Собранието на Република Македонија да ги разгледа и донесе Предлогот на финансискиот план на Регулаторната Комисија за енергетика на Република Македонија за 2014 година и Предлогот на одлуката за утврдување на процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход на носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2014 година.

Комисијата за економски прашања на дваесет и петтата седница одржана на 7

мај 2013 година ги разгледа Годишниот извештај за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата во 2012 година и Годишниот извештај за работата на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија во 2012 година.

На 23 седница одржана на 7 февруари 2013 година Комисијата за економски прашања по Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика во прво читање, поднесен од 13.169 избирачи, водеше јавна расправа. Во расправата покрај членовите и нивните заменици, учество земаа повеќе експерти од областа на енергетиката, научни работници и претставници од невладиниот сектор, каде што беа искажани стручни мислења.

Сите активности на Комисијата за економски прашања се реализираат во рамките на определените надлежности. За сите разгледани точки од седниците на Комисијата се изготвени посебни извештаи и записници од секоја седница.

Одржаните седници на Комисијата за економски прашања беа отворени за заинтересираните субјекти од областа на економијата и слично, како и за претставниците на средствата за информирање.

**Меѓународна активност**

Претседателот на Комисијата за економски прашања г-ѓа Владанка Авировиќ во рамките на Проектот на Вестминстер Фондацијата "Улогата на парламентите и владите во промовирање на конкурентноста и економскиот раст во земјите од Западен Балкан" на 5 февруари 2013 година во Белград, Република Србија, учествуваше на Промоција на регионалната студија "Економски и европски перспективи на земјите од Западен Балкан".

Целта на промоцијата беше презентирање на наодите на публикацијата, која дава преглед на економската состојба во земјите од регионот и нивниот напредок кон ЕУ; дискусија за идните чекори на проектот, со цел за споделување на најдобрите практики од земјите во регионот, како и да ги елиминираат нивните слабости; да ги информира сите заинтересирани акционери за регионалната мрежа и нејзините активности, со цел да се прошири мрежата, вклучувајќи владини претставници и истражувачи од регионот.

Во организација на Одделението за претпристапна акција на Директоратот за поддршка на демократијата и Генералниот директорат за надворешни политики, а во рамките на Програмата за поддршка на парламентите на земјите од Западен Балкан и Република Турција, во Европскиот парламент во Брисел, Кралството Белгија на 21 февруари 2013 година се одржа Парламентарен семинар на тема „Енергетската политика на ЕУ и нејзиното влијание врз земјите во претпристапен процес". На семинарот учествуваше делегација на Комисијата за економски прашања на Собранието на Република Македонија, предводена од претседателот на Комисијата за економски прашања г-ѓа Владанка Авировиќ, а во состав г. Малиша Станковиќ, заменик на претседателот на Комисијата за економски прашања, г. Реџаиљ Исмаили, заменик член на комисијата и г. Драган Цуклев, член на Комисијата за економски прашања. Семинарот беше организиран со цел да се разменат мислења во однос на енергетската политика и одржувањето на животната

средина во земјите од Западен Балкан, спроведувањето на Договорот со Европската енергетска заедница и неговото влијание на економските и социјалните прашања.

Се разговараше за потребата од одржлива енергетска стратегија во земјите од Југоисточна Европа имајќи ја в предвид специфичноста на регионот (постконфликтниот период, либерализацијата на пазарот и корупцијата). Се укажа на високиот потенцијал на регионот, посебно во однос на обновливите извори на енергија, руската енергетска политика во регионот и предизвиците кои произлегуваат од новите односи меѓу ЕУ и земјите од ЈИЕ.

Во текот на дискусиите претставници на НВО укажаа на потребата од поголема транспарентност од страна на Европската унија во процесот на формулирање на стратегијата Енергетската ефикасност и одржливост поврзани со животната средина беа идентификувани како прашања на кои треба да се обрне поголемо внимание. Се нагласи потребата за поголема транспарентност и дијалог во формулирањето и имплементацијата на Договорот за енергетска заедница и потребата да се развијат заеднички активности за прашањата кои се од клучно значење за животната средина.

Во организација на Вестминстер фондацијата за демократија, претседателот на Комисијата за економски прашања г-ѓа Владанка Авировиќ на 11 и 12 април 2013 година учествуваше на Регионалниот семинар на Регионалната мрежа на парламентарните комисии за економија и финансии на земјите од Западен Балкан за регионалната студија „Економските и европските перспективи на земјите од Западен Балкан", којшто се одржа во Брисел, Кралството Белгија. Во своето излагање беше истакната потребата за продолжување на работата на Регионалната мрежа на парламентарните комисии за економија и финансии на земјите од Западен Балкан. Посебен акцент беше даден на ИПА Фондовите, енергетиката, инвестициите во енергетскиот сектор и финансиите.

Во организација од страна на Центарот за истражување и креирање политики, претседателот на Комисијата за економски прашања г-ѓа Владанка Авировиќ учествуваше на Конференција на тема "Енергија, Развој, Демократија, успешни пристапи за нова енергетска иднина во Југоисточна Европа". Конференцијата се одржа на 13 мај 2013 година во Загреб, Република Хрватска. Конференцијата е главен настан на регионалната иницијатива „Јавен дијалог за одржлива употреба на енергија во Југоисточна Европа" и е втора регионална конференција која се одржа во рамките на оваа иницијатива, како следбеник на конференцијата одржана во 2011 година во Белград, Република Србија. Целта на конференцијата беше спојување на претставниците на локалните власти, пратениците, НВО секторот, инвеститорите и бизнисмените од регионот за размена на знаења и искуства. На конференцијата беа диксутирани следниве теми:

-Улогата на парламентите и локалната власт во промовирањето на одржливата енергија,

-Како граѓанското општество може да придонесе во одржливоста и

-Национални и локални успешни приказни.

Делегација на Собранието на Република Македонија во состав г-ѓа Владанка Авировиќ претседател на Комисијата на економски прашања, г.

Марјанчо Николов, претседател на Комисијата на финансирање и буџет и г. Хајрула Мисини, претседател на Комисијата за европски прашања, на 1 и 2 јуни 2013 година во Црна Гора, учествуваше на Регионалната конференција за Западен Балкан на тема „Политиката на конкурентност". Конференцијата беше организирана од страна на Вестминстер фондацијата за демократија. На конференцијата беа претставени регионалните прегледи на политиката за конкуренција во земјите од Западен Балкан од страна на регионални експерти, при што беше укажано на потребата од натамошно развивање на мрежата на парламентарните комисии за економија и финансиите и комисиите за европски прашања во насока на зајакнување на улогата на парламентите и владите во промовирањето на конкуренцијата и економскиот раст во земјите од регионот.

Во дискусијата македонската делегација истакна дека не може да се зборува за конкуренција во државите од Западен Балкан изолирано од процесот на државната помош, бидејќи овие два процеса се поврзани и заемно се дополнуваат. Овој предлог беше поддржан и од останатите учесници на конференцијата со заклучок на една од следните конференции во рамките на овие состаноци да се расправа и за државната помош во државите опфатени во оваа мрежа. Во фокусот на конференцијата беше натамошната работа на воспоставената мрежа на парламентарните комисии за економија и финансиите и комисиите за европски прашања и идните активности и теми заклучно со март 2015 година, и тоа во делот на искористувањето на ИПА фондовите, странските инвестиции во Западен Балкан, прашањата од областа на енергетиката и на финансиите. Беше истакната потребата се стручни експерти од регионот кои добро ги познаваат овие проблематики и истите ќе дадат градација на податоците во една база на податоци за потребите на парламентарната мрежа и пошироко.

На покана од Секретаријатот на енергетската заедница и Регионалниот совет за соработка делегација на Собранието на Република Македонија во состав г-ѓа Владанка Авировиќ, претседател на Комисијата за економски прашања, г. Драган Цуклев, член на комисијата за економски прашања, г. Николче Ацевски, член на Комисијата за економски прашања и г. Реџаиљ Исмаили, заменик член на комисијата за економски прашања учествуваше на „Првиот состанок на пратеници од земјите учеснички и пријатели на Енергетската заедница", кој се одржа на 4 јули 2013 година во Секретаријатот на Енергетската заедница во Виена, Австрија. Настанот беше во ко-организација на Секретаријатот на Енергетската заедница и Регионалниот совет за соработка. Главната цел на средбата беше поголемо вклучување на парламентите во работатата на Енергетската заедница. Секретаријатот на Енергетската заедница ја организираше првата средба меѓу парламентите, кои спаѓаат во групата на пријатели на Енергетската заедница. Учесници на настанот беа претставниците на националните парламенти на Македонија, Албанија, Молдавија, Црна Гора, Србија и Украина. Ова беше прв состанок на Групата пријатели на Енергетската заедница, со желба иницијативата да продолжи како традиција секоја пролет. Секретаријатот средбата ја организираше во форма на еднодневна работилница во соработка со

Регионалниот совет за соработка. Целта на работилницата беше да ги информира пратениците за начинот на работење на организацијата, за најитните прашања на политиката и за начините со кои пратениците самите ќе можат да влијаат врз процесот.

Во рамките на Регионалната конференција, во организација на Вестминстер фондацијата, која се одржа од 11 до 13 октомври 2013 година во Охрид, Република Македонија, свое учество зеде делегација на Собранието на Република Македонија во состав г-ѓа Владанка Авировиќ, претседател на Комисијата за економски прашања, г. Марјанчо Николов, претседател на Комисијата за финансирање и буџет, г. Хајрула Мисини, претседател на Комисијата за европски прашања и пратениците г. Гордан Георгиев и г-ѓа Христина Рунчева, членови на Комисијата за европски прашања.

Конференцијата беше дел од активностите на Регионалната парламентарна мрежа на комисиите за финансирање и буџет, економски прашања и европски интеграции на која се дискутираше за парламентарниот надзор за ИПА фондовите. Претседателот на Комисијата за економски прашања г-ѓа Владанка Авировиќ, која воедно е и претседател на бордот на мрежата на овие комисии во регионот истакна дека ваквите состаноци ја јакнат регионалната соработка и претставуваат клучен фактор за воспоставување и одржување на политичка стабилност, сигурност и економски просперитет. Во дискусијата којашто се разви меѓу учесниците на конференцијата на оваа тема беше оценето дека комисијата за европски прашања во Република Македонија има направено пионерски чекор во однос на надзорните расправи во однос на целиот регион, особено ако се има предвид темата за којашто се спроведува надзорната расправа.

Активно учество имаа и останатите пратеници г. Марјанчо Николов, г. Хајрула Мисини, г. Гордан Георгиев и г-ѓа Христина Рунчева, во нивните дискусии преовладуваа теми за парламентарниот надзор за ефикасно проектирање на буџетите на државите, како и за механизмите за најефикасно носење на буџетот.

Делегација на Собранието на Република Македонија, во состав г-ѓа Владанка Авировиќ, претседател на Комисијата за економски прашања и членовите на Комисијата г. Николче Ацевски, г. Драган Цуклев и г-ѓа Јулиета Марку, на 25 и 26 ноември 2013 година учествуваа на парламентарен семинар во Брисел, Кралството Белгија на тема „Како глобалната економска криза влијае на напорите на земјите аспиранти да ги исполнат критериумите за пристап и кои би биле решенијата?".

Претседателот на Комисијата за економски прашања Владанка Авировиќ имаше свое обраќање. На почетокот таа се осврна на некои од главните економски показатели и движењата во македонската економија од почетокот на кризата. Беше потенцирано истакна дека Република Македонија иако се соочуваше со предизвиците од економската криза, успеа да ја одржи макроекономската стабилност. Претседателот на Комисијата за економски прашања г-ѓа Владанка Авировиќ истакна дека кризата која започна кон крајот на 2008 година и првата половина на 2009 година беше финансиска криза, но која за разлика од реалниот, не се одрази многу

негативно врз македонскиот финансиски сектор. Ова делумно се должело на конзервативноста на македонскиот банкарски и финансиски сектор, неговата мала вклученост во глобалните финансиски движења. Доброто владеење и управување со јавните финансии станува компонента од фундаментална важност и фактор на меѓусебна корисност на сите земји. Беше истакнато дека треба да се утврди стабилност во утврдените даночни политики, на среден и долг рок да се зајакне фискалната дисциплина, навреме да се обезбеди алокација на расположливите средства кои се детерминирани во стратешките приоритети, пред сè, економски раст, подобрување на конкурентноста, повисока стапка на вработеност, продолжување на борбата против криминалот и корупцијата. Беше истакнато дека изминативов период Република Македонија води прудентна фискална политика насочена кон разумен баланс меѓу одржување на макроекономската стабилност и поттикнување на економскиот раст, зајакнување на приватниот сектор и отворање на нови работни места. Тоа подразбира ниски стапки на буџетски дефицит и државен долг, зголемување на капиталните инвестиции и стабилност на девизниот курс на денарот. На семинарот, кој се одвиваше во две работни сесии, учествуваа еминентни европратеници кои работат во Комисијата за економски и монетарни работи на Европарламентот и претставници од парламентите на земјите од Западен Балкан

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 21 |
| Вкупно разгледани точки | | 67 |
| **Поднесени амандмани** | | **7** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 38 |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 31 |
| | 2 читање | 26 |
| | скратена и итна | 6 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | 1 |
| информации, извештаи, програми, планови | | 3 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | 2 |

# Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-земјоделското земјиште, пасиштата и други природни богатства и природни сили,
-арондацијата, комасацијата и мелиорацијата,
-сточарството,полјоделството,овоштарството и лозарството,
-ловот и риболовот,
-животинскиот и растителниот свет,
-ветеринарно здравство и заштита на растенијата,
- премерот и катастарот на земјиштето,
-употребата и користењето на водите и одобрувањето на режимот на водите,
-хидромелиоративните системи и хидро-метеоролошките работи и
-други прашања што се однесуваат на земјоделството, шумарството и водостопанството.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 77/08, 144/08 и 147/08), со која се определени надлежностите на комисиите.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЛЕНЧЕ НИКОЛОВСКА,** - претседател | |
| | **ПАНЧЕ ОРЦЕВ,** - заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Ромео Тренов | |
| 2. | Ванчо Апостолов | |
| 3. | Малиша Станковиќ | |
| 4. | Васко Пашовски | |
| 5. | Драган Цуклев | |
| 6. | Борче Ставров | |
| 7. | Саве Марачков | |
| 8. | Горан Сугаревски | |
| 9. | Реџаиљ Исмаили | |
| 10. | Орхан Ибраими | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Славе Гошев | |
| 2. | Драган Настески | |
| 3. | Бети Кузмановска | |
| 4. | Трајчо Димков | |
| 5. | Елена Павлова | |
| 6. | Рафет Муминовиќ | |
| 7. | Миле Андонов | |
| 8. | Николче Ацевски | |
| 9. | Драгиша Милетиќ | |
| 10. | Беким Ќоку | |

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство на Собранието на Република Македонија во период од 1 јануари 2013 до 31 декември 2013 година, одржа 24 седници (без продолженија на седници) на кои се разгледани вкупно 68 точки на дневен ред од кои 67 точки ги разгледа како матично работно тело и една точка како заинтересирано работно тело и тоа:

-25 предлози на закони во прво читање;
-23 предлози на закони во второ читање;
-13 предлози на закони во скратена постапка;
-еден предлог на закон во итна постапка;
-една Јавна расправа по Предлогот на законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост;
-Извештајот на Европската комисија **за** остварениот напредок на Република Македонија за 2013 година во делот на земјоделството, шумарството и

водостопанството (како заинтересирано работно тело);

-еден Извештај од Законодавно-правната комисија на Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за ловството;

-еден Извештај од Законодавно-правната комисија на Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за производи за заштита на растенијата;

-една Информација за состојбата со откупот на пченицата за реколтата 2012/2013 година и

-една Информација за разгледување на Договорот за закуп на земјоделско земјиште склучен меѓу закуподавачот Република Македонија - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и закупецот ДПЗП Sahara Pure Eatables Corporation Limited Dooel застапувано од Sukhbinder Singh Heer;

До Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство беа поднесени вкупно 21 амандман од кои 17 амандмани се усвоени, 1 амандман не е усвоен, а 3 амандмани се повлечени.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство предложи 7 амандмани и истите ги усвои.

Комисијата во периодот од 1 јануари до 31 декември 2013 година расправаше по предлози на закони што се во нејзина надлежност.

Комисијата ги разгледа следниве точки на Дневен ред:

1.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за виното (прво читање);

2.Предлог на закон за земјоделски задруги (прво читање);

3.Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за сточарство (прво читање);

4.Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за земјоделство и рурален развој (скратена постапка);

5.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за виното (второ читање);

6.Предлог на закон за земјоделски задруги (второ читање);

7.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за сточарство (второ читање);

8.Предлог на закон за дополнување на Законот за шумите (скратена постапка);

9.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ѓубрињa (прво читање);

10.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за производи за заштита на растенијата (прво читање);

11.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија (прво читање);

12.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравјето на растенијата (прво читање);

13.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ловството (прво читање);

14.Предлог на закон за дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој (прво читање);

15.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ѓубрињa (второ читање);

16.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за производи за заштита на растенијата (второ читање);

17.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија (второ читање);
18.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравјето на растенијата (второ читање);
19.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ловството (второ читање);
20.Предлог на закон за дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој (второ читање);
21.Разгледување на Извештајот од Законодавно-правната комисија на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за ловството;
22.Разгледување на Извештајот од Законодавно-правната комисија на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за производи за заштита на растенијата;
23.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште (прво читање);
Комисијата организираше три јавни разправи и тоа првата одржана на 16 мај 2013 година на тема Предлог на закон за заштита од вознемирување на работно место, втората одржана на 14 ноември 2013 година на тема Актуелната состојба во јавните установи детски градинки и третата одржана на 27 декември 2013 година во соработка со Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите на тема Подготовка на закон за семејно насилство.

Согласно со Меморандумот за соработка меѓу Собранието на Република Македонија и Детскиот фонд на Обединетите Нации (УНИЦЕФ) потпишан на 20 ноември 2009 година, Комисијата за труд и социјална политика и веќе формираната работна група за правата на децата, остваруваа средби и работни состаноци од кои произлезе и Јавната расправа за актуелната состојба во јавните установи детските градинки.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 23 |
| Вкупно разгледани точки | | 53 |
| **Поднесени амандмани** | | **6** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 26 |
| Закони | 1 читање | 17 |
| | 2 читање | 18 |
| | скратена и итна | 8 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 7 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **3** |

# Комисијата за еднакви можности на жените и мажите

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-разгледување на предлози на закони и други прописи што ги донесува Собранието од областа на трудот и социјалната политика, образованието и здравството, како и други предлози на закони и други прописи од аспект на вклученоста на родовиот концепт во нив,

-разгледување на Предлогот на Националниот план за акција за еднакви можности на жените и мажите,

-следење на усвојувањето и примената на основните и посебните мерки во сите области од јавниот и приватниот сектор преку доставени извештаи од Одделението за унапредување на рамноправноста меѓу половите при Министерството за труд и социјална политика,

-следење на системот на мерки за отстранување на нееднаквиот третман на жените и мажите преку доставени извештаи од Одделението за унапредување на рамноправноста меѓу половите при Министерството за труд и социјална политика,

-иницирање на донесување и изменување на закони и други прописи од областа на еднаквите можности на жените и мажите,

-поттикнување на соработката меѓу надлежните органи за прашања кои се однесуваат на еднаквите можности на жените и мажите,

-редовно информирање на Собранието за сите прашања сврзани со еднаквите можности на жените и мажите,

-соработка со соодветните комисии на другите земји и

-други прашања што се однесуваат на еднаквите можности на жените и мажите.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА,** претседател | |
| | **КОСАНА НИКОЛИЌ МАЗНЕВА,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Нада Ципушева | |
| 2. | Драган Настески | |
| 3. | Весна Пемова | |
| 4. | Елена Павлова | |
| 5. | Светлана Мазгалоска Вучетиќ | |
| 6. | Голупчо Ангелов | |
| 7. | Станка Анастасова | |
| 8. | Дивна Јовковска Ефтимовска | |
| 9. | Вјолца Мехмети Нуредини | |
| 10. | Мерал Узеири Ферати | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Васко Мицевски | |
| 2. | Бети Кузмановска | |
| 3. | Ане Лашкоска | |
| 4. | Лилјана Кузмановска | |
| 5. | Цветанка Иванова | |
| 6. | Маринела Маричиќ Тушева | |
| 7. | Митре Велјановски | |
| 8. | Весна Бендевска | |
| 9. | Бехиџудин Шехаби | |
| 10. | Садије Илјази | |

*Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Македонија во периодот од 1 јануари до 31 декември 2013 година, работеше на редовни седници, јавни расправи, семинари, мегународни и други активности.*

Во текот на 2013 година Комисијата за еднакви можности на жените и мажите ги одржа следниве седници: седницата со точка на дневен ред **"Стратегија за родова еднаквост 2013-2020"** беше одржана на 15 февруари 2013 година. По дискусијата, Комисијата ја проследи **Стратегијата** заедно со забелешките на понатамошна постапка во Собранието на Република Македонија.

На 20 мај 2013 Комисијата одржа седница со точка на дневен: **Предлог на закон за заштита од вознемирување на работно место - II читање.** На седницата беа разгледани 17 амандмани.

На 11 септември 2013 година Комисијата одржа седница на тема **Соработка на комисиите за еднакви можности на жените и мажите на национално и локално ниво**, во соработка со Македонското женско лоби.

На седницата на Комисијата одржана на 18 септември 2013 година беше разгледана и усвоена **Стратешката рамка за соработка на комисиите за еднакви можности на жените и мажите на национално и локално ниво**, предложена од МЖЛ и поддржана од Un Women.

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Македонија на 9 октомври 2013 година одржа седница за **Презентација на Извештајот за спроведување на Акцискиот план на Република Македонија за имплементација на Резолуцијата на ОН 1325 (жени, мир и безбедност), во соработка со Министерството за труд и социјална политика, CRPM i Un Women.**

На седницата одржана на 25 октомври 2013 година Комисијата го разгледа **Извештајот на Европската комисија за остварениот напредок на Република Македонија за 2013 година, со посебен осврт на делот за родова рамноправност.**

***Во наведениот период Комисијата организираше јавни расправи:***

КЕМ во соработка со Занаетчиската комора на Република Македонија и Бизнис конфедерацијата на Македонија на 5 февруари 2013 година одржа јавна расправа на тема **Европска стратегија за економско јакнење на жените (Стратегија 2020).** На расправата присустуствуваа арапски жени во рамките на менторска програма на ИРИ во соработка со македонските парламентарки.

На 14 ноември 2013 година, Комисијата за еднакви можности на жените и мажите и Комисијата за здравство на Собранието на РМ во соработка со Групата за поддршка на лицата кои живеат со ХИВ - *Заедно посилни*, Асоцијацијата за здравствена едукација и истражување - Х.Е.Р.А. одржаа јавна расправа на тема **Како до подобра грижа и третман за лицата што живеат со ХИВ во Република Македонија.**

Во соработка со Министерството за труд и социјална политика и Македонското женско лоби на 27 декември 2013, Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, Комисијата за труд и социјална политика и Клубот на пратенички на Собранието на РМ одржаа **јавна расправа** со точка на дневен ред: **Подготовка на закон за семејно насилство.**

***Комисијата работеше и на други активности***

На иницијатива на Македонското женско лоби и Un Women и согласно со заклучокот од дваесет и четвртата седница на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на РМ, одржана на 18 септември 2013 година Комисијата учествуваше во проектот за менторската програма.

Претседателот на Комисијата, во периодот од септември до декември 2013 година, работеше на подготовка и печатење на брошура и нејзино електронско издание за работата на Комисијата. Во брошурата се опфатени историјатот, соодветната законска регулатива, активностите и

соработката на Комисијата со Министерството за труд и социјална политика, локалните комисии за еднакви можности на жените и мажите, како и со други институции и организации во земјата и странство. Брушарата ќе се печати со поддршка на Канцеларијата на Un Women - Скопје и нејзината директорка г-ѓа Доминика Стојановска

***Меѓународна активност на комисијата***

Во јануари 2013 година Комисијата за еднакви можности на жените и мажите во соработка со Клубот на пратенички, Меѓународниот републикански институт ИРИ и Мрежата на жени во демократијата WDN подготвуваше Балканска регионална парламентарна конференција чие одржување беше одложено.

Претседателката на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на РМ Лилјана Поповска заедно со членот на Комисијата Светлана Мазгалоска Вучетиќ учествуваа на регионална конференција за членовите на Парламентите, која се одржа во Кишинев, Молдавија, на 10 и 11 јуни, на тема ˝Еднакви и унапредени: Учество на жената во политиката". Учеството на оваа средба беше на покана на Парламентот на Република Молдавија во соработка со Комисијата за родова еднаквост на ООН и Мисијата на ОБСЕ/ОДИХР.

Претседателката на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на РМ и пратеничката Светлана Мазгалоска Вучетиќ во својство на член на Комисијата зедоа учество на **Првиот регионален состанок на парламентарните комисии за човекови и малцински права и комисиите за родова еднаквост** кој се одржа на 29 и 30 октомври 2013 година во Белград, Р. Србија.

Во организација на Европската Комисија, Генералниот директорат за проширување во соработка со Министерство за човекови и малцински права и УНДП Црна Гора, во Подгорица, Црна Гора на 27 и 28 ноември 2013 година, се одржа меѓународна конференција **на TAIEX за спроведување на критериумите на ЕУ за родова еднаквост во земјите од Западен Балкан**. Комисијата за еднакви можности на жените и мажите ја претставуваше Лилјана Поповска, претседател на Комисијата, а во составот на македонската делегација беа и координаторката на Клубот на пратенички Лилјана Кузмановска и пратеничката Хајрије Мисими.

Соработка со жени арапки во рамките на менторска програма на ИРИ на 5 февруари 2013 година.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 9 |
| Вкупно разгледани точки | | 9 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 1 |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | 1 |
| | скратена и итна | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 3 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | 5 |
| **јавни расправи** | | **3** |
| **меѓународни активности** | | **2** |
| **други активности** | | **5** |

# Комисија за прашања на изборите и именувањата

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-поднесување предлози за избор и именување, односно разрешување на функционери кои гн избира, односно именува Собранието, ако со закон, Деловникот или друг акт на Собранието е определено ваков предлог да поднесува Комисијата,

-поднесување предлози за избори и именување, односно разрешување на функционери кои ги избира, односно именува Собранието, ако со Уставот, закон, Деловникот или друг акт на Собранието не е определено ваков предлог да поднесува друг орган,

-предлагање состав на постојаните и повремените работни тела на Собранието,

-предлагање состав на постојаните делегации на Собранието во меѓународните парламентарни собранија и на пратеничките групи на Собранието за соработка со други парламенти,

-предлагање членови на управни органи и други тела во јавните претпријатија, организациите и институциите кои ги избира, односно именува Собранието ако со Уставот, закон или друг акт не е определено ваков предлог да поднесува друг орган,

-предлагање членови на редакцискиот одбор на гласилото на Собранието,

-предлагање именување и разрешување претставници на Републиката во органите на управувањето и членовн на конкурсни комисии за избор на индивидуални работоводни органи кои се во надлежност на Собранието,

-предлагање состав на одбори и други тела на Собранието за организирање и спроведување прослави на одделни историски настани од значење за Републиката и на други настани чие одбележување е потребно, како и за доделување на републички награди,

-давање мислење по предлозите за избор, односно именување носители на јавни функции кои ги избира, односно ги именува Собранието, а кои се предложени од други органи,

-разгледување предлози на прописи за платите и за други примања на пратениците и функционерите кои ги избира или именува Собранието, како и на пратениците и функционерите на кои им престанала функцијата и во рамките на законските овластувања донесува поблиски прописи за нивно извршување,

-донесување акти за кои е овластена од Собранието,

-донесување поединечни решенија за платите и за други примања на пратениците и функционерите кои ги избира или именува Собранието,

-донесување акт за одбивање 5% од платата за секој ден отсуство на пратеник кој најмалку три пати отсуствува од седница на Собранието, односно од седница на работното тело, а за тоа не го известил претседателот на Собранието, односно на работното тело,

-ја определува висината на надоместокот на трошоците за учество во работата на работните тела од редот на научните и стручните институции и асоцијации,

-определување во согласност со прописите, висината на дневниците, на трошоците за одвоен живот, на надоместокот за годишен одмор, на селидбените и други трошоци,

-одлучување по жалби против решенија на генералниот секретар на Собранието, доколку со закон или друг акт поинаку не е определено,

-давање исправки на акти што ги донесува и објавува Комисијата во вСлужбен весник на Република Македонијаг и

-разгледување и други прашања што се однесуваат на изборите и именувањата.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ИЛИЈА ДИМОВСКИ,** претседател | |
| | **БЛАГОРОДНА ДУЛИЌ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Силвана Бонева | |
| 2. | Светлана Јакимовска | |
| 3. | Лилјана Затуроска | |
| 4. | Александар Спасеновски | |
| 5. | Малиша Станковиќ | |
| 6. | Благоја Стојановски | |
| 7. | Менде Диневски | |
| 8. | Горан Мисовски | |
| 9. | Мевмет Џемајловски | |
| 10. | Џеват Адеми | |
| 11. | Ермира Мехмети Деваја | |
| 12. | Имер Алиу | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Славе Гошев | |
| 2. | Светлана Карапетрова | |
| 3. | Драган Циклев | |
| 4. | Трајчо Димков | |
| 5. | Харалампие Шокаровски | |
| 6. | Марјанчо Николов | |
| 7. | Горан Сугаревски | |
| 8. | Сафет Бишевац | |
| 9. | Соња Мираковска | |
| 10. | Хајрула Мисини | |
| 11. | Неџати Јакупи | |
| 12. | Беким Фазлиу | |

Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија, донесена на 26 јуни 2008 година ("Службен весник на Република Македонија" број 77/08). Со оваа одлука се утврдени бројот на членовите и надлежностите на Комисијата.

Во извештајниот период Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија одржа осум седници и едно продолжение.

Сите активности на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија се реализираат во рамките на надлежностите определени согласно со Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, Одлуката за основање на постојани работни тела, одделни закони и Деловникот за работа на Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Во функција на одржување на седниците, при свикување на седниците, до членовите на Комисијата заедно со поканата за седница на Е - парламент беше поставуван и материјал по точките од предлогот на дневниот ред на седницата.

За одделни прашања во функција на реализирање на седниците на Собранието и на Комисијата беа изготвени поединечни акти.

Во извештајниот период Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија ги утврди следниве:

1.Предлог на одлука за разрешување на член на Државната комисија за спречување на корупцијата;

2.Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда „23 Октомври";

3.Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентите на други држави и избор на претседатели и членови на пратеничките групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентите на други држави;

4.Предлог на одлука за избор на член на Државниот совет за превенција на малолетничко престапништво;

5. Предлог на одлука за именување член на Државната комисија за спречување на корупцијата;

6.Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Северно-атлантската договорна организација (ПС НАТО).

8.Две предлог на одлуки за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;

9.Две предлог на одлуки за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентите на други држави и избор на претседатели и членови на пратеничките групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентите на други држави;

10.Две предлог на одлуки за изменување на Одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците;

11.Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија;

12.Две предлог на одлуки за изменување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици-членови на Националниот совет за евроинтеграции;

13.Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, членови и заменици - членови на Советот на Собранискиот канал;

14.Предлог на одлука за изменување на Одлуката за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија (ИПУ),

15.Две предлог на одлуки за изменување на Одлуката за избор на претседател, потпретседатели, членови и заменици - членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација;

16.Предлог на одлука за изменување на Одлука за разрешување и избор на претседател и членови на Советот за научно-културните средби "Десет дена Крушевска Република";

17.Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици-членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС ОБСЕ);

18.Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда "Мито Хаџи Василев Јасмин";

19.Предлог на одлука за разрешување и именување на член на Советот за статистика на Република Македонија

20.Предлог на одлука за избор на претседател на Државната изборна комисија,

21.Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Државната комисија за жалби по јавни набавки;

22.Предлог на одлука за избор на членови на Комисијата за електронски комуникации;

23.Предлог на одлука за избор на член на Државниот совет за превенција на малолетничко престапништво и

24.Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Одборот за доделување на Државната награда "8 Септември".

Во извештајниот период Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија донесе поединечни решенија за плата на пратеници, избрани и именувани функционери кои функцијата ја вршат професионално, решенија за остварување на плата на избрани и именувани лица од Собрание по престанување на функцијата и решение за престанување на правото на надоместок на трошоците поради одвоен живот на член на Советот за радиодифузија.

Исто така, согласно со Законот за пратениците и Деловникот, Комисијата за прашања на изборите и именувањата донесе решенија за плата во висина од една третина од платата која е исплатена во последниот месец на пратеници кои не учествуваа во работата на Собранието на Република Македонија (бојкотираа) и решенија за престанок на оваа исплата.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија, исто така, утврди:

- Една предлог на листа :

1. Предлог на листа на пријавени кандидати по Одлуката за огласување избор на претседател на Државната изборна комисија ("Службен весник на Република Македонија" број 150/13)

- Два предлога за избор доставени до Собранието на Република Македонија и тоа:

1.Предлог за избор на еден член на Советот на јавните обвинители на Република Македонија и

2.Предлог за избор на членови на Судскиот совет на Република Македонија.

- Две мислења по:

1. Предлогот на правилник за изменување на Правилниот за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Македонија и

2. Предлогот на правилник за изменување на Правилниот за внатрешна организација на Службата на Собранието на Република Македонија.

| | |
|---|---|
| Одржани седници | 8 |
| Вкупно разгледани точки | 44 |
| одлуки | 28 |
| предлог листи на кандидати | 1 |
| предлози | 2 |
| мислења | 2 |
| примена на одредби од закон | 3 |
| разно | 7 |

# Комисија за деловнички и мандатно-имунитетни прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-спроведување на Деловникот на Собранието и на деловниците на работните тела и дава мислење за разрешување на спорни прашања,
-иницијативи за изменување на Деловникот на Собранието и деловниците на работните тела,
-предлагање на донесување, односно изменување и дополнување на Деловникот на Собранието,
-извештаите на Државната изборна комисија за пратеници од листата на кандидати кои станале пратеници за остатокот од мандатот,
-основите за престанок и одземање на мандатот на пратеник и за тоа на Собранието му поднесува извештај,
-имунитетот на пратениците, судиите и јавниот обвинител и неговите заменици и
-други прашања во врска со Деловникот и мандатно-имунитетните права.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **АЛЕКСАНДАР НИКОЛОСКИ,** претседател |
| | **НАДИЦА ТАНЧЕВА ТУЛИЕВА,** заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Ане Лашкоска |
| 2. | Владимир Ѓорчев |
| 3. | Трајчо Димков |
| 4. | Саве Марачков |
| 5. | Тања Томиќ |
| 6. | Панче Орцев |
| 7. | Ермира Мехмети Деваја |
| 8. | Садије Илјази |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Кенан Хасипи |
| 2. | Васко Пашовски |
| 3. | Диме Маџовски |
| 4. | Мевмет Џемајловски |
| 5. | Стојко Пауновски |
| 6. | Оливер Спасовски |
| 7. | Џеват Адеми |
| 8. | Имер Алиу |

Комисијата за период 1 јануари - 31 декември 2013 одржа пет седници.

Комисијата во рамките на својата надлежност и ингеренции кои произлегуваат од Деловникот на Собранието и Одлуката за основање на работни тела, ги разгледа: Предлогот на деловник за изменување и дополнување на Деловникот на Собранието на Република Македонија, Извештајот на Државната изборна комисија за прифаќање на остатокот на мандатот за пратеник во Собранието на Република Македонија, согласно со членот 153 од Изборниот законик, број 10-495/4 од 06.02.2013 година, Извештајот на Државната изборна комисија за прифаќање на остатокот на мандатот за пратеник во Собранието на Република Македонија, согласно со членот 153 од Изборниот законик, број 10-783/8 од 28.02.2013 година, Извештајот на Државната изборна комисија за прифаќање на остатокот на мандатот за пратеник во Собранието на Република Македонија, согласно со членот 153 од Изборниот законик, број 10-1521/1 од 17.04.2013 година и Извештајот на Државната изборна комисија за прифаќање на остатокот на мандатот за пратеник во Собранието на Република Македонија, согласно со членот 153 од Изборниот законик, број 10-1771/2 од 20.05.2013 година и за тоа на Собранието му поднесува извештај.

| | |
|---|---|
| Одржани седници | 5 |
| Вкупно разгледани точки | 5 |
| извештаи | 4 |
| други акти | 1 |
| **верификации на мандати** | **6** |

# Комисија за локална самоуправа

**НАДЛЕЖНОСТИ:**
-локалната самоуправа,
-територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија,
-следење на развојот и мерките за унапредување на локалната самоуправа,
-следење на состојбата на територијалната организација и на стандардите за големина, населението и потребите на локалната самоуправа,
-следење на системот, политиката, мерките и инструментите за остварување на порамно-мерен регионален развој и
-следење на остварувањето и користењето на средствата наменети за рамномерен регионален развој

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ЏЕВАТ АДЕМИ,** претседател |
| | **РЕЏАИЉ ИСМАИЛИ,** заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Васил Пишев |
| 2. | Васко Пашовски |
| 3. | Васко Мицевски |
| 4. | Цена Матевска Дуза |
| 5. | Бети Кузмановска |
| 6. | Тони Трајановски |
| 7. | Светлана Мазгалоска Вучетиќ |
| 8. | Панче Орцев |
| 9. | Самка Ибраимовски |
| 10. | Рејхан Дурмиши |
| 11. | Ирфан Деари |
| 12. | Беким Ќоку |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Нада Станчевска |
| 2. | Миле Пачемски |
| 3. | Лилјана Кузмановска |
| 4. | Харалампие Шокаровски |
| 5. | Дарко Димитриевски |
| 6. | Диме Маџовски |
| 7. | Благоја Стојановски |
| 8. | Голупчо Ангелов |
| 9. | Фијат Цаноски |
| 10. | Дивна Јовковска Ефтимовска |
| 11. | Неџати Јакупи |
| 12. | Газменд Алији |

Комисијата за локална самоуправа е постојано работно тело на Собранието на Република Македонија, основано со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 77/2008), со која се определени надлежностите на Комисијата.

Во извештајниот период Комисијата за локална самоуправа одржа пет седници на кои се разгледани пет точки на дневен ред како матично работно тело и една точка како заинтересирано работно тело.

На четвртата седница одржана на 23.05.2013 година како матично работно тело беше разгледана Иницијативата за одржување на надзорна расправа.

На петтата седница одржана на 04.06.2013 година како матично работно тело се одржа надзорна расправа на тема "Имплементација на процесот на децентрализација".

Надзорната расправа досега имаше две продолженија (во тек).

На шесттата седница одржана на 4.11.2013 година како матично работно тело, во прво читање, беше разгледан Предлогот на закон за дополнување на Законот за рамномерен регионален развој.

На седмата седница одржана на 18.11.2013 година како матично работно тело, во Прво читање беше разгледан Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа.

На осмата седница одржана на 13.12.2013 година како матично работно тело, во второ читање беше разгледан Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа и Предлогот на закон за дополнување на Законот за рамномерен регионален развој.

<table>
<tr><td colspan="2">Одржани седници</td><td>5</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно разгледани точки</td><td>6</td></tr>
<tr><td colspan="2">Поднесени амандмани</td><td>-</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Закони по области</td><td>политички систем</td><td>-</td></tr>
<tr><td>економски систем</td><td>-</td></tr>
<tr><td>јавни дејности</td><td>2</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Закони</td><td>1 читање</td><td>2</td></tr>
<tr><td>2 читање</td><td>2</td></tr>
<tr><td>скратена и итна</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Буџет, ребаланс, завршна с-ка</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">декларации, резолуции</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">одлуки</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">информации, извештаи, програми, планови</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">уставни измени</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">иницијативи, стратегии</td><td>1</td></tr>
<tr><td colspan="2">други акти</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">надзорни расправи</td><td>1</td></tr>
</table>

# Комисија за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи и од Министерството за одбрана

Комисијата за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана согласно со надлежностите утврдени со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија, разгледува предлози, акти и други прашања од областа на безбедноста и одбраната.

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-вршење на надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана,

-законитост во спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана од аспект на нивна усогласеност со Законот за следење на комуникациите и

-други прашања што се однесуваат на Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана во врска со мерките за следење на комуникациите

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ТИТО ПЕТКОВСКИ,** претседател | |
| | **НИКОЛЧЕ АЦЕВСКИ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Павле Саздов | |
| 2. | Неџати Јакупи | |
| 3. | Тања Томиќ | |
| 4. | Орхан Ибраими | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Павле Трајанов | |
| 2. | Хајрула Мисини | |
| 3. | Голупчо Ангелов | |
| 4. | Имер Алиу | |

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 1 |
| Вкупно разгледани точки | | 2 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 1 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | 1 |
| **надзорни расправи** | | **-** |

| Комисија за | Одржани седници | Вкупно разгледани точки | Буџет, ребаланс | Закони постапка | | | Поднесени амандмани | ратификации | други акти | јавни расправи | надзорни расправи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 1 читање | 2 читање | скратена, итна | | | | | |
| уставни прашања | 1 | 1 | - | - | - | - | **-** | - | 1 | - | - |
| Законодавно-правна комисија | 64 | 652 | 2 | 236 | 218 | 100 | **5** | 37 | 59 | - | - |
| политички систем и односи меѓу заедниците | 38 | 83 | - | 29 | 23 | 14 | **1** | - | 14 | 2 | 1 |
| одбрана и безбедност | 15 | 24 | - | 10 | 10 | - | **-** | - | 4 | - | - |
| надворешна политика | 17 | 48 | - | 1 | 1 | - | **4** | 37 | 9 | - | - |
| европски прашања | 17 | 26 | - | 14 | - | 6 | **-** | 2 | 4 | - | 1 |
| Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот | - | - | - | - | - | - | **-** | - | - | - | - |
| надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање | 1 | 6 | - | - | - | - | **-** | - | 6 | - | - |
| финансирање и буџет | 41 | 113 | 3 | 39 | 32 | 30 | **16** | - | 9 | - | - |
| економски прашања | 21 | 67 | - | 31 | 26 | 6 | **7** | - | 4 | 2 | - |
| земјоделство, шумарство и водостопанство | 24 | 68 | - | 25 | 23 | 14 | **7** | - | 5 | 1 | - |
| транспорт, врски и екологоја | 30 | 131 | - | 47 | 52 | 7 | **14** | - | 25 | 2 | - |
| образование, наука и спорт | 22 | 41 | - | 10 | 10 | 17 | **4** | - | 4 | - | - |
| култура | 14 | 22 | - | 8 | 8 | 1 | **1** | - | 4 | 1 | - |
| здравство | 18 | 45 | - | 19 | 18 | 5 | **14** | - | 1 | 2 | - |
| труд и социјална политика | 23 | 53 | - | 17 | 18 | 8 | **6** | - | 7 | 3 | - |
| еднакви можности на жените и мажите | 9 | 9 | - | - | 1 | - | **-** | - | 8 | 3 | - |
| прашања на изборите и именувањата | 8 | 44 | - | - | - | - | **-** | - | 44 | - | - |
| деловнички и мандатно-имунитетни прашања | 5 | 5 | - | - | - | - | **-** | - | 5 | - | - |
| локална самоуправа | 5 | 6 | - | 2 | 2 | - | **-** | - | 1 | - | 1 |
| надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на МВР и МО | 1 | 2 | - | - | - | - | **-** | - | 2 | - | - |
| **Вкупно:** | **374** | **1446** | **5** | **488** | **442** | **208** | **79** | **76** | **216** | **16** | **3** |

# 4.2 ПОСЕБНИ РАБОТНИ ТЕЛА

## 4.2.1. КОМИТЕТ ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-го следи обезбедувањето на правата на припадниците на заедниците кои не се во мнозинство во Републиката утврдени со Уставот и закони,
-разгледува начелни прашања од областа на односите меѓу заедниците и извршувањето на законите и другите прописи и општи акти од оваа област,
-укажува на потребата за донесување закони и други прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците,
-разгледува предлози на закони и на други прописи и општи акти што ги донесува Собранието од областа на односите меѓу заедниците,
-остварувањето на правото на употреба на јазикот и писмото на заедниците кои не се во мнозинство во Републиката, утврдено со Уставот и закон и
-остварувањето на правото на настава на јазикот на заедниците кои не се во мнозинство во Републиката во областа на образованието, утврдено со Уставот и закон и остварувањето на правото на изразување на идентитетот и особеностите на заедниците кои не се мнозинство во Републиката во областа на културата, информирањето, издавачката дејност и во други области, утврдено со Уставот и закон.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЕРМИРА МЕХМЕТИ,** претседател | |
| | **МАРИНЕЛА МАРИЧИЌ ТУШЕВА,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Силвана Бонева | |
| 2. | Ѓорѓи Коџобашиев | |
| 3. | Ристо Манчев | |
| 4. | Васко Мицевски | |
| 5. | Цветанка Иванова | |
| 6. | Оливер Спасовски | |
| 7. | Менде Диневски | |
| 8. | Неџати Јакупи | |
| 9. | Џеват Адеми | |
| 10. | Беџихудин Шехаби | |
| 11. | Орхан Ибраими | |
| 12. | Беким Фазлиу | |
| 13. | Наџи Целили | |
| 14. | Амди Бајрам | |
| 15. | Иван Стоиљковиќ | |
| 16. | Кенан Хасипи | |
| 17. | Сафет Бишевац | |

** Согласно со Одлуката за изменување на Одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците на Собранието на Република Македонија, ("Службен весник на РМ" 79/13) на местото на членот на Комитетот Талат Џафери е избран Неџати Јакупи а на местото на член на Комитетот Арбен Љабеништа е избран Бехиџудин Шехапи.*

** Согласно со Одлуката за изменување на Одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците на Собранието на Република Македонија, ("Службен весник на РМ" 11/13) на местото на членот на Комитетот Зиадин Села е избран Беким Фазлиу, и на местото на членот на Комитетот Изет Зеќири е избран Наџи Целили.*

**Активности**

Комитетот за односи меѓу заедниците во текот на извештајниот период одржа две седници, од кои осмата седница, се уште не е завршена, две работни средби

и студиска посета на Парламентите на Будимпешта, Унгарија и на Братислава, Словачка Република:

**Седмата седница** на Комитетот за односи меѓу заедниците се одржа на 28 октомври 2013 година со дневен ред:

**-Извештај на Европската комисија за напредок на Република Македонија за 2013 година, со посебен осврт на делот 2.2. Човекови права и заштита на малцинствата и Заклучоците на Стратегијата за проширување и главните предизвици за 2013-2014 година кои се однесуваат на Република Македонија.**

**Осмата седница** на Комитетот за односи меѓу заедниците започна на 19 декември 2013 година со дневен ред:

-**Имплементација на правото на ефективна партиципација на заедниците во културниот живот.**

**Работни средби**

Претседателот на Комитетот за односи меѓу заедниците г-ѓа Ермира Мехмети и членовите на Комитетот за односи меѓу заедниците во текот на Извештајниот период одржаа две работни средби:

-Средба со баронесата Д'Соуза, лорд спикер на Горниот Дом на Парламентот на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска со г-ѓа Ермира Мехмети, претседател на Комитетот за односи меѓу заедниците, одржана на 25 септември 2013 година и

-Средба со Високиот комесар за национални малцинства при ОБСЕ г-ѓа Астрид Торс со г-ѓа Ермира Мехмети, претседател на Комитетот за односи меѓу заедниците, и членовите на Комитетот за односи меѓу заедниците, одржана на 25 октомври 2013 година.

Како дел од тековната соработка со УНДП, Делегација на Комитетот за односи меѓу заедниците, во состав г. Ѓорѓи Коџабашиев, г. Оливер Спасовски, г. Џеват Адеми и г. Кенан Хасипи, во периодот од 22 до 25 април 2013 година, реализира студиска посета на парламентите на Будимпешта, Унгарија и на Братислава, Словачка Република. Студиската посета е дел од иницијативата на УНДП чија цел беше поддршка на работата на Комитетот за односи меѓу заедниците. Оваа студиска посета им даде можност на членовите на Комитетот да се сретнат со своите европски колеги од парламентарните тела кои работат на слични прашања.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 2 |
| Вкупно разгледани точки | | 2 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 2 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **надзорни расправи** | | - |

# 4.3 СОВЕТИ

## 4.3.1 СОВЕТ НА СОБРАНИСКИ КАНАЛ

**НАДЛЕЖНОСТИ**

-ги разгледува и усвојува реализацијата на програмата, финансиското и инвестиционото работење во тековната година,
-предлага и усвојува програмски, финансиски и инвестиционен план на Собранискиот канал за наредната година и
-обезбедува емитување на активностите на Собранието на Република Македонија преку програмискиот сервис - Собранискиот канал.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЈАНИ МАКРАДУЛИ,** - претседател | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Илија Димовски | |
| 2. | Лилјана Кузмановска | |
| 3. | Димитар Стевананџија | |
| 4. | Авдија Пепиќ | |
| 5. | Хајрула Мисини | |
| 6. | Неџати Јакупи | |
| 7. | Газменд Алији | |
| 8. | Весна Бендевска | |
| 9. | Емилијан Станковиќ | |
| 10. | Сафет Бишевац | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Славе Гошев | |
| 2. | Јордан Пачков | |
| 3. | Лилјана Поповска | |
| 4. | Малиша Станковиќ | |
| 5. | Џеват Адеми | |
| 6. | Ирфан Деари | |
| 7. | Орхан Ибраими | |
| 8. | Дивна Јовкова Ефтимовска | |
| 9. | Билјана Казанџиска | |
| 10. | Ердоган Сарач | |

Ингеренциите на Советот на Собранискиот канал се содржани во Законот за Собранието на Република Македонија објавен во "Службен весник на РМ бр.104/09 година" и во Деловникот на Советот на Собранискиот канал.

Собранието има програмска одговорност за емитување на програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието.

Собранискиот канал ги информира и образува граѓаните за политичкиот живот, преку парламентарни, образовни и граѓански програми.

Собранискиот канал емитува програми од интерес за социјалната кохезија, меѓуетничкиот соживот, културните разлики и борбата против сите видови дискриминација и нуди програми кои ја одразуваат разноликоста на македонското општество.

Собранискиот канал се грижи за обезбедување на политичката рамноправност и соодветна јазична застапеност во емитуваните програми.

Собранието обезбедува услови за пренос на дигитален ТВ сигнал до крајните корисници (гледачи).

Собранието основа Совет на Собранискиот канал кој го сочинуваат 11 члена од кои шест пратеници од парламентарното мнозинство и четири пратеници од парламентарната опозиција.

На предлог на претседателот на Собранието потпретседателот на Собранието од редот на опозицијата е

претседател на Советот на Собранискиот канал.

Членовите на Советот на Собранискиот канал имаат свои заменици предложени и избрани по истиот критериум како и членовите.

Во работата на Советот на Собранискиот канал учествуваат и претставници на ЈП Македонска радио-телевизија, а по потреба и надворешни членови - експерти од оваа област, без право на глас.

Советот на Собранискиот канал се состанува најмалку на три месеци.

Членовите на Советот на Собранискиот канал ги избира Собранието.

Трошоците за создавање на програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието се обезбедуваат од Собранието.

Согласно со членот 45 став 3 од Законот за Собранието на Република Македонија, Одлуката за основање на Совет на Собранискиот канал од 2006 година со сите нејзини измени престанува да важи.

Советот на Собранискиот канал на Собранието на Република Македонија во период од 1 јануари 2013 до 31 декември 2013 година, одржа една седница. Оваа седница претставува второ продолжение на седницата на Советот започната на 4 јули 2012 година, на чиј дневен ред е точката "Разгледување на состојбата со емитување на тв сигналот на Собранискиот канал проблеми со емитување на преводот на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија".

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 1 |
| Вкупно разгледани точки | | 1 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | 1 |
| **надзорни расправи** | | **-** |

## 4.3.2. БУЏЕТСКИ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-утврдува стратешки приоритети на Собранието на Република Македонија за наредната година и нивно вклучување во Буџетот на Република Македонија со предлагање на посебни програми и потпрограми,
-дава упатства и насоки за подготвување на предлогот на буџетските барања и потребите за работа на Собранието,
-се грижи и врши усогласување на предлогот на буџетските барања и потреби на Собранието, согласно со максималните износи на одобрени средства утврдени со одлука на Владата на Република Македонија,
-го следи извршувањето на расходите во Буџетот на Собранието на Република Македонија и предлага прераспределба на средствата во рамките на одобрените средства со Буџетот на Република Македонија;
-донесува деловник за својата работа, и
-врши и други работи утврдени со закон.

Покрај овие надлежности, Буџетскиот совет утврдува и стратешки приоритети на Собранието на Република Македонија најмалку за наредните три години.

Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија е основан со Одлука за основање на Буџетски совет на Собранието на Република Македонија, донесена на втората седница на Собранието одржана на 26 јуни 2008 година ("Службен весник на РМ" број 77/2008). Оваа одлука престана да важи со денот на влегувањето во сила на Законот за Собранието на Република Македонија ("Службен весник на РМ" број 104/2009).

Буџетскиот совет на Собранието има претседател, заменик претседател и девет члена од редот на пратениците на Собранието на Република Македонија. Претседател на Советот е еден од потпретседателите на Собранието, а заменик претседател е претседателот на Комисијата за финансирање и буџет.

На седниците на Буџетскиот совет, без право на одлучување присуствуваат генералниот секретар на Собранието на Република Македонија и раководителот на Секторот на финансиски и економски прашања на Службата на Собранието.

Буџетскиот совет во постапката за изготвување на Буџетот на Република Македонија врши постојани консултации и усогласувања со Министерството за финансии и со Владата на Република Македонија, во врска со финансиската проекција на потребни средства на Собранието и се грижи за финансиските потреби на Собранието.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **СУЗАНА САЛИУ,** претседател | |
| | **МАРЈАНЧО НИКОЛОВ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Лилјана Затуроска | |
| 2. | Ѓорѓи Коџобашиев | |
| 3. | Ристо Манчев | |
| 4. | Владанка Авировиќ | |
| 5. | Џеват Адеми | |
| 6. | Орхан Ибраими | |
| 7. | Миле Андонов | |
| 8. | Стојко Пауновски | |
| 9. | Благоја Стојановски | |

Во извештајниот период Буџетскиот совет одржа две седници на кои беа разгледани три точки.

На петтата седница одржана на 23 јули 2013 година, Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија го разгледа и утврди Стратешкиот план на

Собранието на Република Македонија за периодот 2014-2016 година. Стратешкиот план на Собранието на Република Македонија за периодот 2014 - 2016 година е подготвен согласно со Законот за буџетите и во истиот се утврдени целите и приоритетите на Собранието на Република Македонија во следните три години. Утврдените стратешки приоритети имаат за цел зајакнување на институционалните и функционалните капацитети на Собранието како услов за квалитетно, рационално и ефикасно остварување на неговите надлежности. Во Стратешкиот план се дадени конкретни износи на финансиски средства потребни за реализација на поставените цели. Зајакнувањето на законодавната и надзорната функција, зајакнување на финансиската самостојност, остварување и унапредување на меѓународната соработка, транспарентност во работењето, унапредување на ИКТ технолошката платформа и зајакнување и унапредување на човечките ресурси се нотирани како приоритетни цели на Собранието на Република Македонија во периодот од 2014 до 2016 година. Со цел да се зајакне законодавната функција на Собранието особено значајно е донесувањето на закони кои значат изградба на конзистентен правен систем во државата, почитување на принципот на владеење на правото и развој на парламентарната демократија. Во овој контекст, особено е важно донесувањето на закони со кои законодавството на Република Македонија се усогласува со правото на ЕУ, што е правен предуслов за исполнување на критериумите за процесот на евроинтегрирање на нашата држава. Информатичко комуникациската технологија е една од најмоќните алатки за остварување на поголема транспарентност, отчетност во работењето и вклученост на граѓаните во законодавниот процес и претставува двигател за развој и унапредување на работата на Собранието. Преку постојаното надоградување и осовременување на информацискиот систем во согласност со најновите технолошки достигнувања и обезбедување на современа опрема, ќе може да се обезбеди соодветната информатичко-технолошка поддршка на работата и активностите на пратениците и стручната служба на Собранието. За остварување на надлежностите на Собранието и неговите работни тела потребна е квалитетна стручна и административна поддршка која треба да ја обезбеди Службата на Собранието. Во оваа насока потребно е искористување на кадровските потенцијали и човечки ресурси, но и нивно перманентно усовршување преку разни форми на следење и совладување на современите методи и практики кои ги користат парламентите на земјите со долгогодишна парламентарна традиција. Репрезентативната улога на Собранието во областа на мултилатералната и билатералната соработка, на внатрешен и меѓународен план, се здобива со посебно значење преку јакнењето на парламентарната дипломатија како алатка за остварување на стратешките меѓународни приоритети во целина, особено во доменот на европските и евроатлантските интеграции.

На истата седница Буџетскиот совет го разгледа и утврди Предлогот на буџетското барање на Собранието на Република Македонија за 2014 година. Буџетскиот совет констатираше дека финансиските средства утврдени во Предлогот на буџетското барање на Собранието на Република Македонија за 2014 година се планирани во согласност со реалните

потреби на Собранието, со цел навремено, квалитетно и континуирано извршување на функциите на Собранието на Република Македонија. Истовремено беше заклучено дека финансиската проекција на потребни средства во Предлогот на буџетското барање на Собранието на Република Македонија за 2014 година е во функција на реализација на активностите кои се утврдени во Стратешкиот план на Собранието на Република Македонија за периодот 2014-2016 година, а со цел за квалитетно, ефикасно и континуирано остварување на надлежностите на Собранието на Република Македонија.

На шестата седница одржана на 7 ноември 2013 година Буџетскиот совет, го разгледа Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2014 година - Раздел 02001 Собрание на Република Македонија. Буџетскиот совет го прифати Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2014 година - Раздел 02001 Собрание на Република Македонија.

За одржаните седници и разгледани точки донесени се заклучоци и изготвени се записници.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 2 |
| Вкупно разгледани точки | | 3 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 1 |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 1 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 2 |
| Информации, извештаи | | - |
| Правилници | | - |

## 4.3.3.НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Националниот совет за евроинтеграции претставува широка платформа преку која се овозможува инклузивност на сите општествени фактори во креирањето и следењето на интеграцијата на Република Македонија во Европската унија. Националниот совет за евроинтеграции од неговото формирање и во својата досегашна работа ги прифати и ги промовира клучните европски постулати „обединети во разликите", отвореност и инклузивност.

Националниот совет за евроинтеграции е формиран со Одлука за основање на Национален совет за евроинтеграции ("Службен весник на Република Македонија" број 140/2007) донесена на седницата на Собранието на Република Македонија одржана на 19 ноември 2007 година. Согласно со оваа одлука во надлежност на Советот е да:

-го следи и оценува текот на активностите за добивање членство на Република Македонија во Европската унија;

-дава мислења и насоки во врска со подготовките за започнување на преговорите за добивање членство на Република Македонија во Европската унија;

-дава мислења и насоки за преговарачките позиции на Република Македонија;

-разгледува информации за процесот на преговарањето;

-дава мислења за прашањата кои ќе се отворат во текот на преговарањето;

-ги разгледува и оценува активностите на одделни членови вклучени во преговарачките тимови;

-одржува, преку претседателот на Советот постојани консултации и размена на информации со претседателот на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија;

-одржува постојани консултации со шефот на преговарачкиот тим и министерот за надворешни работи;

-по потреба дава мислења за усогласување на законодавството на Република Македонија со правото на Европската унија и

-најмалку два пати годишно го известува Собранието на Република Македонија за својата работа.

Заради обезбедување на континуитет во остварувањето на делегираните надлежности на Националниот совет за евроинтеграции и согласно со усвоениот заклучокот од 18-та седница на Советот одржана на 26 ноември 2010 година, Собранието на Република Македонија на 2-та седница одржана на 6 јули 2011 година ја усвои Одлуката за изменување на Одлуката за основање Националниот совет за евроинтеграции ("Службен весник на Република Македонија"број 91/11). Со оваа одлука во составот на Советот, за членовите од редот на пратениците во Собранието на Република Македонија се предвидени заменици на членови.

Составот на Националниот совет за евроинтеграции ги рефлектира различните политички, етнички, верски и интересни групи во македонското општество кои се обединети во заедничката цел - членството на Република Македонија во Европската унија. Составот на Советот е определен со Одлуката за именување на претседател, потпретседател и членови на

Националниот совет за евроинтеграции, донесена на 29 јули 2011 година ("Службен весник на Република Македонија" број 103/11), Одлуката за дополнување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател и членови на Националниот совет за евроинтеграции, донесена на 19 декември 2011 година ("Службен весник на Република Македонија" број 176/11), Одлука за изменување на одлуката за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици-членови на Националниот совет за евроинтеграции ("Службен весник на Република Македонија" број 79/13) и Одлуката за изменување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици-членови на Националниот совет за евроинтеграции ("Службен весник на Република Македонија" број 119/13).

Во работата на Националниот совет за евроинтеграции учествуваат претставници на законодавната и извршната власт, претставници на локалната власт, на граѓанското општество претставено преку членови и претставници на Македонската академија на науките и уметностите, Здружението на новинарите на Македонија, стопанските комори, синдикатите, верските заедници и Граѓанската платформа на Македонија. Претседателот на Советот е од редовите на парламентарните партии во опозиција, а потпретседателот од парламентарните партии во позиција. Советот има 15 члена и девет заменици на членови, и тоа: девет члена од редот на пратениците во Собранието, кои имаат свои заменици и шест члена од други институции: заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, претставник од Кабинетот на претседателот на Република Македонија, претставник од Кабинетот на претседателот на Владата на Република Македонија, претставник од Македонската академија на науките и уметностите, од Заедницата на единиците на локалната самоуправа и од Здружението на новинарите. Овие шест члена учествуваат во работата на Советот без право на одлучување.

Начинот на работа на Советот, одлучувањето, правата и обврските на претседателот, потпретседателот, членовите на Советот, замениците на членови и претставниците, нивното присуство и учество во работата на Советот, јавноста во работата и вршењето на стручните, административните и другите работи за потребите на Советот се уредени со Деловникот на Националниот совет за евроинтеграции донесен на седницата одржана на 25 октомври 2011 година. Согласно со членот 7 став 2 од Деловникот, Советот одлучува со консензус на присутните членови што имаат право на одлучување.

Националниот совет за евроинтеграции во изминатиот период, без исклучок, работеше на отворени седници кои беа целосно пренесувани на Собранискиот канал. На седниците на Советот беа поканети медиумите во Република Македонија.

## ОДРЖАНИ СЕДНИЦИ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Во периодот опфатен со овој извештај, Националниот совет за евроинтеграции одржа четири седници. Една од седниците беше одржана заедно со Собраниската комисија за европски прашања. Можноста да се одржи заедничка седница е предвидена во членот 8 од Деловникот за

работа на Националниот совет за евроинтеграции, а се однесува за прашања кои се од заеднички интерес од областа на евроинтеграциите.

За прв пат од започнувањето на Претпристапниот дијалог на високо ниво, на иницијатива на Комесарот за проширување и европска соседска политика на Европската комисија г. Штефан Фуле, претседателот и потпретседателот на Националниот совет за евроинтеграции беа поканети и учествуваа на четвртиот состанок на ПДВН, што се одржа на 9 април 2013 година. Ова претставува признание за досегашната работа на Советот и напорите кои се вложуваат во интерес на европската интеграција на земјата.

Првата седница во извештајниот период Националниот совет ја одржа на 9 април 2013 година. Оваа седница претставува 14-та седница на Советот во парламентарниот мандат 2011-2015. На седницата *свое обраќање имаше г. Штефан Фуле, Комесар за проширување и европска соседска политика на Европската комисија.* На седницата беа поканети и учествуваа и членовите од Комисијата за европски прашања, Комисијата за надворешна политика и Мешовитиот парламентарен комитет РМ и ЕУ. На седницата беа поканети и присуствуваа амбасадорите на земјите членки на Европската унија во Република Македонија. На седницата присуствуваа и г. Стефано Санино Генерален директор на Генералниот директорат за проширување на Европската комисија, г. Аиво Орав шеф на Делегацијата на Европската унија во Република Македонија и г. Андреј Лепавцов, амбасадор на Република Македонија при Европската унија.

На седницата комесарот Фуле изрази задоволство што повторно е во Скопје, иако тоа е трет пат од почетокот на годината и забележа дека ако неговото доаѓање се смета за позитивен знак од аспект на вклученост на Унијата, тогаш е во ред, но исто така доколку се смета за вознемирувачки знак дека нешто не е добро, повторно сме во право. Комесарот Фуле, посочи дека Претпристапниот дијалог на високо ниво се покажа како важен катализатор за Република Македонија, истиот ги одреди специфичните реформи во пет клучни области, преку процес на дијалог. Комесарот Фуле нагласи дека има напредок во одредени области, напредокот не се однесува на целата област - владеење на правото, туку на подобрувањето на ефикасноста на судскиот систем и важноста на Академијата за судии и јавни обвинители како и подобрување во спроведувањето на обуки. Позитивно беа оценети некои законски решенија кои беа неодамна донесени во оваа област.

Во однос на реформите на јавната администрација, комесарот Фуле истакна дека со особен интерес ги следат реформите и напорите за поставување на општа рамка, но нема конкретен коментар дека има напредок.

Во овој контекст комесарот Фуле изнесе дека се надева дека ќе биде направено повеќе за децентрализацијата и регионалниот развој.

Во однос на слободата на изразувањето и медиумите, комесарот Фуле нагласи дека од суштинско значење е да продолжи дијалогот со новинарите, и истите да бидат вклучени во реформите во оваа област, на транспарентен и отворен начин. Комесарот Фуле ја потенцираше важноста од усвојувањето на законските решенија за декриминализација на клеветата во 2012 година, но и дека сега очекувањата се националните судови да покажат капацитет и да го имплементираат законодавството. Од негова страна беше изразено жалење дека големиот

напредок кој беше постигнат, беше покриен со скорешните настани од 24 декември 2012 година и поради тоа оцени дека од суштинско значење е Владата да го продолжи дијалогот со новинарите.

Од страна на комесарот Фуле беше дадена препорака што побрзо да се формира Анкетна комисија за расчистување на настаните од 24 декември 2012 година, како и да се потпише меѓупартиски меморандум со кој ќе се потврди заедничката посветеност за евроинтеграциskiот процес.

Во однос на локалните избори во 2013 година, според меѓународните набљудувачи истите се оценети како добро спроведени и конкурентни, но има бројни забелешки на ОБСЕ/ОДИХР кои мора да бидат разгледани, како што се недоволна одделеност на државата и партијата, наводите за злоупотреба на државните ресурси во текот на кампањата, како и улогата на медиумите во овој контекст.

Втората седница во извештајниот период Националниот совет за евроинтеграции ја одржа на 24 јуни 2013 година. Оваа седница претставува 15-та седница во парламентарниот мандат 2011-2015 година. На седницата беше разгледана *Информацијата за реализираните активности од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија - ревизија 2013, за периодот од 01.01.2013 - 31.03.2013 година.* Информацијата беше презентирана од страна на д-р Фатмир Бесими, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања. На седницата беше укажано дека е особено важно темата за евроинтеграциите да продолжи да биде во фокусот на интересот кај институциите, вклучително и во Собранието на Република Македонија, што ќе претставува добра порака за посветеноста на државата во пристапување во ЕУ. Исполнувањето на обврските од Патоказот, односно Акцискиот план за исполнување на приоритетите дефинирани во Пристапниот дијалог на високо ниво, се всушност приоритетите кои произлегуваат од НПАА. Во однос на политичките критериуми, вицепремиерот Бесими укажа на важноста на Пристапниот дијалог на високо ниво како и спроведените локални избори, при што информираше дека веднаш по изборите бил одржан состанок на Управувачкиот комитет на високо ниво со цел да продолжат со работа работните групи за законодавството и за избирачкиот список, како и за натамошна имплементација на препораките од извештајот на ОБСЕ за одржаните локални избори. Вицепремиерот Бесими даде осврт за сработеното по одделните области: јавна администрација, правосудство, антикорупциска политика, човекови права и заштита на малцинствата, слобода на изразување и медиумите, имплементацијата на Охридскиот рамковен договор, регионалните прашања и меѓународните обврски, како и за економските критериуми. Националниот совет за евроинтеграции на истата седница со консензус усвои заклучоци на дел од организираните јавни расправи во текот на 2012 година, односно заклучоци по работната верзија на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за следење на комуникациите, Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи, Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за полиција и Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита.

Националниот совет за евроинтеграции на 23 јули 2013 година одржа заедничка седница со Комисијата за европски прашања. На седницата од страна на амбасадорот на Република

Литванија задолжен за Република Македонија со седиште во Будимпешта г. Ренатас Јушка беше презентирана *Програмата и приоритетите за работа на Литванското претседателство со Советот на Европската унија за периодот јули-декември 2013 година.* Оваа седница претставува 16-та седница на Советот во парламентарниот мандат 2011-2015 година. На седницата беа поканети и учествуваа и членовите на Комисијата за надворешна политика, членовите на Мешовитиот парламентарен комитет РМ и ЕУ, како и претставници на амбасадите на земјите членки на Европската унија во Република Македонија. Националниот совет за евроинтеграции за прв пат од неговото формирањето организираше седница за тема посветена на програмата и приоритетите на актуелното претседателство со Советот на ЕУ. Амбасадорот Јушка презентираше информации за актуелната состојба во Литванија како на политичко, така и на економско поле одржаните избори во 2013 година и новиот парламентарен состав, како и податоци за Литванската економија како втора најбрзо растечка економија меѓу земјите членки во ЕУ во последните две години. Во фокусот на шестмесечното Литванско претседателство со Советот на ЕУ беа три приоритети кредибилна, растечка и отворена Европа. Во рамките на приоритетот - отворена Европа, Литванското претседателство ќе се стреми да преземе чекори за зајакнување на ЕУ како глобален модел на отвореност и безбедност, ќе се фокусира на поблиска интеграција на ЕУ и нејзините источни партнери, а воедно и ќе го следи процесот на проширување на ЕУ.

Националниот совет за евроинтеграции на 28 октомври 2013 година ја одржа четвртата седница во периодот опфатен со овој извештај, односно 17-та седница на Советот во парламентарниот мандат 2011-2015 година. На седницата беше разгледан *Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2013 година.* На седницата присуствуваа: г. Ричард Ховит, пратеник во Европскиот парламент и известител за Република Македонија во Европскиот парламент, Н.Е. Аиво Орав, шеф на Делегацијата на Европската унија во Република Македонија, како и амбасадори и претставници на земјите членки на Европската унија во Република Македонија.

Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2013 година, беше презентиран од страна на г. Аиво Орав, кој истакна дека е особено важно што Европската комисија по петти пат даде препорака за почеток на пристапните преговори со Република Македонија. Препораката значи дека Комисијата верува дека земјата е подготвена да ги започне пристапните преговори. Во Извештајот на ЕК се нагласени следниве прашања/области: политичкиот дијалог како многу важен и истиот треба да продолжи, слободата на медиумите, владеењето на правото, борбата против корупција и добрососедските односи. Беше нагласено дека до периодот на одржувањето на декемврискиот состанок на Советот на ЕУ, да биде постигнат дополнителен напредок во наведените области. Пратеникот во Европскиот парламент и известител за Република Македонија во ЕП г. Ричард Ховит, за прв пат учествуваше на седница на Националниот совет за евроинтеграции. Според г. Ховит, Националниот совет за евроинтеграции има клучна улога во постигнувањето на широк национален консензус за европската интеграција на државата, како и за политичкиот дијалог, што е потенцирано и во овогодишниот Извештај на Европската комисија. Во однос на реформата на јавната администрација, од негова страна се укажа на потребата за дополнителни напори за гарантирање на професионалност и независност на администрацијата и правичната застапеност.

Вклучувањето на граѓанското општество во парламентарниот процес и донесувањето на одлуките е од особено значење. Важен чекор што треба да се преземе е спроведувањето на препораките од Извештајот на Комисијата за испитување на настаните во Собранието од 24 декември 2012 година. Во измените на Деловникот на Собранието потребно е да се интегрираат сите политички партии, во духот на потпишаниот меѓупартиски меморандум. Господин Ховит информираше дека слободата на изразување и состојбите во медиумите ќе бидат едни од главните прашања за кои ќе се дискутира во Европскиот парламент. Ставот на Европската комисија и Европскиот парламент, како и негов личен став е дека Копенхашките критериуми се доволно исполнети, но дека дел од земјите членки на ЕУ не се согласуваат со тоа. За ова прашање треба да се дискутира пред декемврискиот состанок на Советот на ЕУ, со цел да се убедат сите земјите членки. И покрај тоа што беа одржани две продолженија на седницата, на 7-ми и 8-ми ноември 2013 година, Советот не усвои заклучоци.

## ОСТВАРЕНА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

На 8 јули 2013 година потпретседателот на Националниот совет за евроинтеграции г-ѓа Силвана Бонева, членовите на Советот г. Антонио Милошоски, г-ѓа Сузана Салиу, г. Кенан Хасипи и заменик членот г. Сафет Бишевац, остварија средба со делегација од Комисијата за европски прашања на Холандскиот парламент во состав г. Александер Печтолд г. Марк Верхијен и г. Мичел Сервас. Средбата беше заедничка со членови на Собраниската комисија за европски прашања. На средбата беше поздравена континуираната поддршка на Кралството Холандија во процесот на европската интеграција на Република Македонија, како и заедничката заложба за унапредување на парламентарната соработка. Од холандска страна беше покажан интерес во однос на состојбите и напредокот во областа на владеењето на правото, напредокот во областа на човековите права и малцинствата, за настаните од 24 декември 2012 година, како и за состојбите во областа на медиумите и правата на ЛГБТ заедницата. На средбата беше истакнато дека Република Македонија продолжува и понатаму да ги одржува добрососедските односи, и е посветена на процесот на интегрирањето во ЕУ како најсилен кохезивен фактор во македонското мултиетничко општество.

Претседателот на Националниот совет за евроинтеграции г-ѓа Радмила Шекеринска, на 17 септември 2013 година во Собранието на Република Македонија оствари средба со г. Ерки Туомиоја, министер за надворешни работи на Финска.

На 1 октомври 2013 година претседателот на Националниот совет за евроинтеграции г-ѓа Радмила Шекеринска, оствари средба со европратениците: г. Мартин Кестлер од Германија и г. Туне Келам од Естонија. Во своето излагање г-ѓа Шекеринска ги запозна гостите со составот и работата на Националниот совет за евроинтеграции. Република Македонија останува обединета по прашањето за Европската унија, меѓутоа неотпочнувањето на преговорите само ги поткопува постигнатите реформи. Националниот совет за евроинтеграции се труди да го надмине тој јазол и да се донесе решение. Членот на Европскиот парламент г. Кестлер искажа благодарност за средбата, посочувајќи дека како членови на неформалната Група на пријатели на Македонија во

Европскиот парламент, ќе ја зацврстат презентацијата за Република Македонија на сите нивоа, при што понуди помош во текот на Грчкото претседателство со Советот на ЕУ, кое ќе започне во јануари 2014 година. Членовите на Европскиот парламент го поздравија потпишувањето на Меморандумот за исполнување на стратешката цел за членство на Република Македонија во Европската унија од страна на политичките партии на Република Македонија. Други теми на средбата беа и прашањето за името, настаните од 24 декември 2012 година, како и препораките кои произлегоа од нив. За Република Македонија и понатаму останува двојниот пристап, справувањето со грчкото вето од една страна и спроведувањето на реформите од друга страна.

На 7 октомври 2013 година претседателот на Националниот совет за евроинтеграции г-ѓа Радмила Шекеринска, претседателот на Комисијата за надворешна политика г. Антонио Милошоски, копретседателот на Мешовитиот парламентарен комитет - РМ и ЕУ г. Кенан Хасипи, и членот на Комисијата за европски прашања г-ѓа Дешира Имери, остварија заедничка средба со г. Линас Линкевичиус министер за надворешни работи на Република Литванија и актуелен претседавач со Советот на Европската унија и г. Титус Корлацеан министер за надворешни работи на Романија и претседавач со Процесот за соработка во Југоисточна Европа. Заедничката средба беше оценета како конструктивна и во духот на пријателски и јасни пораки упатени од двете страни. Во фокусот на средбата беа прашањето за името, настаните од 24 декември 2012 година, напредокот во реформските цели и приоритети во рамките на Претпристапниот дијалог на високо ниво, како и позитивните извештаи за напредокот на Република Македонија од страна на Европската комисија. Господин Линкевичиус ја истакна поддршката за Република Македонија на патот кон интеграцијата во ЕУ и НАТО. Беше поздравен постигнатиот напредок во однос на Договорот од 1 март 2013 година, продолжувањето на работата на Парламентот, како и потпишувањето на Меморандумот за исполнување на стратешката цел за членство на Република Македонија во ЕУ од страна на политичките партии во Република Македонија. Меморандумот беше оценет како значаен за заедничката визија за иднината на земјата. Господинот Линкевичиус истакна дека не само за Литванското претседателство со Советот на ЕУ, туку и за Унијата во целост, значајно е регионот да се интегрира во ЕУ, како дел од европското семејство. Овој проект е значаен како за регионот, така и за Унијата, за успешност на процесот на проширување на ЕУ. Министерот за надворешни работи на Романија г. Титус Корлацеан истакна дека присуството на двајцата министри е јасна политичка порака за интересот за продолжувањето на процесот на проширување на Европската унија. Од негова страна беше посочено дека во центарот на вниманието е регионалната соработка како многу важна, во интерес на Романија е да се постигне позитивна атмосфера и дека особено се важни преговорите со Грција и Бугарија. Министерот Корлацеан потенцираше дека поддршката на политичките партии во Парламентот во однос на прашањето за членството во Унијата е од исклучително значење и дека за ова прашање е особено важна и пошироката поддршка во општеството. Од македонска страна беше искажана голема благодарност за досегашните преземени иницијативи и ангажмани на Литванија и Романија, како и на ЕУ.

На 25 октомври 2013 година претседателот на Националниот совет за евроинтеграции г-ѓа Радмила Шекеринска одржа средба со г. Јан Кикерт, политички директор во Федералното министерство за надворешни и европски прашања на Австрија.

# 5. ПРЕТСЕДАТЕЛ И ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СОБРАНИЕТО

# 5.1.ПРЕТСЕДАТЕЛ

Претседателот на Собранието на Република Македонија се избира од редот на пратениците со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници (62 пратеника). Мандатот на претседателот на Собранието трае четири години.

Претседателот на Собранието го претставува Собранието, ги свикува седниците и раководи со нив, се грижи за примена на Деловникот на Собранието и врши други работи утврдени со Уставот на Република Македонија и со Деловникот на Собранието.

Функцијата претседател на Собранието е неспојлива со вршење на друга јавна функција, професија или функција во политичка партија.

За време на извршувањето на функцијата претседател на Собранието на Република Македонија г. Вељаноски дејствуваше во насока на успешно и ефикасно остварување на законодавната власт на Собранието на Република Македонија и остварување на една од темелните вредности владеењето на правото во Република Македонија, притоа следејќи ја стратешката определба за приближување кон Европската унија.

Во остварувањето на неговите бројни со Уставот и со Деловникот утврдени надлежности, како позначајни можат да се истакнат:

- константната потреба за испитувањето и оценувањето на уредноста на предлозите за донесување на закони и други акти, како и планирањето на динамиката на седниците на Собранието според значењето, природата и времето на поднесувањето на предлозите на акти и други материјали,
- грижата за усогласување на активностите на Собранието со претседателот на Република Македонија и со Владата на Република Македонија,
- продолжување на практиката на соработка со координаторите на пратеничките групи во врска со прашањата за унапредување и поефикасно работење на Собранието,
- грижата за остварувањето на правата на пратениците и за обезбедување услови за нивната работа,
- продолжување на практиката на соработка и координирање со потпретседателите на Собранието и одлучување по прашања за прием на претставници и делегации на параламенти и други органи и организации од странство, како и за испраќање на постојани и повремени собраниски делегации во органите и организациите во странство и
- прифаќање на бројни лични и покровителства на Собранието за одделни прослави и на настани од значење за Републиката и определување претставници на Собранието на тие прослави.

Со нагласен интерес и интензитет претседателот ја следи работата на Службата на Собранието и се грижи за унапредување на нејзината работа и за создавање услови за нејзино посовремено и поефикасно работење, со примена на современата информатичка технологија, за што се користени искуствата од парламентите на повеќе држави.

Собранието на Република Македонија, покрај неговата примарна законодавна функција, продолжи да биде и значаен субјект и партиципиент во остварување на интересите на нашата држава во надворешната политика и односите со странство на билатерален и мултилатерален план.

Претседателот на Собранието во овој период оствари динамична меѓународната соработка со парламентарните, дипломатско-конзуларните и други претставници на странски држави, на меѓународни организации, како и со други видни странски личности.

**Преглед на надворешно-политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија Трајко Вељаноски**
**(1 јануари 2013 - 31 декември 2013)**

Подготвителна средба со новоизбраниот амбасадор на Република Македонија во Република Чешка, **г. Паскал Стојчевски** (8 јануари 2013);

Средба со пратеникот на Федералниот парламент на Австралија, **г. Лук Симпкинс** (11 јануари 2013);

Средба со Делегација од Група за билатерална соработка со Република Македонија на Претставничкиот дом на Република Индонезија (15 јануари 2013);

Работна средба со амбасадорот на СР Германија, **г-ѓа Гудрун Штајнехер** (17 јануари 2013);

Работна средба со амбасадорот на Холандија, **г-ѓа Марија Хенриетте Шурман** (23 јануари 2013);

Работна средба со амбасадорот на Русија, **г. Олег Николаевиќ Шчербак** (25 јануари 2013);

Средба со претседателот на Владата на Република Србија, **г. Ивица Дачиќ** (28 јануари 2013);

Подготвителна средба со новоизбраниот амбасадор на Република Македонија во Република Романија, **г. Панде Лазаревски** (28 јануари 2013);

Протоколарна средба со новоименуваниот шеф на Канцеларијата за врски на Република Грција во Република Македонија, амбасадорот **г. Теохарис Лалакос** (1 февруари 2013);

Работна средба со амбасадорот на Италија, **г. Фабио Кристијани** (1 февруари 2013);

Официјална посета на Соединетите Американски Држави (4 - 9 февруари 2013);

Подготвителна средба со новоизбраниот амбасадор на Република Македонија во Обединетото Кралство, **г. Јован Донев** (19 февруари 2013);

Подготвителна средба со новоизбраниот амбасадор на Република Македонија во Кралството Шпанија, **г. Слободан Чашуле** (19 февруари 2013);

Протоколарна средба со амбасадорот на Франција, **г-ѓа Лорен Оар** (20 февруари 2013);

Официјална посета на Индија (3 март - 8 март 2013)

Средба со делегацијата на Државната Дума на Руската федерација (26 март 2013).

Официјална посета на Република Србија (1 - 2 април 2013);

Работна средба со амбасадор на Унгарија**, г. Јожеф Бенце** (8 април 2013);

Средба со министерот за надворешни работи на Република Словенија, **г. Карл Виктор Ерјавец** (11 април 2013);

Средба со министерот за надворешни работи на Република Албанија, **г. Алдо Бумчи** (30 април 2013);

Официјална посета на Република Ирска (7 - 9 мај 2013);

Присуство на свечен прием во хотел Александар палас по повод Националниот ден на Руската Федерација (11 јуни 2013);

Присуство на прием по повод годишнината од роденденот на **Кралицата Елизабета II** (11 јуни 2013).

Средба со министерот за надворешни работи на Република Романија, **Н.Е. г. Титус Корлацеан** (3 јули 2013);

Присуство на свечен прием во американската амбасада во Скопје по повод денот на независноста на САД, 4-ти јули (3 јули 2013);

Средба со Делегација од Комисијата за европски прашања на Парламентот на Холандија (8 јули 2013);

Средба со **г. Ендру Елсбери**, пратеник од Викторија, Комонвелт Австралија (8 јули 2013);

Средба со амбасадорот на Република Турција, **г. Халил Ѓурол Сокменсур** (11 јули 2013);

Средба со Претседателот на Република Словенија**, Н.Е. г. Борут Пахор** (17 јули 2013);

Средба со **Звонимир Јанкуловски**, амбасадор во Амбасадата на РМ во Светата Столица (1 август 2013);

Присуство на прием во Холидеј Ин по повод Денот на победата на Република Турција (30 август 2013).

Официјална посета на спикерот на Сенатот на Канада, **Н.Е. г. Ноел Кинсела** (3 -7 септември 2013);

Присуство на свечен прием по повод 22 годишнината од Независноста на Украина во ресторан Ореов лад (04 септември 2013);

Средба со Претседателот на Република Хрватска, **Н.Е. г. Иво Јосиповиќ** (05 септември 2013);

Средба со Претседателот на Република Полска, **Н.Е. г. Бронислав Коморовски** (10 септември 2013);

Официјална посета на Лорд спикерот на Горниот дом на Парламентот на Обединетото кралство на Велика Британија и Северна Ирска, **Баронесата Д'Соуза** (24 - 27 септември 2013);

Присуство на свечен прием по повод 64 годишнината од основањето на Народна Република Кина и 20 - годишнината од воспоставувањето на дипломатски односи меѓу Република Македонија и Народна Република Кина во хотел Александар Палас (30 септември 2013);

Присуство на свечен прием по повод 20-годишнината од воспоставување на дипломатски односи меѓу Р. Македонија и Сојузна Република Германија во хотел Бест Вестерн Белви (3 октомври 2013);

Средба со Делегација од германскиот Бундестаг, предводена од пратеникот **г. Штефан Клаудио Леме** (14 октомври 2013);

Средба со потпретседателот на Сејмот на Република Полска, **г. Јежи Вендерлих** (16 октомври 2013);

Средба со амбасадорот на Кралството Шведска во Р. Македонија, **г. Матс Стафансон** (18 октомври 2013);

Официјална посета на Чешката Република (29 октомври 2013);

Средба со претседателот на Владата на Република Албанија**, г. Еди Рама** (06 ноември 2013);

Проштална средба со амбасадорот на Република Албанија, **г. Арбен Чејку** (14 ноември 2013);

Работна посета на Кралството Шпанија (25 - 27 ноември 2013);

Присуство на изложба и прием во Амбасадата на САД по повод 20 годишнината од отворање на првата канцеларија за врски (3 декември 2013);

Средба со претседателот на Владата на Унгарија, **г. Виктор Орбан** (5 декември 2013);

Официјална посета на Република Албанија (11-13 декември 2013) и

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Србија во Република Македонија, **г-ѓа Душанка Дивјак Томиќ** (19 декември 2013).

**Преглед на надворешно-политичките мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија Трајко Вељаноски (1 јануари 2013 - 31 декември 2013)**

Работна средба со амбасадорот на Европската Унија во Република Македонија, **г. Аиво Орав** (09 јануари 2013);

Работна средба со генералниот директор за проширување на Европската унија, **г. Стефано Санини** (15 јануари 2013);

Средба со членовите на Европската народна партија, предводена од потпретседателот на ЕПП, **г-ѓа Корин Вортман-Коол** (13 февруари 2013);

Средба со членовите на Поткомитетот за човекови права во Европскиот парламент, предводени од известителот за Република Македонија во Европскиот парламент, **г. Ричард Ховит** (14 февруари 2013);

Обраќање на Меѓународната конференција „Европска интеграција низ соработката на парламентите, граѓанското општество и независните регулаторни тела во ЈИЕ - Размена на искуства и позитивни практики" (15 април 2013);

Конференција на претседатели на ЕУ парламенти, Никозија - Кипар (21 - 23 април 2013);

Десетта Конференција на претседатели на парламенти на процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПСЈИЕ), Охрид (26 - 28 мај 2013);

Средба со претседателот на Парламентарното Собрание на Советот на Европа, **г. Жан Клод Мињон** (и вечера во ресторан Воденица) (10 јуни 2013);

Средба со специјалниот известувач на Обединетите нации за унапредување и заштита на правото на слободата на мислење и изразување, **г. Франк Ла Ру** (18 јуни 2013);

Средба со помошникот на генералниот секретар на НАТО за политички односи и безбедносна политика, **г. Дирк Бренгелман** (5 јули 2013);

Учество на Шестата Конференција на претседатели на парламенти од земјите од Западен Балкан, во Будимпешта, Унгарија (8 октомври 2013);

Посета на македонските мировници распоредени во Мисијата ИСАФ во Авганистан по повод државниот празник 11 Октомври - Ден на народното востание (12 октомври 2013);

Средба со евроамбасадорот **г. Аиво Орав** по повод примопредавање на Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2013 година (16 октомври 2013);

Средба со известителот на мониторинг комисијата на Парламентарното собрание на Советот на Европа за Република Македонија, **г. Роберт Валтер** (02 декември 2013) и

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Македонија во Постојаната мисија на Република Македонија при ОН во Њујорк, **г. Василе Андоновски** (19 декември 2013).

**Преглед на други активности на претседателот**
**на Собранието на Република Македонија, г. Трајко Вељаноски**
**(1 јануари 2013 - 31 декември 2013)**

Света божествена литургија по повод Божиќ во Соборниот храм „Св. Климент Охридски" (7 јануари 2013);

Работен ручек со амбасадори (8 јануари 2013);

Подготвителна средба со новоизбраниот амбасадор на Република Македонија во Република Чешка, **г. Паскал Стојчевски** (8 јануари 2013);

Традиционален Божиќен коктел во свечената сала на Соборниот храм (8 јануари 2013);

Ручек во резиденцијата на Поглаварот на МПЦ, **г.г.Стефан** по повод имениден, празник на Св. првомаченик архиѓаконот Стефан (9 јануари 2013);

Потпишување на решение за распишување на локалните избори 2013 година (11 јануари 2013);

Изјава за медиуми по повод распишување на локални избори 2013 година (11 јануари 2013);

Одбележување на Водици на железен мост во Хром, посета на св. Апостол Павле (19 јануари 2013);

Свечена изјава на заменик министер за економија, **г. Христијан Делев** (22 јануари 2013);

Работна вечера во ресторанот „Стара куќа" со претставници од Амбасадата на Швајцарија (22 јануари 2013);

Давање на свечена изјава на јавен обвинител на Република Македонија **г. Марко Зврлевски** (24 јануари 2013);

Свечена изјава на заменик министер во Министерство за внатрешни работи, **г. Земри Ќамили**, заменик министер во Министерство за финансии, **г. Ардиан Џеладини** и заменик министер во Министерство за транспорт и врски, **г. Џељаљ Бајрами** (18 февруари 2013).

Обраќање по повод покровителството на 50. Мавровски меморијал во нордиско скијање (1 март 2013);

Работна средба со директорот на USAID, **г. Роберт Вурц** (18 март 2013);

Присуство на Велигденска миса по повод Католички велигден во црквата Пресвето срце Исусово (30 март 2013).

Потпишување во книга на жалост по повод смртта на поранешниот премиер на Обединетото Кралство, **баронесата Маргарет Тачер** (10 април 2013);

Обраќање на регионална Конференција на ИПС стипендисти - 2013 година (12 април 2013);

Давање на свечена изјава на член на Државна комисија за спречување на корупција, **г. Ѓорѓи Сламков** и член на Советот на јавни обвинители на Република Македонија, **г. Дилавер Бектеши** (12 април 2013);

Средба со **г. Јохан Тарчуловски** (12 април 2013);

Присуство на церемонијален погреб на поранешниот премиер на Обединетото Кралство, **баронесата Маргарет Тачер**, Катедрала св. Павле, Лондон - Англија (16 - 17 април 2013);

Интервју во вестите во 19 часот на ТВ Сител (24 април 2013);

Велигденски духовен концерт во Универзална сала (манастир Св. Јован Бигорски) (24 април 2013);

Фотографирање со деца од ЈУ детски културен центар - Карпош по повод издавање на Монографијата 65 години ДКЦ „Карпош" (26 април 2013);

Работна вечера во резиденцијата на Амбасадата на Швајцарија (26 април 2013);

Присуство на свечена Воскресна литургија во св. Пантелејмон на Плаошник, Охрид (4 мај 2013);

Свечено отворање на новоизградениот објект „Порта Вевчани", општина Вевчани (5 мај 2013);

Прием - вечера по повод Третата светска конференција за меѓурелигиски и меѓуцивилизациски дијалог (10 мај 2013);

Работна средба со главниот државен ревизор**, г-ѓа Тања Таневска** (20 мај 2013);

Свечена изјава на заменик - министер за локална самоуправа, **г. Ѓорѓија Сајкоски** (29 мај 2013);

Доделување на благодарници на вработените во Службата на Собранието кои учествуваа во организирањето на Конференцијата на претседатели на парламенти на ПСЈИЕ во Охрид (14 јуни 2013);

Присуство на опелото по повод смртта на владиката полошко-кумановски Кирил во Соборниот храм "Св. Климент Охридски" (14 јуни 2013);

Свечена прослава по повод роденденот на ВМРО-ДПМНЕ во "Музејот на Македонската борба за државност и самостојност" (14 јуни 2013);

Давање на свечена изјава на **Беќир Шаини**, член на Судскиот совет на РМ (20 јуни 2013);

Средба со главниот државен ревизор **Тања Таневска** (27 јуни 2013).

Обраќање на отворањето на 52. издание на Балканскиот фестивал на народни игри и песни (06 јули 2013);

Средба со новиот извршен директор на Холандската конституенца на Светската банка, **г. Франк Химскерк** (10 јули 2013);

Положување цвеќе пред споменикот на жртвите од земјотресот во 1963 год. и присуство на концерт на плоштад Македонија по повод 50-годишнината од земјотресот (26 јули 2013);

Присуство на свечена Ифтар вечера во хотел Александар Палас на покана на Демократската партија на Турците на Македонија (28 јули 2013);

Давање на свечена изјава на заменициите на народниот правобранител на Република Македонија (31 јули 2013).

Обраќање по повод 2-ри август - Денот на Републиката и положување на свежо цвеќе пред споменикот на АСНОМ, Никола Карев и Методија Андонов Ченто (02 август 2013);

Присуство на централна прослава по повод одбележување на Денот на Армијата на РМ (18 август 2013);

Средба со **Жан Шарл Липерто** претседател на Парламентот на Федерацијата Валонија-Брисел (27 август 2013);

Обраќање на свечен прием - коктел по повод 8-ми Септември - Денот на независност на Република Македонија во Кристалната сала во Собрание на РМ (7 септември 2013);

Полагање свежо цвеќе на Споменикот на паднатите херои за Македонија по повод 8-ми Септември - Денот на независност на Република Македонија (8 септември 2013);

Присуство на свечена академија во Македонската опера и балет по повод свеченото одбележување на празникот 8-ми Септември (8 септември 2013);

Претседавање со четвртата седница на Делегацијата на Собранието на РМ во ИПУ (10 септември 2013);

Присуство на хуманитарна акција во придружба на координаторите на пратеничките групи во Амбасадата на САД во Скопје (11 септември 2013);

Обраќање и присуство на изложба на ракотворби во Националната галерија на Македонија "Мала станица" по повод 20 годишнината од воспоставувањето на дипломатските односи меѓу Република Македонија и Народна Република Кина (12 септември 2013);

Давање на свечена изјава на новоизбраните членови на Судскиот совет на Република Македонија (27 септември 2013);

Присуство на коктел по повод јубилејот на Канал 5 телевизија во ресторанот Воденица (2 октомври 2013);

Полагање свежо цвеќе на Споменикот на паднатите херои за Македонија по повод 23 Октомври - Денот на македонската револуционерна борба (23 октомври 2013);

Присуство на доделување на државната награда 23 Октомври во Кристалната сала на Собрание на РМ (23 октомври 2013);

Обраќање на свечена академија по повод 23 Октомври - Денот на македонската револуционерна борба во новиот објект на Македонскиот народен театар и коктел во Музејот на македонската борба (23 октомври 2013);

Давање на свечена изјава на новоизбраниот претседател на Државната изборна комисија на Република Македонија, **г. Никола Рилкоски** (22 ноември 2013);

Средба со **Вера Јовановска - Типко**, амбасадор во Амбасадата на РМ во Република Србија (29 ноември 2013);

Отворање на изложба по повод јубилеј на Остен, биенале на наградени автори во изложбениот простор на МАНУ (5 декември 2013);

Присуство на првата претстава во новиот театар (7 декември 2013);

Присуство на доделувањето на Државната награда "Св. Климент Охридски" во Свечена сала на Собранието на Република Македонија (8 декември 2013);

Давање на свечена изјава на новоизбраниот член на Судскиот совет на Република Македонија, **г-ѓа Виолета Богојеска** (24 декември 2013);

Присуство на Литургија по повод католичкиот Божиќ во Католичката црква (24 декември 2013);

Годишен работен состанок со шефовите на дипломатско-конзуларните претставништва и мисии на Република Македонија во странство (Амбасадорски совет) во МНР (27 декември 2013) и

Обраќање пред вработените во Службата на Собранието по повод претстојните празници (31 декември 2013).

# 5.2.ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ

Собранието на Република Македонија е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Републиката.

Собранието на Република Македонија од редот на пратениците, покрај тоа што избира претседател со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, избира и тројца потпретседатели.

По конституирањето на шестиот парламентарен состав избрани се тројца потпретседатели и тоа Светлана Јакимовска од ВМРО-ДПМНЕ, Сузана Салиу од ДУИ и Јани Макрадули од СДСМ.

Потпретседателите на Собранието на Република Македонија реализираа голем број активности коишто се состојат во редовното учество на седниците на претседателството на Собранието на Република Македонија, кои се одржуваат еднаш неделно каде што се разгледуваат важни прашања сврзани за тековните работи на Собранието, меѓународните активности, како и прашања од општ карактер.

Во споменатиот период, како пратеници редовно и активно учествуваа на сите пленарни седници на Собранието на Република Македонија.

Во својство на членови на разни комисии во Собранието на Република Македонија како потпретседатели беа меѓу најактивните и редовно учествуваа во сите комисии.

Во нивниот мандатен период потпретседателите, заедно со претседателот на Собранието на Република Македонија, реализираа многубројни средби со претставници на дипломатските и конзуларните претставништва, како и претставници на институции на странските земји и меѓународните организации во Република Македонија

## ➢ Потпретседател Светлана Јакимовска

### 1. *Учество во работата на работните тела на Собранието на Република Македонија и во пратеничките групи за билатерална соработка*

Светлана Јакимовска, потпретседател на Собранието на Република Македонија, доаѓа од редовите на партијата ВМРО ДПМНЕ.

Како потпретседател на Собранието на Република Македонија има реализирано голем број активности преку редовно учество на седниците на координациите на Собранието на кои се разгледуваа прашања поврзани со тековните работи на Собранието, меѓународни активности, прашања од општ карактер, како и учество на седниците на Претседателството на Собранието на Република Македонија со кои раководи претседателот на Собранието на РМ.

Како пратеник редовно има учествувано на сите пленарни седници на Собранието на Република Македонија, а како потпретседател раководи и со пленарните седници на Собранието.

Како претседател на Управувачкиот совет на Парламентарниот институт и Верификационата комисија има остварено бројни активности, а како член на Комисијата за прашања на изборите и именувањата и Законодавно-правна комисија, заменик претседател во Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците. Потпретседателката има земено конструктивно учество во работата на седниците на споменатите и други работни тела.

Активен член е во пратеничките групи на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Полска и Парламентот на Република Словенија, како и претседател на пратеничката група за соработка со Парламентот на Република Финска.

Редовно присуствува на надзорни и јавни расправи организирани од комисиите во Собрание на Република Македонија.

Активен член во Клубот на Пратенички.

Потпретседателката Јакимовска присуствуваше на собраниските седници чие обраќање имаа претседателот на Парламентарното собрание на Советот на Европа господин Жан Клод Мињон, спикерот на Канада почитуваниот господин Ноел Кинсела, Лорд спикерот на Сенатот на Горниот Дом на Парламентот на Обединетото Кралство на Велика Британија и Севрна Ирска Баронеса Д'Суза, како и претседателот на Република Македонија д-р Ѓорѓе Иванов.

- Остварена средба со корисниците на Меѓународната парламентарна стипендија за во Германскиот Бундестаг и евалуација на програмата за Меѓународна парламентарна стипендија (27 февруари 2013);
- Остварена средба со група од 20 истакнати универзитетски професори од Германија и 15 члена на здружението ИПС Алумни Македонија (18 септември 2013) и
- Во името на претседателот на Собранието на Република Македонија г. Трајко Вељаноски, потпретседателката Јакимовска, го отвори семинарот на тема ”Отворен парламент: транспарентност на парламентарните активности". Семинарот се реализира во рамките на повеќегодишната и континуирана соработка на Собранието на Република Македонија со Европскиот парламент (23 и 24 септември 2013).

### 2. *Средби со амбасадори и други диполоматски претставници*

- Потпретседателката на Собранието на Република Македонија г-ѓа Светлана Јакимовска, оствари средба со стипендистите на Меѓународната стипендија (ИПС) на германскиот Бундестаг. На средбата присуствуваше Н.Е. Гудрин Штајнакер, претседателот на Пратеничката група за соработка со Парламентот со СР Германија г. Антонио Милошоски и стипендистите Андреа Јовевски и Елена Митревска (18 февруари 2013);
- Присуство на вечера по повод посетата на г-ѓа Бригит Хагман (Раководител на Одделението за Западен Балкан SDC во Скопје, организирано од швајцарскиот амбасадорот Стефано Лазарото (20 март 2013);
- Средба со Делегација на Комисијата за цивилна димензија на безбедноста, Парламентарно Собрание на НАТО на Република Македонија (22 април 2013);
- Учество на состанок со Експертскиот тим на ГРЕКО (Група на држави против корупција) на Советот на Европа во Република Македонија, односно четврт евалуационен круг

"Превенција на корупцијата кај членовите на Парламентот, судиите и обвинителите" (14 мај 2013);

- Присуство на вечера во Германската резиденција организирана од Н.Е. Гудрин Штајнакер, амбасадор на Сојузна Република Германија во Република Македонија (29 мај 2013);
- По повод Националниот ден на Р. Хрватска, Денот на вооружените сили како и пристапувањето на Република Хрватска во Европската унија, потпретседателката присуствуваше на прием организиран од страна на Н.Е Златко Крамариќ,амбасадор на Република Хрватска во Република Македонија и Аташе за одбрана на Република Хрватска полковник Ивица Матешиќ (1 јули 2013);
- Потпретседателката Јакимовска оствари средба со почитуваниот г. Ноел Кинсела, спикер на Сенатот на Канада и беше во постојана придружба во рамките на неговата официјална посета на Република Македонија (6 септември 2013);
- По повод одбележувањето на 20-годишнината од воспоставувањето на дипломатските односи меѓу Република Македонија и Народна Република Кина, потпретседателката Јакимовска заедно со Собраниска делегација присуствуваа на изложба на експонати на ракотворби на девојките од малцинството Чианг во регионот Венчуан организирана од амбасадорот на НР Кина (12 септември 2013);
- Потпретседателката Јакимовска оствари средба со Лорд спикерот на Горниот Дом на Парламентот на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска Баронеса Д'Суза и беше во постојана придружба во рамките на нејзината официјална посета на Република Македонија (24-27 септември 2013);
- По повод денот на германското единство и 20-годишниот јубилеј на германско-македонските односи, потпретседателката Јакимовска присуствуваше на прием организирана од амбасадорот на Сојузна Република Германија Н.Е. г-ѓа Гудрин Штајнакер (3 октомври 2013) и
- Потпретседателката Јакимовска оствари средба со г-н Јеж Вендерлих, потпретседател на Сејмот на Република Полска и беше во постојана придружба во рамки на неговата официјална посета на Република Македонија (16 октомври 2013).

### *3. Учество на конференции и свечености по повод значајни датуми*

- По повод 141 година од раѓањето на македонскиот револуционер Гоце Делчев, делегација на Собранието на Република Македонија, предводена од потпретседателот г-ѓа Светлана Јакимовска, а во состав на г. Антонијо Милошоски и г-ѓа Владанка Авировиќ положија венци свежо цвеке на гробот на Гоце Делчев, црква „Свети Спас" и на споменикот на Гоце Делчев, плоштад Македонија (4 февруари 2013);
- По повод девет години од смртта на поранешниот македонски претседател Борис Трајковски, собраниска делегација предводена од потпретседателката Светлана Јакимовска положија цвеќе во Алејата на великаните на Градските гробишта (26 февруари 2013);

- Обраќање по повод организирање на ИПС алумни регионалната конференција 2013 "Наследството од ИПС во фокус: Преку активизам на здруженијата на меѓународната парламентарна стипендија до поголемо учество во политичкиот и општествениот живот во татковината" (12 април 2013);
- По повод 110 години од смртта на идеологот на македонската револуционерната борба Гоце Делчев, потпретседателката беше предводник на Собраниска делегација и положи цвеќе на гробот на Гоце Делчев во црквата „Свети Спас" (4 мај 2013);
- Обраќање на Панел дискусија "Во партнерство со медиумите до општество со нулта толеранција за семејно насилство" (15 мај 2013);
- По повод 65 години Детски културен центар „Карпош", потпретседателката присуствуваше на промоција на Монографијата 65 години ДКЦ „Карпош", како и на проекцијата на документарен филм за ДКЦ „Карпош", во Музејот на македонската борба (06 јуни 2013);
- Остварен работен состанок на тема „Предизвиците на родово одговорното буџетирање во Република Македонија" во организација на Министерствто за труд и социјална политика (11 јули 2013);
- Присуство на свечено пуштање во употреба на Паркот на бранителите во населба Драчево (28 јули 2013);
- По повод 2 Август - Ден на Републиката, делегација на Собранието на Република Македонија положи венец свежо цвеќе на споменикот на Методија Андонов Ченто, споменикот на Никола Карев, како и на споменикот на Првото заседание на АСНОМ (2 август 2013);
- По повод 8 Септември - Ден на независноста на Република Македонија, потпретседателката Јакимовска присуствуваше на прием организиран од страна на Н.Е. г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија (7 септември 2013);
- По повод свечено одбележување на празникот 8 Септември - Денот на независноста на Република Македонија, потпретседателката Јакимовска присуствуваше на Свечена академија организирана од претседателот на Република Македонија Н.Е. д-р Ѓорѓе Иванов (8 септември 2013);
- Присуство на првиот историски Сахара балкански мировен фестивал и мировен самит организиран од г. Субрата Рој (2 октомври 2013);
- Потпретседателката Јакимовска како предводник на Собраниска делегација, положи свежо цвеќе пред спомениците на М.А. Ченто и АСНОМ (11 октомври 2013);
- Присуство на доделувањето на државната награда „11 Октомври" од страна на одборот за доделување на државната награда „11 Октомври" (11 октомври 2013);
- По повод одбележувањето на празникот 11 Октомври - Денот на народното востание, потпретседателката Јакимовска присуствуваше на Свечена академија организирана од претседателот на Република Македонија Н.Е. д-р Ѓорѓе Иванов (11 Октомври 2013);
- Присуство на доделувањето на државната награда „23 Октомври" од страна на одборот за доделување на државната награда „23 Октомври" (23 октомври 2013);

- По повод 23 Октомври - Денот на македонската револуционерна борба, потпретседателката Јакимовска присуствуваше на Свечена академија организирана од претседателот на Собранието на Република Македонија Н.Е. г. Трајко Вељаноски (23 октомври 2013) и
- Присуство на доделувањето на државната награда „Св. Климент Охридски" од страна на одборот за доделување на државната награда „Св. Климент Охридски" (8 декември 2013).

Надвор од ангажманите во Собранието на Р. Македонија, потпретседателката Светлана Јакимовска редовно присуствува на манифестации организирани од Владата, локалната самоуправа, градот Скопје и матичната партија ВМРО ДПМНЕ.

## ➢ Потпретседател Сузана Салиу

Сузана Салиу, потпретседател на Собранието на Р.Македонија доаѓа од редовите на Демократската унија за интеграција (ДУИ).

Како потпретседател на Собранието на Р.Македонија има реализирано голем број активности кои се состојат во редовно учество на седниците на Собранието на Република Македонија, во кои се разгледуваат голем број прашања сврзани за редовните работи на Собранието, меѓународни активности, прашања од општ карактер како и редовни координативни средби на Собранието на Република Македонија

Како пратеник редовно има учествувано на сите пленарни седници на Собранието на Република Македонија.

Има остварено бројни активности како претседател на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија, и како член во работата на Законодавно-правна комисија, Комисијата за уставни прашања, постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот како и на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците како заменик член. Потпретседателката има земено конструктивно учество во работата и на седниците на други работни тела.

Активен член и во Управувачкиот совет на Парламентарниот институт.

Активен член е во пратеничките групи на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Португалската Република и на пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Чешката Република.

Има мноуубројни средби со граѓани на Република Македонија.

### *1. Средби со амбасадори и други дипломатски претставници*

- Како член на Постојаната анкетна комисија за слободите и правата на граѓанинот г-ѓа Сузана Салиу оствари средба со Делегација на Поткомитетот за човекови права во Европскиот парламент, предводена од г. Ричард Ховит (14 февруари 2013);
- Потпретседателот на Собранието на Република Македонија, г-ѓа Сузана Салиу, оствари средба со делегација од Комисијата за здравство на Чешкиот парламент предводена од г. Алеш Розточил, заменик претседател на Комисијата за здравство на Чешкиот

парламент, покрај членовите на Комисијата за здравство, во придружба на делегацијата беше и Н.Е. Мирослав Рамеш, амбасадор на Република Чешка во Република Македонија (10 април 2013);

- Учество на семинар за национално безбедносни политики во Гармиш-Партенкирхен, Германија (23-26 април 2013);
- Г-ѓа Сузана Салиу заедно со делегација, предводена од претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Трајко Вељаноски имаше аудиенција кај новиот папа Франциск во Ватикан (мај 2013);
- Како член на Законодавно-правна комисија, г-ѓа Сузана Салиу учествуваше на Третата меѓународна конференција на Законодавно-правни комисии, организирана од Фондацијата ИРЗ, во соработка со претседателот на Комисијата за правни прашања на германскиот Бундестаг, која се одржи во Берлин ( јули 2013);
- Во својство на Потпретседател на Собранието на Република Македонија и како член на Институтот "ALB-SHKENCA" учествуваше на конференцијата организирано од Институтот "ALB-SHKENCA" што се одржи во Тирана - Албанија (29 - 31 август 2013);
- Потпретседателот на Собранието на Република Македонија г-ѓа Сузана Салиу, на аеродромот "Александар Велики" го пречека почитуваниот г. Ноел Кинсела, спикер на Сенатот на Канада, кој беше на официјална посета на Република Македонија, исто така беше присутна и на испраќањето на делегацијата предводена од г. Ноел Кинсела (3 септември 2013);
- Г-ѓа Сузана Салиу учествуваше на Годишниот самит "Жените во парламенти - Глобален форум" што се одржа во Европскиот парламент во Брисел (27-29 ноември 2013);
- Како заменик член на Комицијата за политички систем и односи меѓу заедниците имаше средба со г. Роберт Валтер, известител на Комисијата за почитување на обврските и заложбите на земјите членки на Советот на Европа (Мониторинг комисијата) и
- Г-ѓа Сузана Салиу заедно со претседателот на Собранието на Република Македонија г. Трајко Вељаноски оствари официјална посета на Чешката Република, на покана на претседателот на Сенатот на Чешката Република, г. Милан Штех.

### 2. Учество на конференции и свечености по повод значајни датуми

- Учество на свечена академија по повод на Денот на македонската револуционерна борба (23 октомври 2013);
- Положување цвеќе пред споменикот на ослободителите на Скопје - партизански гробишта - Бутел (13 ноември 2013);
- Положување цвеќе пред споменик на генералот Михајло Апостолски, Бутел (13 ноември 2013) и
- Положување цвеќе пред споменикот на ослободителите на Скопје, пред Влада на Република Македонија (13 ноември 2013).

# 6. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

# 6. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Секторот за меѓународна соработка на Собранието на Република Македонија својата активност ја остварува преку работата на двете одделенија Одделение за меѓународни парламентарни собранија и мултилатерална соработка и Одделение за билатерална соработка. Во Секторот се вработени осум државни службеници и сите се со високо образование.

Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 6 јули 2011 година донесе Одлука за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 91/11). Со оваа одлука се создаде правна рамка за постапката на формирањето, активноста и надлежноста на делегациите на Собранието на Република Македонија кои го претставуваат Собранието во мултилатералните меѓународни организации.

Согласно со оваа одлука Собранието на Република Македонија формираше постојани делегации во следниве меѓународни организации: Парламентарното собрание на Советот на Европа, Парламентарното собрание на ОБСЕ, Интерпарламентарната унија, Парламентарната димензија на ЦЕИ, Парламентарното собрание на НАТО и ПС на Медитеранот. Врз основа на Одлуката за основање на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација ("Службен весник на Република Македонија" број 88/04), се основа и Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација.

Во Собранието на Република Македонија, врз основа на Правилото 6 од Правилата за работа на Секцијата на Собранието на Република Македонија во ПСФ и во овој мандат е формирана Секција на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата, од чии редови е избрана и делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата.

Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 22 септември 2011 година донесе Одлука за основање на пратенички групи за соработка со парламенти на одделни држави. Во Собранието на Република Македонија во овој пратенички мандат се формирани **вкупно 46 пратенички групи за соработка** со парламенти на одделни држави и тоа со: Република Австрија, Република Албанија, Австралија и Нов Зеланд, балтичките земји: Естонија, Летонија и Литванија, Кралството Белгија, Федерацијата на Босна и Херцеговина, Република Бугарија, земјите од Блискиот и Средниот Исток, Сојузна Република Германија, Република Грција, Кралството Данска, Република Индонезија, Државата Израел, Исламската Република Иран, Ирска, Република Исланд и Кралството Норвешка, Италија, Јапонија, Канада, Народна Република Кина, Република Косово, земјите од Латинска Америка и од Карибите, Големото Војводство Луксембург, Република Малта и Република Кипар, Република Монголија, Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, Република Полска, Португалската

Република, Романија, Руската Федерација, САД, Словачката Република, Република Словенија, Република Србија, Република Турција, Украина, Република Унгарија, Република Финска, Француската Република, Кралството Холандија, Република Хрватска, Црна Гора, Чешката Република, Швајцарската Конфедерацијата, Кралството Шведска и Кралството Шпанија.

Согласно со Правилникот за внатрешна организација и делокруг на Службата на Собранието на Република Македонија и Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Македонија, во Секторот за меѓународна соработка се извршуваат следниве активности:

- целокупна кореспонденција сврзана со организирање на учество на одреден меѓународен настан (обработка на поканата за одредена меѓународна активност во Собранието на Република Македонија, кореспонденција со други државни органи во Република Македонија, кореспонденција со амбасадите на Република Македонија во странство и со амбасадите акредитирани во Република Македонија, кореспонденција со секретаријатите на меѓународните парламентарни собранија и службите на одделни парламенти);
- оперативна и стручна подготовка на учеството на одредена делегација или пратеник;
- свикување на подготвителни состаноци на делегации и пратенички групи сврзани за учество на одреден меѓународен настан;
- подготвување на тези за дискусија, излагања, амандмани, драфтирање на завршни документи на меѓународни конференции;
- подготвување на извештаи и белешки од одржаниот состанок, конференција, сесија, семинар;
- координација со другите сектори на Собранието на Република Македонија во врска со донесување на одлуки, решенија и други документи кои произлегуваат од одредбите на меѓународни договори склучени меѓу Република Македонија и други меѓународни организации; следење на седниците на Собранието на Република Македонија кога на дневен ред се точки за ратификација на меѓународни договори, спогодби, повелби и конвенции;
- стручно организирање и оперативно координирање на меѓународни средби, состаноци, конференции и семинари кога Собранието на Република Македонија е домаќин или ко-организатор на настанот.

# 6.1. Мултилатерална соработка

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА

**Шеф на Делегацијата:** г. Александар Николовски
**Членови:** г-ѓа Ермира Мехмети Деваја и г. Игор Ивановски
**Заменици-членови:** г. Александар Спасеновски,
г-ѓа. Соња Мираковска и г. Имер Алиу.

**Советот на Европа е меѓувладина организација формирана на 5 мај 1949 година од десет земји, а денес има 47 земји членки. Основните цели на Советот на Европа се:**

- заштита на човековите права, плуралистичка демократија и владеење на правото,
- унапредување на свеста и охрабрување на развојот на европскиот културен идентитет и разновидност,
- барање на решенијата за проблемите со кои се соочува европското општество (ксенофобија,нетолеранција, заштита на човековата околина, клонирањето, сидата, дрогите и наркоманијата, организираниот криминал и сл.) и
- помагање на консолидацијата на демократската стабилност во Европа преку политички, законодавни и уставни промени.

Најстарото парламентарно собрание креирано на европската почва е Парламентарното собрание на Советот на Европа, кое е еден од двата главни органи на Советот на Европа. Тоа има советодавна функција во однос на Комитетот на министрите каде што се расправа за проблемите со кои се соочува европското општество. Неговата активност е фокусирана на прашања од тековна политичка важност, вклучувајќи ги и проблемите на модерното општество и аспекти на меѓународната политика.

Собранието заседава четири пати годишно (јануари, април, јуни и октомври), на јавни седници кои траат една работна седмица. Тоа има Постојан комитет, кој меѓу двете сесии дејствува во негово име, како и осум постојани комисии, како и пет политички групи. ПС на Советот на Европа има вкупно 636 члена, од кои 318 се членови, а 318 заменици-членови, 18 члена набљудувачи и извесен број членови од Палестина и Мароко со статус на партнери за демократија.

Собранието на Република Македонија учествува во работата на ПС на СЕ од 1993 година кога се стекна со статус на специјален гостин, а Република Македонија е член на СЕ од 1995 година. Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на СЕ ја сочинуваат 6 члена, кои на пленарните сесии располагаат со три гласа. Членовите на делегациите по правило учествуваат на пленарните сесии, а зависно од прашањата кои се разгледуваат и на седниците на комисиите.

**Активности во периодот од 1 јануари до 31 декември 2013 година**

Од 21 до 25 јануари 2013 година во Стразбур, Француската Република се одржа редовната зимска сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа, на која учествува Делегација на Собранието на Република Македонија во состав г. Александар Николоски, шеф на Делегацијата, г-ѓа Ермира Мехмети Деваја и г. Игор Ивановски, членови на Делегацијата и секретарот на Делегацијата г-ѓа Марија Стефанова.

Од 22 до 26 април 2013 година во Стразбур, Француската Република се одржа редовната пролетна сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа, на која учествува Делегација на Собранието на Република Македонија во состав г. Александар Николоски, шеф на Делегацијата, г-ѓа Ермира Мехмети Деваја и г. Имер Алиу, членови на Делегацијата и секретарот на Делегацијата г-ѓа Марија Стефанова.

Шефот на Делегацијата г. Александар Николоски, учествуваше во работата на седница на Мониторинг комисијата која се одржа на 23 и 24 мај 2013 година во Талин, Република Естонија.

Пратеникот г. Имер Алиу, заменик член на Делегација на Собранието на Република Македонија во ПС на СЕ од 21 до 24 јуни 2013 година ги набљудуваше изборите во Република Албанија.

Од 24 до 28 јуни 2013 година во Стразбур, Француската Република се одржа редовната сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа, на која учествува Делегација на Собранието на Република Македонија во состав г. Александар Николоски, шеф на Делегацијата, г-ѓа Ермира Мехмети Деваја и г. Игор Ивановски, членови на Делегацијата, г. Имер Алиу и г. Александар Спасеновски, заменици на членови на Делегацијата и членови на Секретаријатот на Делегацијата, г-ѓа Ана Качакова и г-ѓа Марија Стефанова.

Шефот на Делегацијата на ПС на СЕ г. Александар Николоски од 10 до 13 мај 2013 година во Софија, Република Бугарија ги набљудуваше парламентарните избори.

Од 30 септември до 4 октомври 2013 година во Стразбур, Француската Република се одржа Четвртиот дел од редовната сесија на Парлаемнтарното собрание на Советот на Европа. На сесија учествува пратениците г. Александар Николоски, шеф на Делегацијата, г-ѓа Ермира Мехмети и г. Игор Ивановски, членови на Делегацијата како и секретарот на Делегацијата г. Иван Петрушевски.

На 13 декември 2013 година во Париз, Француската Република се одржа состанок на Мониторинг Комисијата на Парламентарното собрание на Советот на Европа на кое учествуваа пратениците: г. Александар Николоски, шеф на Делегацијата на ПС на СЕ и г. Игор Ивановски, член на Делегацијата на ПС на СЕ, како и секретарот на Делегацијата г-ѓа Марија Стефанова.

На 16 декември 2013 година во Париз, Француската Република се одржа состанок на секретари на Делегации на национални парламенти во Парламентарното собрание на советот на Европа на кое учествуваше г-ѓа Марија Стефанова, секретар на Делегацијата.

OSCE PA

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА ОБСЕ

**Шеф на Делегацијата:** г-ѓа Ана Павлова Данева

**Членови:** г. Владимир Ѓорчев и г. Беким Фазлиу

**Заменици-членови:** г. Димитар Стеванаџија, г. Сафет Бишевац и г. Џеват Адеми

Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ) ја претставува парламентарната дименизија на ОБСЕ. Во него членуваат 320 членови на парламентите од 56 држави членки на ОБСЕ, што ја покриваат географската област од Ванкувер до Владивосток. Тоа е единствена парламентарна организација во структурата на ОБСЕ и врши улога на витална врска меѓу владиниот дел на ОБСЕ и претставниците кои се директно избрани од граѓаните.

Главни задачи на Парламентарното собрание на ОБСЕ се промовирање на парламентарното учество во активностите на ОБСЕ и олеснување на интерпарламентарниот дијалог и соработка. Собранието, исто така, се стреми кон остварување на следниве цели кои се наведени во преамбулата на Деловникот на ПС на ОБСЕ: процена на остварувањето на основните принципи на ОБСЕ од страна на земјите членки, поттикнување на расправа за прашања кои се разгледуваат на средбите на Министерскиот совет и на Самитите на шефовите на држави или влади, развивање и промовирање на механизми за превенција и решавање на конфликтите, поддршка на јакнењето и консолидацијата на демократските институции во државите членки и придонес во развојот на институционалните структури и соработката меѓу постојните институции на ОБСЕ.

Во рамките на Парламентарното собрание функционираат три комисии: Комисија за политички прашања и безбедност (прва Комисија); Комисија за економски прашања, наука, технологија и животна средина (втора Комисија) и Генерална комисија за демократија, човекови права и хуманитарни прашања (трета Комисија).

Членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на ОБСЕ редовно учествуваат во работата на сесиите на Парламентарното собрание, на Постојаниот комитет, како и на другите состаноци организирани од ПС на ОБСЕ.

### Активности во периодот од 1 јануари до 31 декември 2013 година

Пратениците Владимир Ѓорчев, член на Делегацијата и Џеват Адеми, заменик-член на Делегацијата, како и секретарот на Делегацијата Лиман Авдиу, учествуваа на Зимската сесија на ПС на ОБСЕ што се одржа на 21 и 22 февруари 2013 година во Виена, Република Австрија.

Од 29 јуни до 03 јули 2013 година во Истанбул, Република Турција се одржа 22. Годишна сесија на ПС на ОБСЕ на која учествуваа пратениците г-ѓа Ана Павловска Данева, шеф на Делегацијата, г. Џеват Адеми, заменик член на Делегацијата, како и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата.

Од 13 до 15 октомври 2013 година во Будва, Црна Гора се одржа редовното Есенско заседание на Парламентарното

собрание на ПС на ОБСЕ на кое учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија во состав д-р Ана Павловска Данева, шеф на Делегацијата, г. Владимир Ѓорчев и г. Беким Фазлиу, членови на Делегацијата, како и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата.

## ИНТЕРПАРЛАМЕНТАРНА УНИЈА

**Шеф на Делегацијата:** г. Трајко Вељаноски
**Членови:** г-ѓа Силвана Бонева, г. Неџати Јакупи, г. Горан Мисовски, г. Јани Макрадули, г. Имер Алиу и г. Рејхан Дурмиши

Интерпарламентарната унија (ИПУ) основана во 1889 година, е најстарата мултилатерална политичка организација во која членуваат 162 национални парламенти и 10 меѓународни парламентарни собранија. Светската организација на парламентите со седиште во Женева има статус на постојан набљудувач во Организацијата на Обединетите нации.

Како централна точка за светски парламентарен дијалог, Интерпарламентарната унија работи за мир и соработка меѓу народите и за цврсто воспоставување на претставничките институции. За таа цел ИПУ поттикнува контакти, координација и размена на мислења меѓу парламентите и членовите на парламентите на сите земји; разгледува прашања од меѓународен интерес. Во оваа насока, ИПУ настојува да се обезбеди што поактивно учество на членовите на парламентите во меѓународната политика.

Собранието на Република Македонија е член на Интерпарламентарната унија од 1994 година. Со Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија се основа Делегација на Собранието на Република Македонија во ИПУ, која се состои од претседателот на Собранието на Република Македонија и шест члена.

**Активности во периодот од 1 јануари до 31 декември 2013 година**

Собранието на Интерпарламентарната унија (ИПУ) го одржа своето редовно 129. заседание од 6 до 9 ноември 2013 година во Женева, Швајцарската Конфедерација. На 129. Собрание на ИПУ учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија што ја сочинуваа пратениците г. Јани Макрадули, потпретседател на Собранието и шеф на Делегацијата, г-ѓа Силвана Бонева, г. Неџати Јакупи, г. Имер Алиу, г. Горан Мисовски и г. Рејхан Дурмиши, членови на Делегацијата, како и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата.

## ПАРЛАМЕНТАРНА ДИМЕНЗИЈА НА ЦЕИ

**Шеф на Делегацијата:** г-ѓа Весна Бендевска
**Членови:** г. Михајло Цолонга и г. Хајрула Мисини
**Заменици-членови:** г. Васко Пашовски, г-ѓа Лилјана Затуроска и г. Газменд Алиji

Централноевропската иницијатива е регионална организација во која членуваат 18 земји членки: Албанија, Австрија, Белорусија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Чешката Република, Унгарија, Италија, Македонија, Молдавија, Полска, Романија, Словачка, Словенија, Србија, Украина и Црна Гора. Иницијативата е основана во 1989 година, под името *Квадрагонала*, од страна на четири земји: Италија, Унгарија, Австрија и СФР Југославија. Во 1990 година кон иницијативата се приклучува Чехословачка, со што таа станува *Пентагонала*. Следи Полска во 1991 година и групата прераснува во *Хексагонала*, а во 1992 година членки стануваат Босна и Херцеговина, Хрватска и Словенија, по што иницијативата го менува името во *Централноевропска иницијатива*. Република Македонија е член на ЦЕИ од 1993 година. Централноевропската иницијатива се стреми кон зацврстување на соработката меѓу земјите членки, забрзување на процесот на европската интеграција преку поддршка на најнеразвиените членки и оние на кои им е најпотребен забрзан економски развој, зацврстување на економските, социјалните, правните и другите аспекти на процесите на транзиција и сл.

Парламентарната димензија на ЦЕИ ја сочинуваат Парламентарното собрание, Парламентарниот комитет и генералните комитети на Парламентарното собрание. Двајца членови на парламентот од секоја земја членка учествуваат во работата на Парламентарниот комитет, кој се одржува напролет, а на Парламентарното собрание, кое се состанува во текот на есента, учествуваат делегации составени од три до седум члена. Делегацијата на Собранието на Република Македонија се состои од три члена и три заменици.

**Активности во периодот од 1 јануари до 31 декември 2013 година**

Во периодот од 01 јануари до 31 декември 2013 година немаше активности.

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА НАТО

**Шеф на Делегацијата:** г-ѓа Ермира Мехмети Деваја

**Членови:** г-ѓа Наташа Савова Салковска и г. Павле Трајанов

**Заменици-членови:** г. Илија Китановски, г. Горан Сугаревски и г. Орхан Ибраими

Парламентарното собрание на НАТО е меѓупарламентарна организација на парламентарци од 28 земји членки на Алијансата на НАТО и 14 нејзини асоцијативни членки. Собранието претставува критички форум за меѓународен дијалог на парламентарци од Европа и од Северна Америка, кои дискутираат за теми од заеднички интерес.

Основна задача на Собранието е да ги надмине националните интереси и да се обиде преку дискусии и семинари за безбедносни прашања да постигне консензус меѓу земјите. Основен елемент во работата на Собранието е да се разменуваат информации и влијание врз националните ставови и интереси, при што се тестираат и проценуваат прашањата од актуелен интерес за НАТО.

Во оваа смисла, Собранието индиректно игра значајна улога во формирањето на политичките мислења. Препораките и резолуциите на Собранието

се доставуваат до националните влади и парламенти, како и до генералниот секретар на НАТО и другите релевантни меѓународни организации.

Собранието е целосно независно од НАТО, но е врска меѓу националните парламенти на земјите членки и НАТО и придонесува за јакнење на заедничкото разбирање во Алијансата. Всушност, Собранието континуирано проверува дали донесените одлуки на меѓудржавно ниво во рамките на НАТО имаат политички одговори на препораките и резолуциите на Собранието.

Целите на ПС на НАТО се:

- охрабување на дијалогот меѓу парламентарците за важните безбедносни прашања;
- привлекува парламентарното внимание за централните безбедносни прашања за политиката на Алијансата и поголемо разбирање за неа;
- пренесување на колективните парламентарни ставови изградени во ПС на НАТО во НАТО и во неговите земји членки;
- подобро разбирање за политиката на НАТО и да се промовира повисоко ниво на колективна одговорност и зајакнување на трансатлантските односи.

ПС на НАТО брои 257 члена, има пет постојани комитети и осум поткомитети.

Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на НАТО има статус на асоцијативен член од 1995 година и брои тројца членови и тројца заменици-членови.

**Активности во периодот од 1 јануари до 31 декември 2013 година**

Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на НАТО, учествуваше на пролетната сесија на ПС на НАТО, што се одржа од 17 до 20 мај 2013 година во Луксембург. На сесијата учествуваа пратениците г-ѓа Ермира Мехмети, шеф на Делегацијата, г. Павле Трајановски, член на Делегацијата и г. Горан Сугаревски, заменик член на Делегацијата, како и секретарот на Делегацијата г. Реџеп Прекопуца.

Од 11 до 14 октомври 2013 година во Дубровник, Република Хрватска, се одржа 59-та Годишна сесија на Парламентарното собрание на НАТО, на која учествуваа пратениците г-ѓа Ермира Мехмети, шеф на Делегацијата на ПС на НАТО и г. Павле Трајанов, член на Делегацијата, како и секретарот на Делегацијата г. Реџеп Прекопуца.

ASSEMBLÉE PARLEMENTAIRE DE LA FRANCOPHONIE

## Парламентарното собрание на Франкофонијата

**Шеф на Делегацијата:** г. Ѓорѓи Коџобашиев

**Членови на Делегацијата:** г. Џеват Адеми, г-ѓа Силвана Бонева и г. Гордан Георгиев.

Парламентарното собрание на Франкофонијата е консултативно собрание на Меѓународната организација на Франкофонијата, формирано во мај 1967 година под името "Меѓународна асоцијација на парламентарци кои го говорат францускиот јазик" (AIPLF). Во јули 1989

година, AIPLF се преименува во "Меѓународно собрание на парламентарци кои го говорат францускиот јазик", а во јули 1998 година во Парламентарно собрание на Франкофонијата.

Парламентарното собрание на Франкофонијата претставува место на дебати, предлози и размена на мислења за сите прашања од интерес на неговите членки. Во тесна соработка со Меѓународната агенција на Франкофонијата, Собранието презема акции на полето на интерпарламентарната соработка и развојот на демократијата, кои имаат за цел да ја зацврстуваат солидарноста меѓу парламентарните институции и да ја промовираат демократијата и владеењето на правото, особено во франкофонските заедници.

Во рамките на парламентарната димензија на Парламентарното собрание на Франкофонијата формирани се и следниве органи: Мрежа на жени парламентарки, Парламентарна мрежа за борба против ХИВ/СИДА, Парламент на млади франкофони и др.

Во Парламентарното собрание на Франкофонијата се претставени 78 парламенти, парламентарни собранија или совети на држави, покраини, региони и меѓународни организации, како и 13 парламенти набљудувачи.

Секцијата на собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата, како и Бирото на Секцијата и Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата се основани во јануари 2001 година. Делегацијата на Собранието на Република Македонија има четири члена, а на Бирото на Секцијата брои пет члена.

**Активности во периодот од 1 јануари до 31 декември 2013 година**

Од 6 до 8 јуни 2013 година во Берн, Швајцарската Конфедерација се одржа Конференција на претседатели Регион Европа на ПСФ, на која учествуваше претседателот на секцијата на ПСФ г. Ѓорѓи Коџабашиев, како и секретарот на Делегацијата г. Лиман Авдиу.

## Мешовит парламентарен комитет на ЕУ и Република Македонија

**Копресeдател на МПК РМ-ЕУ:**
г. Кенан Хасипи

**Мешовитиот парламентарен комитет Република Македонија - Европска унија** (ЕУ) е формиран врз основа на членот 114 од Договорот за стабилизација и асоцијација на Република Македонија, со Резолуцијата на Европскиот парламент од 10 март 2004 година и Одлуката донесена од страна на Собранието на Република Македонија од 7 декември 2004 година за основање на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација. Собранието на Република Македонија во Комитетот е застапено од копретседател, двајца потпретседатели и четиринаесет члена.

Формирањето на Мешовитиот парламентарен комитет (МПК) е израз на цврстата определба на Република Македонија за полноправно членство во ЕУ, како и на заложбите на Собранието на

Република Македонија, преку парламентарен дијалог, да придонесе кон процесот на евроинтеграција и достигнување на европските стандарди.

Во основа, МПК претставува парламентарен форум за директна билатерална соработка со Европскиот парламент каде што членовите на Собранието на Република Македонија и Европскиот парламент разменуваат искуства, мислења и ставови за зајакнување на меѓусебното партнерство. Работата на ова тело овозможува ефикасно зајакнување и издигнување на повисоко ниво на односите и соработката на Собранието на Република Македонија и Европскиот парламент.

Основна цел на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Македонија и Европска унија е разгледување на сите аспекти на односите меѓу Република Македонија и ЕУ, особено имплементацијата на Договорот за стабилизација и асоцијација. По предлог на Бирото на Мешовитиот парламентарен комитет можат да се даваат препораки до Европскиот парламент, до Собранието и Владата на Република Македонија, до Советот на Европската унија и до Европската комисија.

МПК се состанува два пати годишно - еднаш во Собранието на Република Македонија и еднаш во Европскиот парламент.

Седниците на Мешовитиот парламентарен комитет завршуваат со усвојување на Завршна изјава, документ во кој се содржани заедничките ставови за одредени актуелни прашања.

**Активности во периодот од 1 јануари до 31 декември 2013 година**

Делегацијата на МПК РМ - ЕУ на Собранието на Република Македонија оствари посета на Националното собрание на Република Турција од 16 до 18 јануари 2013 година. Делегацијата ја сочинуваа пратениците Кенан Хасипи, копретседавач на Комитетот г-ѓа Силвана Бонева и г. Александар Спасеновски, членови на Комитетот и г-ѓа Дешира Имери, заменик-член на Комитетот, во придружба на г-ѓа Ана Качакова и г-ѓа Маријана Опашинова Шундовска, членови на Секретаријатот на Делегацијата.

На 22 и 23 мај 2013 година во Стразбур, Француската Република се одржа 11. состанок на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Македонија и Европска унија, на кој учествуваа г. Кенан Хасипи, претседател на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација (копретседавач на овој Комитет); г-ѓа Ермира Мехмети-Деваја и г. Андреј Петров, потпретседатели на Делегацијата (заменик-копретседавачи на Комитетот); г-ѓа Силвана Бонева и г. Антонијо Милошоски, членови на Делегацијата и г. Беким Фазлиу, заменик-член, како и г-ѓа Ана Качакова и г-ѓа Маријана Опашинова Шундовска, членови на Секретаријотот на Делегацијата.

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА МЕДИТЕРАНОТ

**Шеф на Делегација:** г. Илија Димовски
**Членови:** г. Харалампие Шокаровски и г.Емилијан Станковиќ
**Заменици-членови:** г. Неџати Јакупи, г. Беџихудин Шехаби и г-ѓа Беким Фазлиу

Парламентарното собрание на Медитеранот е релативно нова меѓународна мултилатерална организација и претставува продолжување на парламентарната димензија на долгогодишна Конференција за соработка во Медитераниот (CSCM), процес кој функционираше во рамките на Интерпарламентарната унија (ИПУ), а како самостојна меѓународна мултилатерална организација започна да функционира од септември 2006 година.

Инаугуративната сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот се одржа на 10 и 11 септември 2006 година во Аман, Хашемитско Кралство Јордан, кога со консензус беше усвоен Статусот на оваа организација.

Земји членки на Парламентарното собрание на Медитеранот се парламентите на земјите од медитеранскиот брег се: Албанија, Алжир, Босна и Херцеговина, Хрватска, Кипар, Египет, Франција, Грција, Израел, Италија, Либан, Либиска Арапска Џамахирија, Малта, Монако, Мароко, Србија, Црна Гора, Словенија, Шпанија, Сириска Арапска Република, Тунис, Турција И Палестина. Исто така, членки на ПС на Медитеранот се парламентите на Република Македонија, Јордан и Португалија, држави кои не излегуваат на Медитеранот, но кои економски, политички и стратешки директно се поврзани со него.

Парламентарното собрание на Медитеранот заседава на пленарна седница еднаш годишно. Неколку месеци пред одржувањето на годишното заседание, се состануваат трите постојани комитети.

Парламентарното собрание е воспоставено со цел да се даде поголемо значење на парламентарната дипломатија во медитеранскиот регион, односно регионот да се здобие со сопствен парламентарен форум како зајакнување и унапредување на дијалогот меѓу културите.

Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Медитеранот брои шест членови, од кои тројца се членови, а тројца заменици-членови

**Активности во периодот од 1 јануари до 31 декември 2013 година**

Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2013 година немаше активности.

## 6.2.БИЛАТЕРАЛА

Од 14 до 18 јануари 2013 година Делегација од Парламентот на Индонезија оствари посета на Република Македонија.

На 13 февруари 2013 година г. Павле Трајанов, претседател на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Државата Израел оствари средба со Н.Е. г. Јозеф Амрани, вонреден и ополномоштен Амбасадор на Државата Израел за Република Македонија со седиште во Загреб.

Членовите на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Бугарија остварија средба со Амбасадорот на Република Бугарија во Република Македонија на 21 февруари 2013 година.

Претседателот на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентот на Исламската Република Иран оствари средба со амабасадорот на Исламската Република Иран на 7 март 2013 година во Собранието на РМ.

Делегација од Државната Дума на Руската Федерација оствари официјална посета на Република Македонија од 26 до 29 март 2013 година.

Во рамките на официјалната посета на Република Македонија, Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Канада на 4 септември 2013 година, оствари средба со г. Ноел А. Кинсела, спикер на Сенатот на Канада и делегацијата сенатори.

Во рамките на официјалната посета на Република Македонија на 16 октомври 2013 г. во Собранието на Република Македонија се оствари средба на г-ѓа Светлана Јакимовска, потпретседател на Собранието на Република Македонија со г. Јержи Вендерлих, потпрестедател на Сејмот на Република Полска.

Делегацијата на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Турција во состав г. Кенан Хасипи, претседател на Пратеничката група за соработка, г. Амди Бајрам, г. Бехиџудин Шехаби, г. Газменд Алији и г. Ердоган Сарач, членови на Групата, како и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Групата, оствари возвратна посета на Република Турција, во периодот од 11 до 15 ноември 2013 година, на покана од г. Хусеин Бурге, претседател на Турско-македонската меѓупарламентарна група за пријателство на Големото национално собрание на Република Турција.

На 3 декември 2013 година во Собранието на Република Македонија се оствари средба на г. Маријанчо Николов, претседател на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентот на Унгарија и г. Малиша Станковиќ, член на Пратеничката група со Делегација од Факултетот за меѓународни односи при Универзитетот „Андраши" од Будимпешта, Република Унгарија.

# 6.3. ДРУГИ МЕЃУНАРОДНИ АКТИВНОСТИ

## Европски парламент

Европскиот парламент е една од трите најважни институции на Европската унија (покрај Европската комисија, Европскиот совет и Советот на ЕУ), кој го сочинуваат 766 избраници на граѓаните на 28 земји членки на Европската унија избрани на директни избори со петгодишен мандат. Во сегашниот состав, избран во јуни 2009 година, се застапени седум политички групи и независни пратеници. Пратениците дејствуваат и седат во Парламентот според партиската, а не националната припадност. Тие се избираат на непосредни избори според изборните прописи на земјата членка.

Претседателот на Европскиот парламент се избира со мандат од две и пол години (т.е. на половина од мандатот на парламентот), со право на реизбор. Претседателот го претставува Европскиот парламент *vis-à-vis* надворешниот свет и неговите односи со други институции на Заедницата.

На претседателот му помагаат 14 потпретседатели кои заедно со него се задолжени да се погрижат за целокупното функционирање на парламентот и неговите конститутивни тела (Бирото и Конференцијата на претседатели), како и за дебатите на пленарна седница. Секоја година се одржуваат дванаесет пленарни седници во Стразбур и шест пленарни седници во Брисел.

Седниците и сите документи на Унијата се преведуваат на 23 официјални јазици на Унијата, што претпоставува огромен ангажман.

Во Европскиот парламент има 20 парламентарни комисии. Секоја комисија се состои од 24 до 76 пратеници, има претседател, биро и секретаријат. Политичкиот состав на комисиите го рефлектира составот на пленарното собрание. Парламентарните комисии се среќаваат еднаш или два пати месечно во Брисел. Нивните дебати се јавни.

Комисиите изготвуваат, изменуваат и усвојуваат законодавни предлози и извештаи од сопствени иницијативи. Тие ги разгледуваат предлозите на Комисијата и Советот и, каде што е потребно, изготвуваат извештаи кои треба да се презентираат на пленарна седница.

Европскиот парламент го опслужува служба од 6.000 вработени, од кои околу половината се ангажирани со работи врзани со преводот. Вработените имаат статус на јавни службеници.

### Активности во периодот 1 јануари до 31 декември 2013 година

На 19 и 20 јуни 2013 година во Брисел, Кралството Белгија се одржа состанок на Поткомитетот за човекови права на Европскиот парламент, на тема "Размена на мислења за законските аспекти на слободата на медиумите во Западен Балкан и Турција" на која учествуваше пратеникот г. Илија Димовски, во придружба на г. Иван Петрушевски, секретар на Делегацијата.

На 23 и 24 септември 2013 г. во Собранието на Република Македонија се одржа Семинар на тема "Отворен парламент: транспарентност на парламентарните активности".

На Семинарот учествуваа еден потпретседател на Европскиот парламент, повеќе европарламентарци, пратеници и службеници од парламентите на Република Македонија, Република Србија, Република Албанија, Република Косово, Парламентарното собрание на Босна и Херцеговина и Република Турција, претставник од Регионалниот совет на соработка и претставници на повеќе невладини организации од Република Македонија.

На 6 и 7 ноември 2013 година во Брисел, Кралството Белгија, во организација на Одделението за претпристапна помош се одржа Парламентарен семинар на тема „Младите и образованието на Балканот", на кој учествуваа пратениците Александар Спасеновски, претседател на Комисијата за образование, наука и спорт, г-ѓа Дешира Имери, член на комисијата, Билјана Казанџиска, заменик-член на комисијата и г-ѓа Мерал Узеири Ферати, член на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, во придружба на г-ѓа Марија Стефанова и г-ѓа Ленче Глигороска, членови на секретаријатот на Делегацијата.

На 11 ноември 2013 г. во Тирана, Република Албанија, се одржа Годишен состанок на офицерите за врски во националните парламенти на земјите кандидати и другите земји - ЕУ аспиранти, на кој учествуваше г-ѓа Ана Качакова, помошник раководител на Секторот за меѓународна соработка и член на Секретаријатот на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Македонија и Европска унија.

На 25 и 26 ноември 2013 г. во Брисел, Кралството Белгија се одржа Семинар на тема „Економската криза и влијанието на политиките на Европската унија врз земјите во процесот на проширување", на кој учествуваа пратениците г-ѓа Владанка Авировиќ, претседател на Комисијата за економски прашања и членовите на Комисијата г. Николче Ацевски, г. Драган Цуклев и г-ѓа Јулиета Марку, во придружба на г-ѓа Марина Димовска и г.Драган Пулевски, членови на секретаријатот на Делегацијата.

## ПД на ПСЈИЕ

На 11 и 12 февруари 2013 година во Скопје, Република Македонија, се одржа осмиот состанок на работната група на ПСЈИЕ.

На 16 април 2013 година во Скопје, Република Македонија се одржа деветтиот состанок на работната група на ПСЈИЕ.

На 16 април 2013 година во Скопје, Република Македонија се одржа Меѓународна конференција „Европската интеграција низ соработката на парламентите, граѓанското општество и независните регулаторни тела во ЈИЕ".

На 26 мај 2013 година во Охрид, Република Македонија, се одржа десеттиот состанок на Работната група за парламентарна димензија на ПСЈИЕ.

Од 26 до 28 мај 2013 година во Охрид, Република Македонија се одржа Конференција на Претседателите на парламентите на земјите-членки на ПСЈИЕ.

На 15 и 16 ноември, Букурешт, Романија, се одржа единаесеттиот Состанок на Работната група за парламентарна димензија на ПСЈИЕ, на состанок учествуваше г. Иван Петрушевски, национален Координатор за парламентарна димензија на ПСЈИЕ.

## ИПС Практикум-Германски Бундестаг

Од 18 до 27 февруари 2013 година се одржа семинар на ИПС програмата на Германскиот Бундестаг во Собранието на Република Македонија и средба со потпретседателот на Собранието на Република Македонија г-ѓа Светлана Јакимовска.

На 12 април 2013 година во Скопје, Република Македонија се одржа Регионална конференција на ИПС стипендисти.

На 18 септември 2013 година, г-ѓа Светлана Јакимовска, потпретседател на Собранието на Република Македонија, оствари средба со Здружението за парламентарна соработка ИПС-Македонија и универзитетски професори од СР Германија.

## ЕЦПРД (Европски центар за парламентарно истражување и документација)

Од 19 до 21 септември 2013 Санкт Петербург, Руската Федерација, се одржа ЕЦПИД семинар на тема "Модерните технологии за поддршка на парламентарните активности - традиции и предизвици", на кој учествуваше г. Иван Петрушевски, помлад соработник во Секторот за меѓународна соработка.

Од 17 до 19 октомври, Варшава, Република Полска, се одржа Годишна конференција на ЕЦПИД кореспонденти на која учествуваше г. Иван Петрушевски, помлад соработкик во Секторот за меѓународна соработка.

## Студиски посети

Учество на г-ѓа Билјана Огненовска, раководител на Одделението за меѓународни парламентарни собранија, на обуката на тема „Организација на парламентарно работење", што се одржа од 18 март до 12 април 2013 година во Париз, Француската Република, во организација на Националната школа за администрација (ЕНА), Националното собрание и Сенатот на Франција.

Во рамките на Програмата за стажирање во Европскиот парламент, која започна да се реализира во 2013 година, како прв учесник од Службата на Собранието на Република Македонија учествуваше г. Филип Филиповски, виш соработник во Секторот за работни тела, во периодот од 2 септември до 11 октомври 2013 г. во Брисел, Кралството Белгија и Стразбур, Француската Република.

Учество на г-ѓа Ана Качакова, помошник раководител на Секторот за меѓународна соработка, на краток специјализиран курс на Националната школа за администрација при Владата на Француската Република на тема "Комуникација и дипломатија", што се одржа од 24 ноември до 7 декември 2013 г. во Париз, Француската Република.

# 7. ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ ВО СОБРАНИЕТО НА РМ

# 7.1. Меѓународна активност и протоколарни средби




# 7.2. Меѓународни конференции, манифестации, годишнини, свечености и семинари

| |
|---|
| Покровителство на г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија на Јубилејот 50 години Меѓународна скијачка манифестација "Мавровски меморијал" |
| Обраќање на Н.Е. г-ѓа Јозефина Топали, претседател на Собранието на Република Албанија пред пратениците на Собранието на Република Македонија |
| Регионална конференција на ИПС стипендисти 2013 |
| Меѓународна конференција "Европска интеграција низ соработката на парламентите, граѓанското општество и независните регулаторни тела во ЈИЕ" и деветти состанок на Работната група за парламентарна димензија на ПСЈИЕ |
| Прием по повод Третата светска конференција за меѓурелигиски и меѓуцивилизациски дијалог приреди г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија |
| Десетта конференција на претседатели на парламенти на процесот за соработка во Југоисточна Европа |
| Обраќање на Н.Е. г. Жан Клод Мињон, претседател на Парламентарното собрание на Совет на Европа, пред пратениците на Собранието на Република Македонија |

| |
|---|
| Обраќање на претседателот Вељаноски по повод Свечено отворање на 52 Балкански фестивал на народни песни и игри |
| Обраќање на г-ѓа Лилјана Кузмановска, пратеник по повод Свеченото отворање на 43 Републички фестивал на народни песни и игри "Илинденски денови" |
| Покровителство на г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија и обраќање по повод 2 Авгст - Ден на Републиката, во Скопје |
| Обраќање на почесниот Ноел Кинсела, председавач на Сенатот на Канада |
| Прием по повод 8 Септември - Ден на независноста на Република Македонија, приреди г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија |
| Хуманитарна акција во донирање на храна и дарување крв |
| Обраќање на г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија по повод одбележувањето на 20 години од воспоставување на дипломатски односи меѓу Република Македонија и Народна Република Кина |
| Потпишување на Меморандум меѓу политичките партии за исполнување на стратешка цел за членство на Рпублика Македонија во Европската унија |
| Семинар "Отворен парламент - транспарентност на парламентарните активности", со пратениците од парламентите на земјите претпристапнички на Европскиот парламент |
| Обраќање на Баронеса Д´Суза, лорд спикер на Горниот Дом на Парламентот на Обединетото Кралство Велика Британија и Северна Ирска |
| Предавање и презентација на годишниот извештај на европската комисија за напредокот на Република Македонија - 2013 година |
| Свечена академија по повод "23 Октомври" - Ден на македонската револуционерна борба и обраќање на г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија |
| Конференција на комисиите за европски прашања/интеграции на државите опфатени од Процесот за стабилизација и асоцијација - КОСАП |
| Обраќање на г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија по повод отворање на изложба на ОСТЕН светска галерија |
| Годишно обраќање на Н.Е. г. Ѓорге Иванов, претседател на Република Македонија, пред пратениците на Собранието на Република Македонија |
| Обраќање на г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија пред службата на Собранието на Република Македонија по повод Новогодишните празници |

## 7.3. Доделување на државни награди

| |
|---|
| Доделување на Државната награда "11 Октомври´ - Ден на народното востание |
| Доделување на Државната награда "23 Октомври" - Ден на македонската револуционерна борба |
| Доделување на Државната награда "Свети Климент Охридски" |
| Доделување на Државната награда "Мито Хаџи Василев - Јасмин" |

# 7.4. Свечени изјави

| |
|---|
| Свечена изјава на **г. Христијан Делев**, заменик министер за економија на Република Македонија |
| Свечена изјава на ***г. Марко Зврлевски***, јавен обвинител на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Талат Џафери,** министер за одбрана на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Тахир Хани,** министер за локална самоуправа на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Фатмир Бесими,** министер без ресор на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Земри Ќамили,** заменик на министерот кој раководи со Министерството за внатрешни работи на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Ардиан Џеладини,** заменик на министерот кој раководи со Министерството за финансии на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Џељаљ Бајрами,** заменик на министерот кој раководи со Министерството за транспорт и врски на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Ѓорги Сламков**, член на Државната комисија за спречување на корупцијата |
| Свечена изјава на **г. Дилавер Бектеши,** член на Советот за јавни обвинители на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Спиро Ристовски,** министер за образование и наука во Владата на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Диме Спасов,** министер за труд и социјална политика во Владата на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Џери Наумоф,** министер без ресор во Владата на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Ѓорѓија Сајкоски,** заменик на министерот кој раководи со Министерството за локална самоуправа на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Беќир Шаини,** член на Судскиот совет на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г-ѓа Елена Ѓоргоноска Маневска,** заменик на народниот правобранител |
| Свечена изјава на **г. Насер Весељи,** заменик на народниот правобранител |
| Свечена изјава на **г-ѓа Ирина Стојановска,** заменик на народниот правобранител |
| Свечена изјава на **г. Васил Јовановски,** заменик на народниот правобранител |
| Свечена изјава на **г. Славчо Тимов,** заменик на народниот правобранител |
| Свечена изјава на **г-ѓа Васка Бајрамовска Мустафа,** заменик на народниот правобранител |
| Свечена изјава на **г. Даут Селими,** заменик на народниот правобранител |
| Свечена изјава на **г. Селим Адеми,** член на Судскиот совет на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г-ѓа Лидија Каначковиќ,** член на Судски совет на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г-ѓа Вангелина Маркудова,** судија на Уставниот суд на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Никола Рилкоски,** претседател на Државната изборна комисија |

# 8. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО

## 8.1. СОБРАНИСКИ ТВ КАНАЛ

Во периодот јануари - декември 2013 година, Собранискиот сервис/ МРТ извршил вкупно 88 директни преноси на пленарни седници на Собранието на Република Македонија, во вкупно времетраење од 16.621 минута.

Во посочениот период Собранискиот сервис извршил вкупно 19 преноси на седници на Комисијата за финансирање и буџет, во вкупно времетраење од 7.780 минути.

Што се однесува до седниците на комисиите, комитетите, советите, работните тела и другите манифестации, истите беа одложено пренесувани до гледачите на Собранискиот сервис.

Така, Комисијата за финансирање и буџет одржала 49 седници со вкупно траење од 1.014 минути.

Законодавно- правната комисија одржала вкупно 65 седници со времетраење од 3.244 минути.

Комисијата за транспорт, врски и екологија во наведениот период одржала 33 седници во времетраење од 3.532 минути.

Вкупно 33 седници одржала Комисијата за економски прашања, или 964 минути.

Комисијата за европски прашања заседавала 24 пари во времетраење од 1.361 минута.

Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците одржала 38 седници со вкупно времетраење од 4.136 минути.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство во наведениот период имала 21 седница кои биле емитувани во вкупно времетраење од 1.343 минути.

Комисијата за образование, наука и спорт одржала 21 седница во времетраење од 588 минути.

Комисијата за надворешна политика одржала 17 седници во времетраење од 1.649 минути.

Комисијата за одбрана и безбедност се состанала вкупно 15 пати и расправала 123 минути.

Комисијата за деловнички и мандатно- имунитетни прашања се состанала шест пати во времетраење од 77 минути.

Комисијата за здравство одржала 16 седници во времетраење од 1.880 минути.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата одржала седум седници во времетраење од 171 минути.

Комисијата за локална самоуправа одржала шест седници во вкупно времетраење од 340 мнути.

Дваесет и пет седници одржала Комисијата за труд и социјална политика во времетраење од 2.880 минути.

Комисијата за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи и од Министерството за одбрана имала една седница, а отворена за јавност била 9 минути.

Комисијта за култура вкупно заседавала 13 пати со време од 808 минути.

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите се состанала девет пати во времетраење од 897 минути.

Комисијата за уставни прашања одржала една седница во времетраење од 154 минути.

Комитетот за односи меѓу заедниците имал две седници, во времетраење од 233 минути.

Националниот совет за евроинтеграции, во наведениот период се состанал четири пати, а седниците траеле вкупно 460 минути.

Буџетскиот совет на Собранието заседавал два пати во времетраење од 113 минути.

Советот на Собранискиот канал заседавал еднаш, во времетраење од 80 минути.

Во текот на 2013 година на програмата на сервисот се емитувани четири изјави на Претседателот на Собранието на Република Македонија г. Трајко Вељаноски во вкупно времетраење од 28 минути.

Исто така, емитувани се и снимки од четири доделувања на државни награди во вкупно време од 83 минути.

## 8.2. Електронска комуникација

### Е-ПАРЛАМЕНТ И СОБРАНИСКАТА ВЕБ ЛОКАЦИЈА

Собранието на Република Македонија заради унапредување на ефикасноста во работењето, а со цел да го зголеми капацитетот преку користење на информациско-комуникациската технологија после повеќемесечна анализа на процесите, развој и инсталација на софтверот, обука на корисниците на системот, од октомври 2009 година воведе електронски систем за менаџирање на документи врзани со законодавната постапка, т.н. е-парламент.

Со е - парламентот опфатени се следните процеси:

1. Прием на материјали

- прием и архивирање на материјал
- известување за нов материјал

2. Седници на работни тела

- закажување на седници
- водење на седниците
- додавање на заклучоци
- додавање на извештаи

3. Собраниски седници

- закажување на седници
- водење на седниците
- додавање на заклучоци
- додавање на извештаи
- додавање на стенограми
- додавање на аудио и видео записи
- додавање на гласања

4. Пратенички прашања

- најави на пратенички прашања
- додавање на поставени прашања
- додавање на одговори

Е-парламентот нуди автоматско генерирање на документи и писма базирано на урнеци, нотификации по е-пошта за сите активности поврзани со материјалите и седниците. За актите во процедура и во процесите е воведен електронски потпис.



Речиси сите државни службеници и пратениците активно и секојдневно работат со системот на прием на материјали, закажување на седници на Собранието и на седници на работните тела, објавување на извештаи, заклучоци, стенограми, гласања, видео и аудио записи, додека сите вработени во Службата на Собранието имаат пристап до е-парламент и го користат во секојдневната работа за успешно и квалитетно извршување на работните задачи.



Во 2013 година процесирани се вкупно 1447 материјали.




Имајќи предвид дека информатичкото општество ја развива партиципативната демократија преку зголемената транспарентност овозможувајќи јавните податоци да бидат достапни во отворен и стандардизиран формат, а граѓаните, невладиното општество, јавноста и експертите со своите иницијативи да учествуваат во донесувањето на одлуките, Собранието на Република Македонија постојано ја збогатува со податоци собраниската веб-локација.

На веб-локацијата можат да се најдат сите материјали кои биле или сé во собраниска процедура, увид во која фаза од законодавната постапка се наоѓаат, сите извештаи и заклучоци поврзани со нив, потоа дневна агенда и планирани следни активности, видео и аудио записи од седници, извештаи од седници на работни тела и записници од собраниските седници.

Поголемиот дел од информациите може да се прочитаат уште и на англиски, албански и француски јазик.

Исто така, преку веб-локацијата може да се следат собраниските седници во живо.

Во 2013 година Собраниската веб-локација била посетена над 550.000 пати од над 130.000 посетители.

## 8.3. СРЕДСТВА ЗА ЈАВНО ИНФОРМИРАЊЕ

За следење на активностите на Собранието вкупно се акредитирани 1159 претставник на средствата за јавно информирање. Правата, должностите и одговорностита на претставниците на средствата за јавно информирање се одредени со Правилник донесен од претседателот на Собранието ("Службен весник на Република Македонија" број 89/ 2002). На претставниците на средствата за јавно информирање на располагање им е модерно опремен прес центар со телефонски линии и компјутери. Редовно по пошта се испраќаат материјали од активностите на Собранието на сите акредитирани медиуми.

| НАЗИВ | број на акредитирани лица |
|---|---|
| **ТЕЛЕВИЗИИ И РАДИЈА** | |
| СОБРАНИСКИ КАНАЛ | 16 |
| САТЕЛИТСКИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МАКЕДОНСКОТО РАДИО | 5 |
| МТВ | 73 |
| МТВ - ВТОР ПРОГРАМСКИ СЕРВИС АЛБАНСКИ | 27 |
| РЕДАКЦИЈА НА ЕТНИЧКИ ЗАЕДНИЦИ НА МТВ | 42 |
| РЕДАКЦИЈА ЗА ВЛАШКИ ЈАЗИК | 2 |
| РЕДАКЦИЈА ЗА РОМСКИ ЈАЗИК | 1 |
| РЕДАКЦИЈА ЗА БОСАНСКИ ЈАЗИК | 3 |
| РЕДАКЦИЈА ЗА ТУРСКИ ЈАЗИК | 9 |
| РЕДАКЦИЈА ЗА СРПСКИ ЈАЗИК | 2 |
| ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 5 | 33 |
| ТВ 5 ПЛУС | 23 |
| ТЕЛМА | 31 |
| АЛ САТ | 26 |
| СИТЕЛ | 67 |
| ТВ ЕРА | 6 |
| СКАЈНЕТ | 4 |
| ТВ АЛФА | 48 |
| РТВ БТР НАЦИОНАЛ | 8 |
| НАША ТВ | 5 |
| ТВ СОНЦЕ | 5 |
| ТВ “Е” | 10 |
| 24 ВЕСТИ | 40 |
| АЛЈАЗЕЕРА БАЛКАНС | 3 |
| АЛБ ТВ | 13 |
| МАКЕДОНИЈА 24 | 9 |
| МАКЕДОНСКО РАДИО | 34 |
| РАДИО ВАТ | 3 |
| РАДИО СЛОБОДНА ЕВРОПА | 8 |
| РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА | 7 |

| ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ | |
|---|---|
| **ДНЕВНИ ВЕСНИЦИ** | |
| ДНЕВНИК | 38 |
| НОВА МАКЕДОНИЈА | 23 |
| ВЕЧЕР | 30 |
| УТРИНСКИ ВЕСНИК | 26 |
| ВЕСТ | 33 |
| КОХА | 8 |
| ЉАЈМ | 10 |
| БИЗНИС | 4 |
| СЛОБОДЕН ПЕЧАТ | 7 |
| **НЕДЕЛНИЦИ** | |
| ФОКУС ПРЕС | 17 |
| ГЛОБУС | 10 |
| КАПИТАЛ | 34 |
| **ДРУГИ МЕДИУМИ** | |
| ЊУ МОМЕНТ ВИДЕО ХАУС-друштво за маркетинг | 10 |
| МИА-агенција | 38 |
| МАКФЕСТ-агенција | 6 |
| ОБСЕ | 21 |
| ЈЕНИ БАЛКАН | 4 |
| НЕТ ПРЕС КОМ | 4 |
| ВАЛУТА | 4 |
| БИ-БИ-СИ (на македонски јазик) | 8 |
| НАЦИОНАЛЕН ПРЕС | 1 |
| ПОЛИТИКА | 1 |
| ЗАМАН | 3 |
| КУРИР | 10 |
| ТОМАТО ДООЕЛ | 4 |
| НОВИНСКА АГЕНЦИЈА ИЛИРИА | 3 |
| еРЕПОРТЕР | 4 |
| ЖУРНАЛ | 14 |
| DIVERSITY MEDIA PRODUCTION | 4 |
| DEUTSCHE WELLE | 2 |
| РЕВОЛУЦИЈА | 5 |
| ПЛУСИНФО | 10 |
| А1он | 9 |
| ТВ НОВА | 8 |
| БРИФ | 6 |
| ИНТЕРНЕТ ПОРТАЛ МКД.МК | 6 |
| ТЕЛЕГРАФ.МК | 17 |
| МАРИЛИ | 2 |
| ТРИНИТИ ПЛУС ПРОДУКЦИЈА | 3 |
| НОВИНСКА АГЕНЦИЈА "БЕЗ ПАРДОН" | 9 |
| БИРН | 2 |
| НЕЗАВИСНА ПРОДУКЦИЈА БОЈАРОВСКИ | 4 |
| ПАРТЕС ПРОДУКЦИЈА ДОО | 7 |
| ПОРТАЛБ | 7 |
| РЕПУБЛИКА | 19 |
| ФоНет | 1 |

Одделението за односи со јавноста и за изготвување на статистички материјали покрај акредитирање на претставници на средствата за јавно информирање секојдневно ја ажурира веб-локацијата на Собранието на Република Македонија на четири јазици (македонски, албански, француски и англиски јазик), во делот на активности, најави и соопштенија. Подготвува дневен информатор за дневните активности на Собранието, кој го проследува до печатница, потоа до експедиција и до куририте, а воедно електронски го доставува до медиумите.

Исто така, преработува извештаи од седници на работните тела за потребите на веб-локацијата и следи, пишува и објавува вести од ЕУ.

Подготвува и испраќа бесплатен електронски весник за дневните активности на Собранието до пријавените и заинтересирани корисници. Моментално се активни 662 корисници кои го добиваат електронскиот весник. Во текот на 2013 година се подготвени и испратени вкупно 159 електронски весници.

Периодично спроведува анкети преку веб-локацијата на Собранието, со цел за испитување на мислење за моментално актуелни теми на корисниците на самата веб-локација.

Со цел да се задоволат потребите на јавноста за работата и активноста на пратениците отворена е нова категорија на веб-локацијата насловена Активности на пратенички групи.

Во текот на 2013 година одделението има подготвено и дистрибуирано 435 дневни информатори.

Одделението, исто така, ги проследува официјалните и работните средби на делегациите во Собранието на Република Македонија и известува на веб-локацијата за истите и до медиумите.

# 9.КЛУБ НА ЖЕНИ ПРАТЕНИЦИ

*Клубот на пратенички на Собранието на Република Македонија во периодот од 1 јануари до 31 декември 2013 година, работеше на работни состаноци, јавни расправи, дебати, средби, конференција, семинар и меѓународни активности.*

Делокруг на работа на Клубот е унапредување на статусот и положбата на жените и воспоставување на еднакви можности на жените и мажите согласно со Законот за еднакви можности, стандардите и принципите на меѓународните конвенции и документи кои Република Македонија ги ратификувала или потпишала, а се однесуваат на еднаквите можности и на заштитата од дискриминација во областа на трудот, социјалната заштита и социјалното осигурување, економија, здравство, образование, безбедност, политички систем; на национално, локално и меѓународно ниво; иницирање и предлагање на донесување, измени и дополнување на законската регулатива од аспект на родовата рамноправност, еднаквите можности и заштита од дискриминација во областа на трудот и социјалното осигурување и социјална заштита.

***Во изминатиот период Клубот на пратенички организираше работни состаноци:***

Во соработка со **Македонското женско лоби, Клубот на пратенички на 15 февруари 2013 година, одржа состанок со амбасадорката на САД Консанца А. Морела**. На состанокот стана збор за подготовка на нов закон за семејно насилство.

Клубот на пратенички на Собранието на Република Македонија на 30 мај 2013 година, одржа работен состанок на кој го разгледа Предлог на законот за прекинување на бременост.

На состанокот покрај членовите на Клубот на пратенички присуствуваа министерот за здравство Никола Тодоров, претседателот на Комисијата за здравство на Собранието на Република Македонија Менде Диневски, претставници на следниве невладини организации: Македонско женско лоби, Х.Е.Р.А., Националниот совет за родова рамноправност СОЖМ, Акција Здруженска, Националната мрежа против насилство врз жената, Реактор, Антико и здружението ЕСЕ.

На состанокот беше потенцирано дека Предлогот е исклучително значаен за жените, ги регулира нивните права и директно влијае на правото на жената да одлучува за сопствениот живот.

Дел од пратеничките се вклучија во дискусијата и ги изнесоа своите забелешки на одредбите на Законот.

***Клубот на пратенички во изминатиот период работеше на јавни расправи:***

**Клубот на пратенички на Собранието на Република Македонија на 18 декември 2013 година одржа јавна расправа на тема Економско јакнење на жените,** на која покрај членовите на Клубот на пратенички присуствуваа потпретседателката на Собранието на Република Македонија г-ѓа Светлана Јакимовска, пратеници на Собранието на Република Македонија, претставници на Министерството за економија, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија, потоа на локалните комисии за еднакви можности, Македонското женско лоби, Занаетчиската комора на Република Македонија, Бизнис конфедерацијата на Македонија,

Федерацијата на фармери на Република Македонија и претставници на други здруженија кои работат на ова поле.

Од дискусијата произлегоа следниве заклучоци:

1. Зголемување на бројот на жени-претприемачи преку промовирање на позитивни пракси - жени лидери во овој сектор;
2. Преземање на конкретни мерки и активности за економско јакнење на жените во руралните средини, во согласност со усвоената Стратегија;
3. Преземање на активности за промовирање на претприемништвото;
4. Унапредување на соработката помеѓу одговорните субјекти на планот на економското јакнење на жените и активно учество на Клубот на пратенички, Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Македонија и во единиците на локалната самоуправа;
5. Клубот на пратенички препорачува да се преземат активности за постигнување баланс на професионалниот и приватниот живот;
6. Клубот на пратенички предлага да се преземат активности за понатамошно разгледување за воведување на флексибилно работно време;
7. Клубот на пратенички ги поддржува заложбите за повеќе градинки во руралните средини и
8. Клубот на пратенички ќе иницира создавање база на податоци за вклученоста на жените во економските текови.

На **27 декември 2013 година** Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, Комисијата за труд и социјална политика и Клубот на пратенички на Собранието на РМ, во соработка со Министерството за труд и социјална политика и Македонското женско лоби одржаа јавна расправа на тема: **Подготовка на закон за семејно насилство.**

На расправата покрај членовите и замениците членови на комисиите и членовите на Клубот, присуствуваа пратениците на Собранието на Република Македонија, министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов, експерти, претставници на невладините организации, локалните комисии за еднакви можности и Светската здравствена организација.

***Други активности***

**Како посебна придобивка од работата на Клубот во наведениот период е усвојувањето на предлогот за обезбедување на средства (760.000 денари**) наменети имплементација на Стратегијата за родова еднаквост усвоена од Собранието на Република Македонија.

***Клубот на пратенички работеше и на подготовка на балканска регионална парламентарна конференција***

Во јануари 2013 година Клубот на пратенички во соработка со Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, Меѓународниот републикански институт ИРИ и Мрежата на жени во демократијата WDN подготвуваше Балканска регионална парламентарна конференција чие одржување беше одложено.

# 10. АКТИВНОСТИ НА НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# 10.1. Активности на Вестминстер фондација за демократија во Собранието на Република Македонија

***Програма за парламентарно јакнење – Македонија***

- **Работилница за Основна обука за службата на Собранието на Република Македонија за Проценка на влијанието на регулативата**

Вестминстер фондацијата за демократија во февруари одржа основна обука за службата за Собранието каде што се презентираа регулаторната реформа и проценката на влијанието на регулативата (ПВР), како и пракси од други земји. Оваа обука се изврши во соработка со службата од Министерството за информатичко општество и администрација.

- **Истражување на јавното мислење – перцепции на граѓаните за работата на Собранието на Република Македонија**

ВДФ го ангажираше Институтот за демократија и цивилно општество да ја спроведе анкетата на јавното мислење, која по шести пат се организираше телефонски на репрезентативен примерок од 1.024 испитаници. Мерењето на персепциите на граѓаните за работата на Собранието може да им послужи на пратениците да се здобијат со квантитативни и квалитативни податоци за влијанието на собраниските активности, случувањата и дебати врз јавното мислење.

***Регионална програма – Западен Балкан***

**Зајакнување на улогата на парламентите и владите во промовирање на конкурентноста и економскиот раст**

**Јануари, 2013**

- Објавување на регионалната студијата „Економски и европски перспективи на земјите од Западен Балкан„

**Февруари, 2013**

- Промоција на регионалната студијата "Економски и европски перспективи на земјите од Западен Балкан". Пратеници и службеници од Собранието на Република Маедонија зедоа учество на промоцијата што се одржа во Народното Собрание на Република Србија.

**Април, 2013**

- Промоција на регионалната студијата "Економски и европски перспективи на земјите од Западен Балкан". Промоцијата се одржа во Центарот за студии по Европски политики во Брисел и учествуваа пратеници од осум парламенти од регионот, меѓу кој и од Собранието на РМ.

**Јуни, 2013**

- Регионална конференција на Мрежата на Парламентарни комисии за Економија и финансии на земјите од Западен Балкан Политики на конкурентност во земјите на Западен Балкан. Учество зедоа пратеници у служебеници од осум Парламенти од регионот (Македонија, Црна Гора, Србија, Албанија, Босна и Херцеговина – Федерација Босна и Херцеговина и Република Српска, Косово).
- Регионален состанот на Мрежата на Парламентарни комисии за Економија и финансии на земјите од Западен Балкан, каде што беше одлучено Мрежата да го прошири своето членство со вклучување на Комисиите за Европска Интеграција од осумте парламенти од Регионот.

**Јули, 2013**

- Прв состанок на управниот одбор на Мрежата на парламентарни комисии за економија, финансии и Европска интеграција на земјите од Западен Балкан (NPC), каде што се потврдија членовите на управниот одбор и се усвоија деловникот за работа, актот за организација и управна структура и работниот план (http://npcbalkan.net/).

**Септември, 2013**

- Развивање на прирачник за пратеници и за службата Инструмент за претпристапна помош и парламентарен надзор.

**11 Октомври, 2013**

- **Втор состанок на управниот одбор на** Мрежата на парламентарни комисии за економија, финансии и Европска интеграција на земјите од Западен Балкан (NPC).

**12 - 13 Октомври, 2013**

- **Регионална конференција – Парламентарен надзор над трошењето на ИПА средствата**

Регионалната конференција се одржа во Охрид и учество зедоа пратеници и службеници од осум парламенти од земјите од Западен Балкан, каде што заедно со експерти од регионот дискутираа за ефективен мониторинг и парламентарен надзор над ИПА средствата.

**15 Ноември, 2013**

- Билатерална средба меѓу комисиите за економија, регионален развој, трговија туризам и енергетика; финансии буџет и контрола на трошење на јавните средства и комисијата за европски интеграции од Народното Собрание на Република Србија и Комисијата за европски прашања од Собранието на РМ.
- Билатералната средба, која е дел од работниот план на Мрежата, имаше за цел да го презентира искуството на Собранието на РМ за спроведувањето на ИПА парламентарниот надзор и да се дискутира за идна регионална соработка во полето на ЕУ интеграција и идни активности на Мрежата.

**29 – 30 Ноември, 2013**

- **Регионална конференција – Парламентарен надзор над трошењето на ИПА средствата за службеници од Парламентите од Западен Балкан**

На обуката за парламентарен надзор над трошењето на ИПА средствата учество зедоа 36 службеници од комисиите кои се дел од Мрежата на парламентарни комисии за економија и финансии на земјите од Западен Балкан (NPC).

# 10.2. Активности на НДИ и Собранието на Република Македонија

NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE FOR INTERNATIONAL AFFAIRS

***ПОДДРШКА ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА НАДЗОРНИОТ ПРОЦЕС ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***

**Мај – декември 2013 година**
**Комисија за локална самоуправа**

- Консултации и техничка помош при организирање на надзорна расправа *Имплементација на процесот на Децентрализација*

**Јули – декември 2013 година**
**Комисија за европски прашања**

- Консултации и техничка помош при организирање на надзорна расправа *Користење на фондовите од Инструментот за пред пристапна помош во Република Македонија*

**Ноември – декември 2013 година**
**Комисија за политички систем и односи меѓу заедниците**

- Консултации и техничка помош при организирање на надзорна расправа *Анализа за почитување на уставно загарантираното право на презумпција на невиност, наодите за злоупотреба на притворот, загрозување на слободата на изразување и медиумските слободи и правото на изразување јавен протест во Републка Македонија*

***ПОДДРШКА НА ОСНОВАЊЕТО И РАЗВОЈОТ НА ПАРЛАМЕНТАРНИОТ ИНСТИТУТ***

**Распоред на обука на вработените во Парламентарниот институт**
**март - декември 2013**

**27 март -** Почетен состанок
***Теми:*** Општи информации за проектот, Опис на работните места и лични спецификации
***Учесници:*** Раководител на Парламентарниот Институт, Раководител на Секторот за истражување и општи анализи и евроинтеграција, Раководител на Секторот за едукација и за комуникација/ за истражувачка библиотека и законодавна архива

**1 април** - Воведна сесија со тројцата раководители на Парламентарниот Институт
***Теми***: Дополнителни материјали, правна рамка, проектни активности

***Учесници:*** Раководител на Парламентарниот Институт, Раководител на секторот за истражување и општи анализи и евроинтеграција и Раководител на Секторот за едукација и за комуникација/ за истражувачка библиотека и законодавна архива

***2- 5 април** - ЕвроВок и стандарди за индексирање за парламентарни библиотеки
Ана Лхотска, Чешка парламентарна библиотека
***Учесници***: Раководител на Парламентарниот Институт, Раководител на Секторот за истражување и општи анализи и евроинтеграција и Раководител на Секторот за едукација и за комуникација/ за истражувачка библиотека и законодавна архива

**Секој петок** - Неделни состаноци за дискусија околу техничката помош на Парламентарниот институт
***Учесници:*** Раководител на Парламентарниот Институт, Раководител на Секторот за истражување и општи анализи и евроинтеграција и Раководител на Секторот за едукација и за комуникација/ за истражувачка библиотека и законодавна архива

**април - мај** - Конференција за ЕвроВок: Промоција на преводот на ЕвроВок на македонски јазик

**30 - 31 мај** - ЕЦПРД: Процедури и практики за дебатирање и одобрување на долгорочни национални стратегии на парламентите (Талин, Естонија) - треба да се потврди
***Учесник:*** Раководител на Парламентарниот Институт

**31 мај - 1 јуни** - ЕЦПРД: Парламентарни библиотеки и архиви и нивната улога во зачувувањето и заштитата на историското и културното наследство на нивните земји (Париз, Франција) - треба да се потврди
***Учесник:*** Раководител на секторот за Едукација и за комуникација/ за истражувачка библиотека и законодавна архива

**27 мај** - Работилница за управување со човечки ресурси
***Учесници:*** Раководител на Парламентарниот Институт, Раководител на Секторот за истражување и општи анализи и евроинтеграција и Раководител на секторот за едукација и за комуникација/ за истражувачка библиотека и законодавна архива

**31 мај - 5 јуни** - Интервјуа за Секторот за едукација и комуникација/за истражувачка библиотека и законодавна архива

**14 - 19 јуни** - Интервјуа за Секторот за општи анализи, истражувања и евроинтеграции

**20 - 21 јуни** - ЕЦПРД: Семинар „Нови фискални рамки" (Област на интерес: економски и буџетски прашања) (Виена, Австрија) - треба да се потврди
***Учесник:*** Раководител на Секторот за истражување и општи анализи и евроинтеграција,

**21 - 24 јуни** - Семинар за управување на истражувањата, троддневна програма за ориентација - Бил Робинсон и Францис Мико, поранешни вработени во Истражувачката служба на Конгресот на САД (CRS)

***Учесници***: Генерален секретар, Шеф на кабинет на Претседателот, Раководител на Парламентарниот Институт, Раководител на Секторот за истражување и општи анализи и евроинтеграција и Раководител на Секторот за едукација и за комуникација/ за истражувачка библиотека и законодавна архива

**25 - 26 јули** - Вовед во политиките на ЕУ и ИПА - Центар за обуки на Секретаријатот за европски прашања.

***Учесници:*** Советници во Секторот за истражување, анализи и евроинтеграции, Раководител на Одделението за едукација и комуникација и Советник за библиотекарство, Одделение за истражувачка библиотека и законодавна архива.

**19- 21септември -** ЕЦПРД: Семинар "Модерните технологии за поддршка на парламентарните активности - традиции и предизвици " - Санк Петербург

***Учесник:*** Раководител на Одделение за истражувачка библиотека и законодавна архива

**22-27 септември** - Студиска посета на раководителот на Парламентарниот институт на Вашингтон, САД

***Учесник***: Раководител на Парламентарниот Институт

**2-4 октомври -** *Модул 1*: Процедури за правата на корисниците, правила за користење на материјали, водич за корисници - Марија Фицсимонс, Раководител за истражување, Служба за истражување и библиотека, Парламент на Ирска

***Учесници*:** Вработените во парламентарниот институт

**16-17 октомври –** Стратешко планирање за Парламентарниот институт – Том Кели, Директор на НДИ Србија

***Учесници*:** Вработените во парламентарниот институт

**17-19 октомври** - Годишна конференција на ЕЦПРД кореспонденти - Варшава

***Учесник***: Раководител на Парламентарниот Институт

**22-25 октомври** - *Модул 2:* Библиотечни услуги и *Модул 5:* Истражувачки методи, ЕЦПРД и EUR-LEX - Ева Малачкова, Директор на Парламентарната библиотека во словачкиот Парламентарен институт и Степан Печачек, Раководител за одделение во чешкиот парламентарен институт. Оваа сесија ќе биде искористена и за подготовка за студиските посети на парламентарните институти во Словачка и Чешка

**Учесници:** Вработените во парламентарниот институт

**22 октомври** - Нови медуми и комуникација - Кристофер Ворман, Директор на ТекСуп (TechSoup)

***Учесници***: Раководител на Секторот за едукација и за комуникација/ за истражувачка библиотека и законодавна архива, Раководител на Одделението за едукација и комуникација, Советник за историја

**11-15 ноември** - Студиска посета на раководителот на Парламентарниот институт и 11 вработени во Парламентарниот институт на Братислава и Прага, со фокус на информациите

***Теми:*** Архивирање, библиотека, едукација и комуникација

***Учесници:*** Раководител на Парламентарниот Институт; Раководител на Секторот за едукација и за комуникација/ за истражувачка библиотека и законодавна архива и вработените од Секторот за едукација и за комуникација/ за истражувачка библиотека и законодавна архива

**18 - 22 ноември** - Студиска посета на раководителот на Парламентарниот институт и 13 вработени во Парламентарниот институт на Братислава и Прага, со фокус на истражување

***Теми:*** Истражувања и анализи

***Учесници***: Раководител на Парламентарниот Институт; Раководител на Секторот за истражување и општи анализи и евроинтеграција и вработените од Секторот за истражување и општи анализи и евроинтеграција

**28-29 ноември -** ЕЦПРД: Семинар " Сподели искуства и решенија за Парламент заснован на ИКТ (Област на интерест: ИКТ во Парламенти) - Баку

***Учесник:*** Советник за ИКТ, Одделение за истражувачка библиотека и законодавна архива

**5 -6 декември** - Посета на Парламентарната библиотека во Тирана, Албанија

***Учесници***: Раководител на Секторот за едукација и за комуникација/ за истражувачка библиотека и законодавна архива и Раководител на Одделението за истражувачка библиотека и законодавна архива

**10-12 декември** - *Модул 3:* Архиви - Јана Кубикова, Раководител на Архива, Парламентарен институт, Национален совет на Словачка

***Тема:*** Процес на архивирање

***Учесници:*** Вработените во Одделението за истражувачка библиотека и законодавна архива

**12 декември -** Семинар со DCAF (Центар за безбедност, развој и владеење на правото)

***Тема:*** Воведен семинар за реформите во бездедносниот сектор

***Учесници:*** Вработените во Секторот за општи анализи, истражувања и евроинтеграции

**19 декември** - Семинар *Пишување на правилен македонски јазик* со проф. др. Симон Саздов, раководител на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици, Филолошки факултет „Блаже Конески", Универзитет Кирил и Методиј

***Тема:*** Основни правила на правописот и граматиката на македонскиот јазик

***Учесници:*** Вработените во Парламентарниот институт

## ЗАКОНОДАВНО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН

**24-26 Април 2013 година, Бечичи, Црна Гора**

***Тема:*** Работилница: Надминување на предизвиците за надзор вршен од парламентарните комисии

***Учесници:*** Претседател на Комисијата за Транспорт, Врски и Екологија; и Раководител на одделение за матичните работни тела од областа на земјоделството, шумарството, и водостопанството и транспортот, врските и екологијата

**6-8 Ноември 2013 година, Часта Папирничка, Братислава, Словачка**

***Теми:*** Работилница: Транспарентност и Парламентарна соработка со граѓанските организации

***Учесници:*** Советник на Комисијата за европски прашања и Помлад соработник за на матичните работни тела од областа на образованието, науката, и спортот, здравството, културата и трудот и социјалната политика

# 11. СЛУЖБА НА СОБРАНИЕТО

# СЛУЖБА НА СОБРАНИЕТО

## 11.1.ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА



*Организацијата, задачите и начинот на работа, како и дефинирањето на работните места по вид и по број на извршители, се уредуваат со Правилникот за внатрешна организација о Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Македонија.*

*Согласно со одредбите од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија донесен на 18 јули 2008 година, на 19 септември 2008 година се донесоа Правилникот за внатрешна организација на Службата на Собранието и Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието.*

*Согласно со овие акти настанаа големи промени како во организационата поставеност на Службата, така и во делокругот на работни задачи, се во правец на зголемување на квалитетот и капацитетот на Службата во извршување на работите од својот делокруг.*

*Во Службата хиерархиската поставеност е утврдена на следниве нивоа:*

1. *генерален секретар;*
2. *заменик на генералниот секретар;*
3. *сектори и*
4. *одделенија.*

*Со стручната служба на Собранието на Република Македонија раководи генерален секретар.*

*Според видот, обемот и степенот на сложеноста на работните задачи и другите услови потребни за нивно вршење, во Службата постојат следниве организациони облици: Сектор-кабинет на претседателот на Собранието; сектор и одделение.*

*Согласно со новиот Правилник за организација се образуваа 13 сектори и две посебни организациони единици - одделенија за извршување на обврските утврдени со закон и подзаконски акти кои за својата работа одговараат пред генералниот секретар.*

*На Правилникот за внатрешна организација на Службата на Собранието донесени се два правилника за изменување и дополнување и тоа едниот на 24.02.2009 година број 01-1171/1 избришани се две одделенија во Секторот за работните тела под број 5/И и 5/Ј , а вториот на 24.12.2009 година број 01-4866/8 донесени се следниве измени: Во Секторот на генералниот секретар статуирани се две нови одделенија – Одделение за поддршка на работата на потпретседатели на Собранието и Одделение за поддршка на работата на пратеничките групи*

*Врз основа на Законот за внатрешна јавна финансиска контрола извршени се измени во Секторот за финансиски и економски прашања кој согласно со одредбите од наведениот Закон се преименува во Сектор за финансиски прашања со четири одделенија.*

*Врз основа на членот 42 од Законот за Собрание на Република Македонија статуиран е нов Сектор-парламентарен институт со две одделенија, како истражувачки центар кој на пратениците им обезбедува навремени, објективни и независни стручни истражувања и анализи за извршувањето на пратеничката функција. Управување и надзор над работата на Парламентарниот институт врши Управувачки совет. Парламентарниот институт за своето работење доставува годишен извештај до Управувачкиот совет и до претседателот на Собранието.*

Државните советници вршат најсложени работи кои бараат посебна самостојност, стручност и организациска способност за координирање во областа на уставниот и политичкиот систем, економскиот, во областа на јавните дејности, во областа на меѓународната соработка и во постапката на подготовка и донесување на закони.

Кабинетот на претседателот на Собранието со три одделенија се грижи за тековните активности на претседателот на Собранието, планирање, подготовка и реализација на седниците на Собранието,

односи со јавноста и соработка со други државни органи, како и аналитички-советодавни и стручни работи за потребите на претседателот и потпретседателите.

Секторот на генералниот секретар со пет одделенија ги организира работите и задачите од делокруг на генералниот секретар, врши: нормативно правни работи, подготвува упатства и други акти што ги донесува генералниот секретар, работи во врска со овластувањето на генералниот секретар за застапување на Собранието и Службата пред надлежните органи, како и ги организира и реализира протоколарните активности на претседателот на Собранието, потпретседателите на Собранието, пратениците, пратеничките групи и на делегациите во земјата и странство, вршење на аналитички, советодавни и стручни работи за потребите на потпретседателите на Собранието, остварување соработка со министерства и други државни органи, изготвува текстови на закони, други акти и амандмани за пратеничка група, врши анализи на предлози на закони и други акти.

Законодавно-правниот сектор со три одделенија, подготвува текстови на закони, други акти и амандмани кои ги предлагаат пратениците, се подготвуваат акти за потребите на Собранието, врши работи кои се однесуваат на подготовка, планирање и реализација на седниците на Собранието и работните тела, врши работи што се однесуваат на редакција на текстовите на закони и на други акти, како и контрола на веродостојноста и на истите подготвени за објавување во "Службен весник на Република Македонија".

Секторот за седници со три одделенија, врши стручни и административни работи во врска со подготвувањето, планирањето и реализацијата на седниците, врши работи што се однесуваат на записниците и пратеничките прашања и врши технички работи во функција на седниците на Собранието.

Секторот за работни тела со донесувањето на новиот Деловник за работа на Собранието станува еден од носечките сектори во реализација на основната функција на Собранието - законодавната. Составен е од единаесет одделенија врши координација и следење на седниците на Собранието и на матичните работни тела; врши работи што се однесуваат на координирање на седниците на Законодавно-правната комисија, матичните работни тела и на Собранието за првото и второто читање на законите; врши подготовка, планирање, свикување и реализација на седниците на матичните работни тела од областите на политичкиот систем, економскиот систем и од јавните дејности, подготовка и реализација на дополнителни предлози на законите усвоени на седниците на Законодавно-правната комисија и матичните работни тела, потоа работи што се однесуваат на подготовка на дополнителен предлог на закон, со вградување на усвоените амандмани од седниците на Законодавно-правната комисија и на матичните работни тела од второто читање на законите, ја утврдува веродостојноста на дополнителните предлози на законите и на донесените закони се врши проверка на дополнителниот предлог на закон пред неговото доставување за седница на Собранието за второ читање, ја следи седницата на Собранието на третото читање на законите и вршат работи што се однесуваат на подготвувањето на законите за објавување во "Службен весник на Република Македонија", како и следење на работата на Комитетот за односите меѓу заедниците и спроведување на дадените насоки и упатства за извршување на работите во врска со работата на Комитетот за односи меѓу заедниците

Секторот за истражување, анализа, библиотека и документација со пет одделенија, врши изработка на анализи по барање на пратениците, пратеничките групи, работните тела, односно службата, врши истражување и изработка на анализи во соработка и по барање на други собраниски сектори, односно одделенија и по барање на европските парламентарни служби, врши работи во врска со информирање на јавноста за работата на Собранието и работните тела, подготвува редовни и периодични статистички прегледи за работата на Собранието и на неговите работни тела и редовно ги ажурира податоците во врска со работата на Собранието, прибира, чува, обработува и дава на користење документациони податоци и

материјали од работата на Собранието, врши набавка на потребните библиотекарски материјали, евиденција, селекција, категоризација и класификација на библиотекарските материјали.

Секторот за меѓународна соработка со две одделенија, дава стручна помош на претседателот, потпретседателите на Собранието, пратениците, генералниот секретар и службата обезбедува континуирано следење на работата на меѓународните парламентарни собранија и на нивните документи, особено на оние од посебен интерес за Собранието на Република Македонија, како и одржување на службен контакт со парламентите на другите држави, во полза на билатералната соработка на Собранието.

Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции е новина во систематизацијата и со две одделенија ги спроведува дадените насоки и упатства за извршување на работите во врска со работата на Националниот совет за евроинтеграции, обезбедува протоколарна поддршка за потребите на Советот, врши редовна комуникација со членовите на Советот и државните органи, го следи процесот на европска интеграција и е во редовни контакти со Секретаријатот за европски прашања, разменува информации за прашања од областа на процесот на европска интеграција со раководителот на Секторот за меѓународна соработка на Собранието, косекретарот на Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ и советниците на Комисијата за надворешна политика и Комисијата за европски прашања, остварува соработка со службите на надлежните државни органи што учествуваат во процесите на пристапување на Република Македонија кон ЕУ.

Секторот за информатички и комуникациски технологии е составен од три одделенија и врши планирање, развој, администрирање, одржување и заштита на функционирањето на информациониот систем и техниката на Собранието, дизајнирање, развој на софтверот и администрација на веб презентацијата на Собранието, како и врши работи кои се однесуваат на публицистичката дејност на Собранието и остварувањето на односите со јавноста.

Секторот за финансиски и економски прашања со четири одделенија, изготвува препораки за подготвување на предлогот на годишниот буџет и повеќегодишните проекции поврзани со него, ги извршува јавните набавки, како и работи во врска со финансиското и материјалното работење на Собранието, како и со инвестиционо и тековно одржување на Собранието.

Секторот за стручно-административни работи со четири одделенија врши стручно-административни, општи, експедиција и срамнување на материјали, а во негов состав работи и печатницата.

Секторот за преведување со три одделенија врши писмен, симултан и консекутивен превод, како и јазична редакција на текстовите на преводите и другите собраниски материјали.

Сектор-Парламентарен институт со две одделенија врши: анализирање, собирање и обработка на информации за законите и тематските прашања кои се разгледуваат на седниците на Собранието и работните тела; организирање и водење на истражувачката библиотека и комуникација со Глобална законодавна информативна мрежа "ГЛИН", "ЕЦПРД" и други сродни меѓународни мрежи, подготвува материјали и воведни инструкции за улогата и функционирањето на Собранието на Република Македонија за новизбраните пратеници.

## 11.1.1 Одделение за внатрешна ревизија

### ***ЦЕЛТА И УЛОГАТА НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА И ОСНОВНИ ОБВРСКИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ***

Целта на внатрешната ревизија е на раководителот на субјектот од јавниот сектор да му обезбеди независно разумно објективно уверување и совет со цел за подобрување на работењето на субјектот и зголемување на ефективноста на системите за внатрешна контрола.

Улогата на внатрешната ревизија е да даде поддршка на раководителите во субјектот од јавниот сектор за остварување на целите на субјектот преку:

а) изработка на стратешки и годишни планови за внатрешна ревизија врз основа на објективна процена на ризик, како и извршување на одделни внатрешни ревизии согласно со усвоените ревизорски планови и

б) процена на соодветноста, економичноста, ефективноста и ефикасноста на системот за финансиско управување и контрола за утврдување, проценка и управување со ризиците од раководството на субјектот во однос на:

- усогласеноста со законите, подзаконските и интерните акти и договори,
- веродостојноста и сеопфатноста на финансиските и оперативните информации,
- безбедноста на имотот и информациите и
- извршувањето на задачите и остварувањето на целите;

в) давање препораки за подобрување на работењето и работните процедури и

г) мониторинг на спроведувањето на мерките преземени од раководителот на субјектот од јавниот сектор врз основа на извршените ревизии.

### **ВКУПЕН БРОЈ НА ПЛАНИРАНИ РЕВИЗИИ СОГЛАСНО СО ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ЗА 2013 ГОДИНА**

Одделението за внатрешна ревизија секоја година изготвува стратешки план и годишен план за извршување на внатрешната ревизија согласно со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола кој го донесува раководителот на Одделението за внатрешна ревизија по добиена согласност од генералниот секретар на Собранието на Република Македонија.

Согласно Годишниот план за извршување на внатрешна ревизија за 2013 година во Одделението за внатрешна ревизија беа планирани осум ревизии и тоа:

1. Ревизија на системот на внатрешна контрола при изготвување и спроведување на Стратегијата за развој и Стратешкиот план на Собранието на Република Македонија за 2012 година;
2. Ревизија на системот на внатрешна контрола при реализација на обуките во Службата на Собранието;
3. Ревизија на усогласеност при спроведување на службените патувања во странство;
4. Ревизија на системот на внатрешна контрола при користење на фиксната и мобилната телефонија во Собранието;
5. Ревизија на системот на внатрешна контрола при функционирање на Одделението за документацијата на Собранието на Република Македонија;
6. Ревизија на системот на внатрешна контрола при исплата на средствата за прекувремената работа (работа преку полното работно време);

7. Ревизија на усогласеност при користење на боледувањата од вработените во Службата на Собранието и
8. Ревизија за следење на препораките дадени во ревизорските извештаи согласно Годишниот план за 2012 година.

## СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ЗА 2013 ГОДИНА

### Ревизија на системот на внатрешна контрола при изготвување и спроведување на Стратегијата за развој и Стратешкиот план на Собранието на Република Македонија за 2012 година

Оваа ревизија беше реализирана согласно со Годишниот план за извршување на внатрешна ревизија за 2013 година.

За оваа ревизија е изготвен Конечен ревизорски извештај со бр 40-2091/1 од 20 мај 2013 година, истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Македонија и до организационите единици на Службата на Собранието кои беа вклучени во процесот.

Целта на ревизијата беше да се увериме дали постои и како функционира системот на внатрешна контрола при изготвување и спроведување на Стратегијата за развој и Стратешкиот план на Собранието на Република Македонија за 2012 година.

### Ревизија на системот на внатрешна контрола при реализација на обуките во Службата на Собранието

Оваа ревизија беше реализирана согласно со Годишниот план за внатрешна ревизија за 2013 година.

За оваа ревизија е изготвен Конечен ревизорски извештај со бр. 404170/1 од 30 октомври 2013 година, истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Македонија и до организационите единици на Службата на Собранието кои беа вклучени во процесот.

Целта на ревизијата беше да се увериме дали постои и како функционира системот на внатрешна контрола при реализација на обуките во Службата на Собранието.

### Ревизија на усогласеност при спроведување на службените патувања во странство

Оваа ревизија беше реализирана согласно со Годишниот план за внатрешна ревизија за 2013 година.

За оваа ревизија е изготвен Конечен ревизорски извештај со бр. 40-2845/2 од 15 јули 2013 година, истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Македонија и до организационите единици на Службата на Собранието кои беа вклучени во процесот.

Целта на ревизијата беше да се увериме дали се почитуваат законите, подзаконските и интерните акти што се во сила при спроведување на службените патувања во странство.

### Ревизија на системот на внатрешна контрола при користење на фиксната и мобилната телефонија во Собранието

Оваа ревизија беше реализирана согласно со Годишниот план за внатрешна ревизија за 2013 година.

За оваа ревизија е изготвен Конечен ревизорски извештај со бр. 40-4171/1 од 30.10.2013 година, истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Македонија и до организационите единици кои беа вклучени во овој процес.

Целта на ревизијата беше да се увериме дали постои и како функционира системот на внатрешна контрола при користење на фиксната и мобилната телефонија во Собранието.

**Ревизија на системот на внатрешна контрола при функционирање на Одделението за документацијата на Собранието на Република Македонија**

Оваа ревизија беше реализирана согласно со Годишниот план за внатрешна ревизија за 2013 година.

За оваа ревизија е изготвен Конечен ревизорски извештај со бр. 40-3815/1 од 9 октомври 2013, истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Македонија и до организационите единици кои беа вклучени во овој процес.

Целта на ревизијата беше да се увериме дали постои и како функционира системот на внатрешна контрола при функционирање на Одделението за документацијата во Собранието на Република Македонија..

**Ревизија на системот на внатрешна контрола при исплата на средствата за прекувремената работа (работа преку полното работно време)**

Оваа ревизија беше реализирана согласно со Годишниот план за внатрешна ревизија за 2013 година.

За оваа ревизија е изготвен Конечен ревизорски извештај со бр. 40-3569/3 од 23.12.2013 година, истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Македонија и до организационите единици кои беа вклучени во овој процес.

Целта на ревизијата беше да се увериме дали постои и како функционира системот на внатрешна контрола при исплата на средствата за прекувремената работа (работа преку полното работно време).

**Ревизија на усогласеност при користење на боледувањата од вработените во Службата на Собранието**

Оваа ревизија се реализира согласно со Годишниот план за внатрешна за 2013 година и е на процес на подготвување.

Целта на ревизијата е да се увериме дали се почитуваат законите, подзаконските и интерните акти што се во сила при користење на правовото на боледување.

**Ревизија за следење на препораките дадени во ревизорските извештаи согласно Годишниот план за 2012 година**

Оваа ревизија се реализира согласно со Годишниот план за внатрешна за 2013 година и е на процес на подготвување.

Целта на ревизијата е да се увериме дали се имплементирани препораките од ревизорските извештаи изготвени согласно со Годишниот план за 2012 година.

## 11.1.2 Одделение за управување со човечки ресурси

Одделението за управување со човечки ресурси како Посебна организациона единица, функционира како посебно независно одделение со цел развој на квалитетот и професионалноста на државните службеници.

Основна задача на Одделението е проучувањето и примената на законските и подзаконските акти за остварување на правата и обврските на државните службеници и другите вработени во Службата, во однос на вработувањето, подготвување на стручна и аналитичка обработка на податоци, подготвување на програми, анализи и информации за управување со човечките ресурси, обука и развој на државните службеници, како и мерење на работниот учинок на државните службеници преку полугодишните оценувања.

Во Службата, заклучно со 31.12.2013 година има 259 државни службеници и 24 вработени без статус на државни службеници или вкупно 283 вработени во редовен работен однос. Со Службата раководи генералниот секретар на Собранието на Република Македонија, кој има тројца заменици.

| *Назив на секторот* | *вкупен број на вработени во сектор* | *Државни службеници* | | | *работници кои не се државни службеници* |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **рако-водни** | **стручни** | **стручно-админис-тративни** | |
| *Генерален секретар и заменици на генерален секретар* | ***4*** | *-* | *-* | *-* | *4* |
| *Кабинет на претседателот на Собранието* | ***6*** | *1* | *5* | *-* | *-* |
| *Сектор на генералниот секретар* | ***14*** | *3* | *5* | *6* | *-* |
| *Државни советници* | ***9*** | *9* | *-* | *-* | *-* |
| *Законодавно правен сектор* | ***11*** | *3* | *7* | *1* | *-* |
| *Сектор за седници на Собранието* | ***13*** | *5* | *6* | *2* | *-* |
| *Сектор за работни тела на Собранието* | ***44*** | *7* | *36* | *1* | *-* |
| *Сектор за истражување, анализа, библиотека и документација* | ***13*** | *3* | *10* | *-* | *-* |
| *Сектор за меѓународна соработка на Собранието* | ***8*** | *3* | *4* | *1* | *-* |
| *Сектор за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции* | ***9*** | *2* | *5* | *2* | *-* |
| *Сектор за информатички и комуникациски технологии* | ***17*** | *4* | *3* | *10* | *-* |
| *Сектор за финансиски и економски прашања* | ***13*** | *1* | *1* | *11* | *-* |
| *Сектор за преведување* | ***22*** | *4* | *10* | *8* | *-* |
| *Сектор за стручни и административни работи* | ***73*** | *3* | *2* | *44* | *24* |
| *Сектор за поддршка на Советот на Собраниски канал* | ***1*** | *1* | *-* | *-* | *-* |
| *Посебна организациона единица - Парламентарен институт* | ***25*** | *7* | *18* | *-* | *-* |
| *Посебна организациона единица - Одделение за внатрешна ревизија* | ***4*** | *1* | *3* | *-* | *-* |
| *Посебна организациона единица - одделение за управување со човечки ресурси* | ***1*** | *1* | *-* | *-* | *-* |
| ***ВКУПНО:*** | ***283*** | ***58*** | ***115*** | ***86*** | ***24*** |

Службата има 58 раководни државни службеници, 115 стручни државни службеници, 86 стручно-административни државни службеници и 24 вработени без статус на државни службеници.

Покрај оваа професионална служба согласно со Законот за Собрание на Република Македонија на секои пет пратеници предвидено е да има еден надворешен соработник - асистент во пратеничката група.

**Реализирани обуки**

Во насока на зајакнување на капацитетот на Службата на Собранието во периодот од 1 јануари до 31 декември 2013 година беа организирани повеќе специјализирани обуки со цел зголемување и проширување на знаењата и вештините на државните службеници во Службата:

***Јануари***

1.Конференција на тема „Пристапување во ЕУ: Која е улогата на граѓанските организации?", во организација на Cenzura Plus (Друштво за промоција на човекови права и слобода на медиумите), Balkan Civil Society Development Network, EPI, Open Society Foundations со поддршка на програмата Европа за граѓаните на ЕУ, 16 јануари 2013 година, во ЕУ Инфо центар, Делегација на ЕУ - тројца учесници;
2.TAIEX студиска посета на тема:„Формирање на ЕУ информативен центар", 29-31 јануари 2013 година, Парламент на Кралството Данска, Копенхаген - тројца учесници.

***Февруари***

3.Работилница за проценка на влијанијата на регулативата, 8 февруари 2013 година, Скопје, во организација на Вестминстер фондација за демократија - 23 учесници;
4.Работилницата на тема: "Медијацијата во Република Македонија: основни принципи, можности и предности", 22 февруари 2013 година, Скопје -еден учесник;
5.Промоција на публикуваната Студија за искористување на земјоделското земјиште за одгледување на енергетски култури и ефектите врз обезбедувањето со храна и заштита на биодиверзитетот во Република Македонија, 14 февруари 2013 година, Хотел Арка, Скопје во организација на ЦеПроСАРД (Центар за промоција на оддржливи земјоделски практики и рурален развој во соработка со НДИ (Национален демократски институт) - еден учесник;
6.Парламентарен семинар на тема "Енергетската политика на ЕУ и нејзиното влијание врз земјите во претпристапен процес" во Европскиот парламент во Брисел, Кралството Белгија, 21 и 22 февруари 2013 година - двајца учесници.

***Март***

7.Обука за "Системот за микроучење", во организација на Министерството за информатичко општество и администрација, 18-19 март 2013 година, простории на Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ) - двајца учесници;
8.11-ти семинар на парламентарни советници организиран од Парламентот на Кралството Шпанија во Мадрид, 4 до 15 март 2013 година - еден учесник.

***Април***

9.Обука на тема "Организација на парламентарно работење",18 март до 12 април 2013 година во Париз, Француска Република во организација на Националната школа за администрација (ЕНА), Националното собрание и Сенатот на Франција и Парламентарното собрание на Франкофонијата (ПСФ) - еден учесник;

10.Генеричка обука на тема "Развивање на управувачки способности" во шест тематски модули (април-декември 2013), во организација на Министерство за информатичко општество и администрација - еден учесник;

11.Генеричка обука на тема "Конзистентна примена на Законот за електронско управување", 9 април 2013 година, Скопје - еден учесник;

12.Воведна сесија со тројца раководители на Парламентарниот Институт, 1 април 2013 година;

13.Обука на тема "ЕвроВок и стандарди за индексирање за парламентарни библиотеки" 2- 5 април 2013 во Чешка парламентарна библиотека - тројца учесници;

14.Работилница на тема "Надминување на предизвиците за надзор кој го вршат парламентарните комисии", 24 - 26 април 2013 година, Бечиќи, Црна Гора, во организација на НДИ (Национален демократски Институт) Работилницата е дел од иницијативата за законодавно зајакнување на Западен Балкан на Националниот демократски институт, која помага на парламентите во регионот за зајакнување на нивните капацитети во донесување одлуки, надзор и застапување со акцент на зацврстување на врската меѓу парламентите од Западен Балкан со нивните колеги од Европската Унија преку креирање на отворени форуми за регионална соработка и размена на информации - еден учесник;

***Мај***

15.Генеричка обука на тема "Управување со проектен циклус" во пет тематски модули, во организација на Министерство за информатичко општество и администрација - еден учесник;

16.Конференција за ЕвроВок: Промоција на преводот на ЕвроВок на македонски јазик, Скопје - 10 учесници;

17.Генеричка обука на тема "Систем на јавната администрација и државна служба во Република Македонија", 20 и 21 мај 2013 година, Скопје, во организација на Министерството за информатичко општество и администрација - еден учесник;

18.ЕЦПРД семинар на тема "Процедури и практики за дебатирање и одобрување на долгорочни национални стратегии на парламентите", 30 - 31 мај 2013 во Талин, Естонија - еден учесник;

19.ЕЦПРД семинар на тема "Парламентарни библиотеки и архиви и нивната улога во зачувувањето и заштитата на историското и културното наследство на нивните земји", 31 мај - 1 јуни 2013, Париз, Франција - еден учесник;

20.Работилница за управување со човечки ресурси, 27 мај 2013 година, Собрание на РМ - шест учесници;

***Јуни***

21.ЕЦПРД семинар на тема "Нови фискални рамки", 20 и 21 јуни 2013 г. Виена, Австрија - еден учесник;

22.Семинар за управување на истражувањата, тродневна програма за ориентација 21 - 24 јуни 2013 г. (предавачи: Бил Робинсон и Францис Мико, поранешни вработени во Истражувачката служба на Конгресот на САД (CRS)) - четири учесници;

23.Регионална работилница на Парламентарните комисии за економија и финансии на земјите од Западен Балкан на тема "Политика на конкурентност на земјите од Западен балкан" во организација на Вестминстер Фондацијата за Демократија, 1 и 2 јуни 2013 година во Бечиќи, Црна Гора - еден учесник.

***Јули***

24.Обука на тема "Вовед во политиките на ЕУ и ИПА", во организација на Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Македонија, 25 и 26 јули 2013 година, Центар за обуки на Секретаријатот за европски прашања, Скопје - седум учесници.

***Септември***

25.Генеричка обука во организација на Министерството за информатичко општество и администрација на тема: "Системот на јавната администрација и државна служба во Република Македонија", 2 и 3 септември 2013 година во просториите на Дом на АРМ, Скопје - еден учесник;
26.Стажирање во Европскиот парламент во рамките на Програмата за стажирање на службеници од парламентите на земјите од Западен Балкан и Република Турција, 2 септември до 11 октомври 2013, г. во Брисел и Стразбур - еден учесник;
27.Прв тематски семинар спроведен од експерти од Европскиот Колеџ-Бриж, на тема "Западен Балкан и ЕУ интеграцијата-актери, стратегии и предизвици, во рамките на Програмата на Меѓународната организација на Франкофонијата Зајакнување на капацитети за работа преку изучување на францускиот јазик за државни службеници и дипломати надлежни за европски и мултилатерални прашања", 11-13 септември 2013 година во Министерството за надворешни работи, Скопје - тројца учесници;
28.Семинар на тема "Отворен парламент: транспарентност на парламентарните активности", 23-24 септември 2013, Собрание на Република Македонија, Скопје -15 учесници;
29.Семинар на ЕЦПРД на тема "Модерните технологии за поддршка на парламентарните активности-традиции и предизвици", 19-21 септември 2013, Санкт Петерсбург, Руска Федерација - двајца учесници;
30.Генеричка обука во организација на Министерство за информатичко општество и администрација на тема: "Управување со буџет и финансии", 26 септември 2013 година во просториите на Дом на АРМ, Скопје - еден учесник;
31.Студиска посета на Конгресот на САД и на Генералното собрание на Мериленд, 22-27 септември 2013 година, Вашингтон, САД во организација на НДИ - еден учесник;

***Октомври***

32.Обука за вработените во парламентарниот институт Модул 1 "Процедури за правата на корисниците, правила за користење на материјали, водич за корисници", 2-4 октомври 2013, Скопје - 23 учесници;
33.Тематска работилница организирана од Меѓународната организација на франкофонијата и Францускиот институт во Скопје во рамките на програмата за изучување на францускиот јазик на тема: "Состанок на работна група", 4 октомври 2013 година во просториите на Францускиот институт во Скопје - тројца учесници;
34.Обука за вработените во парламентарниот институт *на* тема "Стратешко планирање за Парламентарниот институт", 16-17 октомври 2013, Скопје - 23 учесници;
35.Годишна конференција на ЕЦПРД кореспонденти, 17-19 октомври 2013 година, Варшава - еден учесник;
36.Обука за вработените во парламентарниот институт *Модул 2:* „Библиотечни услуги" и *Модул 5:* "Истражувачки методи, ЕЦПРД и EUR-LEX" - 22-25 октомври 2013, Скопје - 23 учесници;
37.Задолжителна внатрешна обука за државните службеници во Службата на Собранието на Република Македонија на тема: „Електронски систем за микроучење", октомври 2013 година - 163 учесници;
38.Нови медуми и комуникација, 22 октомври 2013, Скопје - тројца учесници;

***Ноември***

39.Краток стаж во Националната школа за администрација (ENA) во Париз со наслов "Комуникација и дипломатија" која се реализира на француски јазик од 25 ноември до 6 декември 2013 година - еден учесник;
40.Втор тематски семинар на тема "Преговарање во контекст на пристапувањето кон Европската унија" од 19 до 21 ноември 2013 година во Министерството за надворешни работи во соработка со Европскиот институт за јавна администрација од Мастрихт-ЕИПА, во рамките на Програмата на Меѓународната организација на Франкофонијата "Зајакнување на капацитети за работа преку изучување на францускиот

јазик за државни службеници и дипломати надлежни за европски и мултилатерални прашања", за чија реализација е одговорно Министерството за информатичко општество и администрација - двајца учесници;

41.Студиска посета во Парламентарниот институт на Братислава и Прага, со фокус на активностите во областа на едукација, архивирање, библиотека и комуникација, 11-15 ноември 2013 година, на тема:Архивирање, библиотека, едукација и комуникација -12 учесници;

42.Студиска посета во Парламентарниот институт на Братислава и Прага, со фокус на истражување, на тема: истражување и анализи, 18 - 22 ноември 2013 - 14 учесници;

43.Семинар на тема "Економската криза и влијанието на политиките на Европската Унија врз земјите во процесот на проширување" во организација на Европскиот парламент, 25 и 26 ноември 2013 година во Брисел, Кралството Белгија - двајца учесници;

44.ЕЦПРД: Семинар "Сподели искуства и решенија за парламент заснован на ИКТ", 28-29 ноември 2013, Баку - еден учесник;

***Декември***

45.Генеричка обука на тема "Административно работење", 2 декември 2013 година, Дом на АРМ, Скопје - двајца учесници;

46.Посета на Парламентарната библиотека во Тирана, Албанија, 5-6 декември 2013 година - двајца учесници;

47.Обука за вработените во Одделението за истражувачка библиотека и законодавна архива Модул 3: "Архиви, процес на архивирање", 10-12 декември 2013 година, Скопје - пет учесници;

48.Воведен семинар за реформите во безбедносниот сектор со DCAF (Центар за безбедност, развој и владеење на правото), 12 декември 2013 година, Скопје - 12 учесници;

49.Генеричка обука на тема "Вовед во Е-влада ", 16 декември 2013 година, Дом на АРМ, Скопје -1 учесник;

50.Генеричка обука-дводневната работилница на тема "Обука за изготвување на закони-1", 17 и 18 декември 2013 година, Дом на Арм, Скопје - еден учесник;

51.Генеричка обука-дводневната работилница на тема: "Основи на Европската унија", 19 и 20 декември 2013 година, Дом на Арм, Скопје - еден учесник;

52.Семинар за вработените во Парламентарниот институт "Пишување на правилен македонски јазик" со проф. др. Симон Саздов, раководител на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици, Филолошки факултет "Блаже Конески", Универзитет Кирил и Методиј, 19 декември 2013 година - 23 учесници;

53.Обука на тема "Управување со проектен циклус", во организација на Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Македонија, 16 и 17 декември 2013 година, Клуб на пратеници - Скопје - двајца учесници;

54.Презентација на тема "Споделување на досегашното искуство од користењето на твининзите и националните процедури за спроведување на истите", во организација на Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Македонија, 20 декември 2013 година, Конференциската сала на СЕП-Скопје - пет учесници;

55.Обука на тема: "Управување со проектен циклус", во организација на Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Македонија, 23 и 24 декември 2013 година, Скопје - шест учесници;

***Странски јазици***

- ✓ Часови по француски јазик во рамки на Националниот план за обука за 2013 година на МИОА-Програма на Меѓународната организација на Франкофонијата "Зајакнување на капацитети за работа преку изучување на францускиот јазик за државни службеници и дипломати надлежни за европски и мултилатерални прашања"- 11 учесници;
- ✓ Часови по германски јазик, финансиски поддржан од ГЕТЕ Институт - шест учесници.

## 11.1.3 Парламентарен институт

**1. Податоци за вработените во Парламентарниот институт заклучно со 31.12.2013 година**

Табела 1. Преглед на вработени во Парламентарниот институт

| Назив на секторот | Вкупен број на вработени во секторот | Државни службеници | | | Работници кои не се државни службеници |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Раководни | Стручни | Стручно - административни | |
| Државен советник - раководител на Посебната организациона единица - Парламентарен институт | 1 | 1 | / | / | / |
| Сектор за општи анализи, истражувања и евроинтеграции | 13 | 3 | 10 | / | / |
| Сектор за едукација и комуникација/истражувачка библиотека и законодавна архива | 11 | 3 | 8 | / | / |
| Вкупно: | 25 | 7 | 18 | / | / |

**2. Податоци за реализираните обуки, студиски посети и семинари на вработените во Парламентарниот институт**

а) Студиски посети и обуки реализирани со поддршка на НДИ Македонија:

- Студиска посета на Полскиот Сејм (10 - 14 јуни 2013 година) - тројца државни службеници;
- Студиска посета на Конгресот на Соединетите Американски Држави (22 - 28 септември 2013 година) - еден државен службеник;
- Студиска посета на библиотеката, архивата и истражувачката служба во Парламентарните институти при парламентите на Чешката и на Словачката Република (10 - 16 ноември 2013 година) - 11 државни службеници;
- Студиска посета на парламентарните институти при парламентите на Чешката и на Словачката Република (17 - 23 ноември 2013 година) - 12 државни службеници;
- Студиска посета на Парламентот на Република Албанија - Организација и управување со библиотеката (5 - 6 декември 2013 година) - двајца државни службеници;
- Обука за менаџирање со истражувањата во Парламентарниот институт (21 - 24 јуни 2013 година, Гевгелија) - тројца државни службеници;
- Обука за стандардите на индексирање за парламентарни библиотеки и Евровок (EuroVoc) (10 мај 2013 година, Скопје) - тројца државни службеници;

- Обука за библиотеката и истражувачката служба на Парламентот на Репубика Ирска (3 - 4 октомври 2013 година, Скопје) - 16 државни службеници;

- Обука за стратешко планирање (16 и 17 октомври 2013 година, Скопје) - 16 државни службеници;

- Обука за парламентарниот надзор над ИПА средствата (29 - 30 ноември 2013 година, Скопје) - шест државни службеници;

- Воведна обука за реформа на секторот за обезбедување и управување (12 декември 2013 година Скопје) - 15 државни службеници;

- Обука за управување со парламентарната архива (10 - 13 декември 2013 година, Скопје) - пет државни службеници и

- Обука за вештини за пишување (19 декември 2013 година, Скопје) - 25 државни службеници.

б) Обуки реализирани преку Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Македонија:

- „Вовед во политиките на ЕУ и ИПА" (25 - 26 јули 2013 година, Скопје) - осум државни службеници;

- „Управување со проектен циклус" (16 - 17 декември 2013 година, Скопје) - двајца државни службеници и

- „Управување со проектен циклус" (23 - 24 декември 2013 година, Скопје) - четири државни службеници

в) ЕЦПРД семинари:

- „Процедури и практики за дебатирање и одобрување на долгорочните национални стратегии во парламентите" (30 - 31 мај 2013 година, Талин, Естонија) - еден државен службеник;

- „Парламентарните библиотеки и архиви и нивната улога во зачувувањето и конзервацијата на историското и културното наследство на нивните земји" (31 мај - 1 јуни 2013 година, Париз, Франција) - еден државен службеник;

- „Новите фискални рамки" (20 и 21 јуни 2013 година, Виена, Австрија) - еден државен службеник;

- „Модерни технологии за поддршка на парламентарните активности - традиции и предизвици"(19 - 21 септември 2013 година, Санкт Петерсбург, Русија) - еден државен службеник и

- „Искуства и практики за ИКТ базиран парламент" (28 - 29 ноември 2013 година, Баку, Азербејџан) - еден државен службеник.

## 11.2 Програма за волонтирање

Имајќи го предвид интересот и потребите на младите луѓе за нивно активно вклучување во институциите на системот, за стекнување на дополнителни знаења и вештини како и запознавање со процесот на работа, Собранието на Република Македонија утврди потреба за ангажирање на волонтери - студенти од различни високообразовни инстутуции во завршна година на студирање.

Врз основа на членот 6 став 2 од Законот за волонтерство ("Службен весник на Република Македонија" број 85/07 и 161/08), а во врска со членот 64 став 5 од Деловникот на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 91/08, 119/10 и 23/13), Генералниот секретар на Собранието на Република Македонија на 11 јуни 2013 година донесе Програма за волонтирање во Собранието на Република Македонија за 2013 година.

Преку организирањето на волонтерската работа, Собранието на Република Македонија имаше за цел на заинтересираните физички лица за волонтирање, да им обезбеди можност на доброволна основа да ги дадат своите лични услуги, стекнати знаења и вештини во интерес на работниот процес и активностите на институцијата.

Собранието на Република Македонија, врз основа на Законот за волонтерство и членот 5 од Програмата за волонтирање во Собранието на Република Македонија за 2013 година, на 13 јуни 2013 година во два дневни весници објави Јавен повик за ангажирање на волонтери во Собранието на Република Македонија. Исто така јавниот повик беше објавен и на интернет страницата на Собранието на Република Македонија.

Постапката за избор на волонтерите беше спроведена од комисија составена од три члена од редот на државните службеници од Службата на Собранието, формирана со решение донесено од страна на генералниот секретар на Собранието.

За период од три месеци (јули-септември 2013), во различни организациони единици на Стручната служба на Собранието на Република Македонија беа ангажирани тринаесет волонтери.

## 11.3. Податоци од стручно-административен карактер

### Преведување

*Писмен превод од македонски на албански и од албански на македонски јазик*




*Устен превод од македонски на албански и од албански на македонски јазик*



*Преглед на заведени акти во Деловодникот на Писарницата и Архивата*




*Преглед на испратени и примени акти и пратки од Писарницата и Архивата*



*Изготвени стенограми во дактилобиро*




*Експедирани материјали*



### *ИЗМНОЖЕНИ МАТЕРИЈАЛИ*

**Вкупно измножени: А4 формат: 270.2591копии**
**А3 формат: 464.100 копии**
**А4 формат печатени: 599.287 копии**



# 12.ПРИЛОЗИ

# Прилог 1

## Преглед на одржани седници

| Реден број | Седница на Собранието на Република Македонија | дата | Одржана на | |
|---|---|---|---|---|
| | | | ден | час (од - до) |
| 1. | Четириесет и петта седница | 11.04.2013 | -четврток | 12,20-12,40 |
| 2. | Четириесет и седма седница | 11.04.2013 | -четврток | 12,40-12,45 |
| 3. | Педесет и втора седница | 21.01.2013<br>22.01.2013<br>23.01.2013<br>24.01.2013<br>11.04.2013<br>10.12.2013 | -понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-четврток<br>-четврток<br>-вторник | 11,30-17,50<br>12,15-18,20<br>12,30-18,15<br>12,25-17,25<br>12,45-12,50<br>11,25-11,30 |
| 4. | Педесет и трета седница | 31.01.2013 | -четврток | 11,55-17,25 |
| 5. | Педесет и четврта седница | 11.02.2013<br>12.02.2013<br>13.02.2013 | -понеделник<br>-вторник<br>-среда | 12,10-18,00<br>12,10-18,00<br>12,10-16,40 |
| 6. | Педесет и петта седница | 18.02.2013<br>19.02.2013<br>20.02.2013<br>11.04.2013<br>23.09.2013 | -понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-четврток<br>-понеделник | 12,05-17,50<br>12,25-18,00<br>11,45-12,35<br>12,50-12,55<br>11,20-11,25 |
| 7. | Педесет и шеста седница | 26.02.2013 | -вторник | 15,10-18,50 |
| 8. | Педесет и седма седница | 02.03.2013 | -сабота | 16,10-18,40 |
| 9. | Педесет и осма седница | 10.04.2013 | -среда | 11,15-13,30 |
| 10. | Педесет и деветта седница | 18.04.2013 | -четврток | 14,15-14,30 |
| 11. | Шеесетта седница | 13.05.2013<br>14.05.2013<br>16.05.2013 | -понеделник<br>-вторник<br>-четврток | 11,35-17,45<br>12,15-17,30<br>12,10-12,50 |
| 12. | Шеесет и прва седница п*п* | 30.05.2013 | -четврток | 11,50-17,35 |
| 13. | Шеесет и втора седница | 29.05.2013<br>31.05.2013<br>10.06.2013 | -среда<br>-петок<br>-понеделник | 11,20-17,50<br>13,20-16,00<br>11,25-15,50 |
| 14. | Шеесет и трета седница | 11.06.2013 | -вторник | 11,20-12,00 |
| 15. | Шеесет и четврта седница | 28.06.2013 | -петок | 11,55-17,55 |
| 16. | Шеесет и петта седница | 26.06.2013<br>01.07.2013 | -среда<br>-понеделник | 11,25-16,25<br>11,25-12,00 |
| 17. | Шеесет и шеста | 22.07.2013<br>23.07.2013 | -понеделник<br>-вторник | 11,25-18,00<br>12,20-17,15 |
| 18. | Шеесет и седма | 10.07.2013 | -среда | 11,25-13,35 |
| 19. | Шеесет и осма | 25.07.2013 | -четврток | 11,20-17,15 |
| 20. | Шеесет и деветта | 26.08.2013<br>27.08.2013<br>23.09.2013 | -понеделник<br>-вторник<br>-понеделник | 11,30-18,10<br>12,20-20,10<br>11,30-11,35 |
| 21. | Седумдесетта | 04.09.2013 | -среда | 11,20-11,50 |
| 22. | Седумдесет и прва п*п* | 19.09.2013 | -четврток | 11,45-17,45 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **23.** | Седумдесет и втора | 23.09.2013<br>24.09.2013<br>25.09.2013<br>26.09.2013<br>30.09.2013<br>01.10.2013<br>02.10.2013<br>03.10.2013<br>25.12.2013 | -понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-четврток<br>-понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-четврток<br>-среда | 11,30-19,05<br>11,25-18,15<br>12,05-17,50<br>11,30-19,30<br>11,20-18,55<br>11,15-18,05<br>11,25-18,15<br>11,20-18,30<br>11,05-19,50 |
| **24.** | Седумдесет и трета | 25.09.2013 | -среда | 11,15-11,25 |
| **25.** | Седумдесет и четврта | 21.10.2013<br>22.10.2013<br>24.10.2013<br>25.10.2013<br>07.11.2013<br>08.11.2013<br>11.11.2013<br>12.11.2013<br>10.12.2013<br>11.12.2013<br>20.12.2013 | -понеделник<br>-вторник<br>-четврток<br>-петок<br>-четврток<br>-петок<br>-понеделник<br>-вторник<br>-вторник<br>-среда<br>-петок | 11,20-19,15<br>11,05-18,25<br>11,10-19,15<br>11,10-18,45<br>11,50-20,00<br>11,05-19,00<br>11,30-17,45<br>11,35-17,30<br>11,35-18,00<br>11,20-16,10<br>15,35-15,50 |
| **26.** | Седумдесет и петта | 30.10.2013<br>01.11.2013<br>04.11.2013<br>05.11.2013<br>06.11.2013 | -среда<br>-петок<br>-понеделник<br>-вторник<br>-среда | 12,40-19,30<br>11,35-19,10<br>11,30-19,05<br>11,15-18,35<br>11,10-17,55 |
| **27.** | Седумдесет и шеста п*п* | 31.10.2013 | -четврток | 11,50-18,40 |
| **28.** | Седумдесет и седма | 21.11.2013<br>02.12.2013<br>03.12.2013<br>04.12.2013<br>05.12.2013<br>06.12.2013<br>30.12.2013 | -четврток<br>-понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-четврток<br>-петок<br>-понеделник | 11,00-17,50<br>11,25-19,20<br>11,30-18,10<br>11,25-19,15<br>12,25-19,30<br>11,20-23,10<br>11,35-11,45 |
| **29.** | Седумдесет и осма п*п* | 28.11.2013 | -четврток | 11,50-15,40 |
| **30.** | Седумдесет и деветта | 23.12.2013 | -понеделник | 12,20-12,55 |
| **31.** | Осумдесетта | 16.12.2013<br>17.12.2013<br>18.12.2013<br>19.12.2013<br>20.12.2013<br><br>23.12.2013<br>24.12.2013<br>27.12.2013<br>30.12.2013 | -понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-четврток<br>-петок<br><br>-понеделник<br>-среда<br>-петок<br>-понеделник | 11,30-22,05<br>11,20-18,45<br>11,10-18,40<br>11,10-18,50<br>11,25-15,30 и<br>15,50-19,25<br>13,20-20,10<br>12,10-18,45<br>11,25-18,45<br>11,45-13,55 |
| **32.** | Осумдесет и прва п*п* | 26.12.2013 | -четврток | 11,50-18,15 |

# Прилог 2

## Усвоени дневни редови на седниците

**Четириесет и петта**[2] **29.10.2012 (понеделник)**

26. Предлог на закон за изменување на Законот за судовите - II читање;
42.Информација за интензивирање на процесот на иселување од Република Македонија заради погубните политики на Владата на Груевски;
43.Барање за давање на автентично толкување на член 969 од Законот за облигациони односи;
44.Барање за давање на автентично толкување на член 10 став 1 од Законот за државните награди;
45.Барање за давање на автентично толкување на член 71 став 5 од Изборниот законик;
46.Барање за давање на автентично толкување на член 34 став 4 од Законот за енергетика;
47.Барање за давање на автентично толкување на член 186 од Законот за издавање и тргување со хартии од вредност.

**Четириесет и седма седница** **02.12.2012 (понеделник)**

38. Предлог на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик -читање;
39.Предлог на закон за дополнување на Кривичниот законик - I читање;
40.Предлог на закон за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизација на претпријатијата со општествена и државна сопственост- I читање.

**Педесет и втора седница** **21.01.2013 (понеделник)**

1. Предлог за именување заменик на министерот кој раководи со Министерството за економија;
2. Предлог за именување на јавен обвинител на Република Македонија;
3. Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентите на други држави и избор на претседатели и членови на пратеничките групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентите на други држави;
4. Предлог на одлука за избор на член на Државниот совет за превенција на малолетничко престапништво;
5. Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда "23 Октомври";
6. Предлог на одлука за разрешување на член на Државната комисија за спречување на корупцијата;
7. Оставки на Благоја Гешоски и Јанаќе Витановски на функцијата член на Комисијата за верификација на фактите;
8. Предлог на закон за ратификација на Договорот за економска и техничка соработка во областа на инфраструктурата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина;
9. Предлог на закон за ратификација на Амандманот на Статутот на Меѓународната финансиска корпорација;
10. Предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Република Србија за правна помош во граѓански и кривични предмети;

[2] четириесет и петтата и четириесет и седмата седница се седници од 2012 година

11. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на природата - II читање;
12. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност - II читање;
13. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за странците - II читање;
14. Предлог на закон за дополнување на Законот за матичната евиденција - II читање;
15. Предлог на закон за изменување на Законот за постапување по претставки и предлози - II читање;
16. Предлог на закон за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија - II читање;
17. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај - II читање;
18. Предлог на закон за автокампови - II читање;
19. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за агенциите за привремени вработувања - II читање;
20. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи - II читање;
21. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување - II читање;
22. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување - II читање;
23. Предлог на закон за медицинските студии и континуираното стручно усовршување на докторите на медицината, по скратена постапка;
24. Предлог на закон за изменување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка;
25. Предлог на закон за изменување на Законот за јавните набавки, по скратена постапка;
26. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, по скратена постапка;
27. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование, по скратена постапка;
28. Предлог на закон за студентскиот стандард, по скратена постапка;
29. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ученичкиот стандард, по скратена постапка;
30. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државните службеници, по скратена постапка;
31. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните службеници, по скратена постапка;
32. Предлог на закон за изменување на Законот за социјалната заштита, по скратена постапка;
33. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка;
34. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој, по скратена постапка;
35. Предлог на закон за дополнување на Законот за внатрешната пловидба, по скратена постапка;
36. Предлог на закон за дополнување на Законот за Владата на Република Македонија, по скратена постапка;
37. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за надворешни работи - I читање;
38. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации - I читање;
39. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за стандардизација - I читање;
40. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за водите - I читање;

41. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за виното - I читање;
42. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за сточарството - I читање;
43. Предлог на закон за земјоделски задруги - I читање;
44. Предлог на закон за договорите за превоз во патниот сообраќај - I читање;
45. Предлог на закон за изменување на Законот за инвалидски организации - I читање;
46. Предлог на закон за заштита на децата - I читање;
47. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност и здравје при работа - I читање;
48. Предлог на закон за изменување на Законот за културата - I читање;
49. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство- I читање;
50. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавен долг - I читање;
51. Предлог на закон за дополнување на Кривичниот законик - I читање;
52. Предлог на закон за партиски истражувачко-аналитички центри - I читање;
53. Предлог на закон за дополнување на Законот за политичките партии - I читање;
54. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии - I читање;
55. Предлог на национална стратегија за развој на културата за периодот 2013-2017 година;
56. Годишна програма за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2013 година;
57. Барање за давање автентично толкување на член 6 став 1 точка 6 од Законот за персонален данок на доход, поднесено од пратеникот Цветанка Иванова;
58. Барање за давање автентично толкување на член 21 од Законот за ловство, поднесено од пратеникот Миле Андонов;
59. Барање за давање автентично толкување на член 64 став 2 од Законот за високото образование, поднесено од пратеникот Голупчо Ангелов;
60. Барање за давање автентично толкување на член 1 од Законот за изменување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, поднесено од пратеникот Оливер Спасовски.

**Педесет и трета седница 31.01.2013 (четврток)**

На оваа седница на Собранието на Република Македонија ќе бидат поставувани пратенички прашања.

**Педесет и четврта седница 11.02.2013 (понеделник)**

1. Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија;
2. Предлог на одлука за огласување именување на член на Државната комисија за спречување на корупцијата;
3. Предлог за избор на претседател и комисионери (членови) на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија;
4. Предлог за именување на член на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурувањето;
5. Предлог за именување претседател и членови на Советот за експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување;
6. Предлог за утврдување престанок на мандат на член на Советот на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија;
7. Предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Република Србија за меѓусебно извршување на судските одлуки во кривичните предмети;
8. Предлог на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Босна и Херцеговина за соработка во областа на здравството и медицинските науки;

9. Предлог на закон за ратификација на Договорот за Централноевропската програма за размена на универзитетски студии ("CEEPUS III");
10. Предлог на закон за договорите за превоз во патниот сообраќај - II читање;
11. Дополнет предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај - II читање;
12. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации - II читање;
13. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за водите - II читање;
14. Дополнет предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за виното - II читање;
15. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за сточарството - II читање;
16. Предлог на закон за земјоделски задруги - II читање;
17. Предлог на закон за изменување на Законот за културата - II читање;
18. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство- II читање;
19. Предлог на закон за заштита на децата - II читање;
20. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност и здравје при работа - II читање;
21. Предлог на закон за изменување на Законот за инвалидски организации - II читање;
22. Дополнет предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за стандардизација - II читање;
23. Дополнет предлог на закон за партиски истражувачко-аналитички центри - II читање;
24. Предлог на закон за дополнување на Законот за политичките партии - II читање;
25. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии - II читање;
26. Предлог на деловник за изменување и дополнување на Деловникот на Собранието на Република Македонија, по скратена постапка;
27. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за субвенционирање на стамбен кредит, по скратена постапка;
28. Предлог на закон за дополнување на Законот за експропријација, по скратена постапка;
29. Предлог на закон за мирување и отпишување на обврски по основ на придонеси за задолжително здравствено осигурување кои настанале до крајот на 2008 година, по скратена постапка;
